UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# 2021

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ*

АПРИЛ 2022



United Nations

UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

## БЛАГОДАРНОСТ

Овој документ е изработен од Канцеларијата на Постојаната координаторка на ОН во Северна Македонија, во име на тимот на ОН во Северна Македонија. Канцеларијата на Постојаната координаторка на ОН изразува благодарност за придонесот на сите засегнати страни при изработката на овој документ.

Документот е достапен на интернет страницата на ОН во Северна Македонија на **northmacedonia.un.org**.

За дополнителни информации, контактирајте не на: **rc-northmacedonia@un.org**

Насловна фотографија: КОВИД-19 и влијанието на семејствата. ©UNICEF/2022/Георгиев.

Употребените ознаки и претставениот материјал во оваа публикација не претставуваат на ниеден начин искажано мислење од страна на Секретаријатот на Обединетите нации за правниот статус на било која земја, територија, град или област или нивните власти, или во врска со поставените граници.

Финансиските податоци се провизорни и може да бидат различни според последните достапни финансиски извештаи на организациите кои се објавуваат подоцна во годината.

# Содржина


**ПРЕДГОВОР** ..... 4

**ТИМОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ВО 2021** ..... 5

**КЛУЧНИ ПАРТНЕРИ ЗА РАЗВОЈ НА ОН** ..... 6

**РЕГИОНАЛЕН И ЛОКАЛЕН КОНТЕКСТ** ..... 7

**ПОДДРШКА ОД СИСТЕМОТ ЗА РАЗВОЈ НА ОН КОН НАЦИОНАЛНИТЕ РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ** ..... 9

**2021 РЕЗУЛТАТИ*** ..... 13

- РЕЗУЛТАТ 1: ИНКЛУЗИВНА БЛАГОСОСТОЈБА ..... 13
- РЕЗУЛТАТ 2: КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ ЗА СИТЕ ..... 16
- РЕЗУЛТАТ 3: ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА ..... 19
- РЕЗУЛТАТ 4: ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ ..... 22

**ФИНАНСИРАЊЕ И ПАРТНЕРСТВА ЗА ЦОР** ..... 25

**КОХЕРЕНТНОСТ, ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА ОН** ..... 26

**ОЦЕНКА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ** ..... 28

**ФИНАНСИИ И МОБИЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВА** ..... 29

**ОН ВО 2022** ..... 31

**АНЕКСИ** ..... 32


** За детални резултати; види Додаток на извештајот*

# Предговор

*„Човештвото се соочува со тежок и неодложен избор: распаѓање или напредок. Изборот што го правиме – или не успеваме да го направиме денеска, би можело да резултира со понатамошно распаѓање и иднина со постојани кризи, или напредок кон подобра, поодржлива, и мирна иднина за нашите народи и планета.“ Антонио Гутереш, Генерален секретар на Обединетите нации*





Во 2021 година, и светот и Северна Македонија почнаа да се справуваат со КОВИД-19 преку вакцинација, економско заздравување и враќање на наставата со физичко присуство. Вработеноста се зголеми, особено за жените, кои најмногу страдаа за време на пандемијата, но помалку за младите, што и понатаму предизвикува загриженост. И покрај одложувањата на процесот на пристапување во Европската унија (ЕУ), посветеноста на земјата кон спроведувањето на реформите и приоритетите на ЕУ остана бескомпромисна.

На ниво на политики беше постигнат значителен напредок во однос на климатските промени и управувањето со природните ресурси, како и во однос на унапредувањето на правниот статус на ранливите групи, вклучувајќи ги жените, лицата со попреченост и мигрантите. И покрај предизвиците, земјата го спроведе долгоочекуваниот попис и го иницираше процесот на формулирање на првата досега национална визија за развој, коишто се клучни за унапредување на креирањето на политиките и спроведувањето на Агендата 2030.

2021 година беше првата година од имплементацијата на новата програма, односно, Рамката за соработка за одржлив развој 2021-2025 година (РСОР). Напорите за постигнување на Целите за одржлив развој (ЦОР) продолжија, како и спроведувањето на реформата на системот за развој на ОН. Продолживме да покажуваме дека заедничката работа води до подобри и поодржливи резултати, ја зголемува ефикасноста и ги елиминира преклопувањата на активностите.

Заедничкиот работен план за 2021 година беше првиот од новата Рамка, изработен заедно со повеќе од 70 партнери на ОН и Владата. Во заедничкото спроведување беа ангажирани целото македонско општество и меѓународните партнери. Го споделивме знаењето за заедничко разбирање на Агендата 2030 со студентите, бизнис заедницата, државните службеници, пратениците и други. Со великодушна поддршка на донаторите, работевме заедно на унапредување на одржливиот развој и реформите за ЕУ и зајакнување на локалниот и регионалниот развој. Ги здруживме напорите со медиумите и партнерите за да ги засилиме важните пораки за климатските промени, родовото насилство и точното известување засновано на факти.

Заедно со националните и меѓународните финансиски институции промовиравме иновативни начини и инструменти на финансирање коишто се веќе рационализирани во политиките на Владата. Идентификувавме поборници меѓу бизнисите за инкорпорирање на стандарди за добро еколошко, општествено и корпоративно управување во приватниот сектор.

Низ сите области, ги поддржавме иновациите и дигитализацијата, за да се подобри пристапот до квалитетни работни места, да се зајакне конкурентноста на економијата, да се подобрат услугите за граѓаните и да се зајакне нивната способност да ги користат.

Заедничкото дејствување продолжи во форма на заеднички програми на ОН – за миграциска политика и квалитетни податоци, за одговор на здравствената криза предизвикана од КОВИД-19 во оддалечените области и за унапредување на правата на лицата со попреченост –многу голем број на активности се во тек, вклучително и преку иновативни пристапи во областите на животната средина и енергијата.

На почетокот на годината се појавија нови предизвици кои влијаат на животниот стандард во земјата и регионот. Зголемувањето на цените на енергијата и негативните ефекти од регионалната политичка криза со длабоко влијание врз мирот, стабилноста и социо-економскиот развој ќе се чувствуваат со години. Ранливостите и ризиците се во пораст.

За нашата заедничка работа, да се обезбеди никој да не биде изоставен ќе биде важно како никогаш досега. Заштитата на вредностите и принципите на ОН коишто и понатаму се на тест, ќе биде клучно за надминување на кризите и за нашите заеднички напори.

Северна Македонија, како силен поддржувач на мултилатералната акција, и Обединетите нации, еден од клучните партнери за развој на земјата, ќе го продолжат своето тесно партнерство кон одржлив развој и подобрување на условите за живот на луѓето во земјата и регионот.

**Росана Дуѕак**

Постојан координатор на ОН

**Бујар Османи**

Министер за надворешни работи на Северна Македонија

# Тимот на Обединетите нации во земјата во 2021 година

Обединетите нации (ОН) во Северна Македонија во 2021 година беа застапени преку 22 агенции коишто беа ангажирани во оперативни активности за развој во земјата. Тие работат заедно преку тимот на Обединетите нации за земјата (УНЦТ), како највисок механизам во земјата за меѓуагенциска координација и донесување одлуки, раководен од Постојаниот координатор на ОН (ПК) – назначен претставник на Генералниот секретар на ОН за развојни активности во земјата.

Работата на ОН во Северна Македонија е усогласена со националните развојни и стратешки приоритети на земјата, меѓународните обврски за човекови права и родова еднаквост, како и со заложбите за постигнување на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој (ЦОР).

Стратешките приоритети на ОН се јасно дефинирани во заедничката Рамка за соработка за одржлив развој 2021–2025 година (РСОР), клучен стратешки документ по којшто се предводи работата за петгодишниот период договорен од страна на Владата и ОН во 2020 година.

Поддршката на ОН се обезбедува преку техничка помош, развој на капацитетите, партнерства и средства, социјална мобилизација, посредување со знаење, и пилотирање и проширување на иновациите.

Во 2021 година, која ја одбележа првата година од имплементацијата на петгодишната стратегија, 17 агенции на ОН имаа канцеларии и вработени во Северна Македонија – или преку самостојна канцеларија со претставништво, персонал за проекти или капацитет вграден во Канцеларијата на постојаниот координатор (КПК). Четири агенции ги спроведуваат своите активности целосно од далечина.

Тимот на ОН во Северна Македонија во 2021 година беше составен од повеќе од 250 домашни и меѓународни стручни лица и помошен кадар со седиште во земјата. Тие беа поддржани од експерти и вработените од регионалните и централните канцеларии на ОН низ целиот свет.

**24**

**агенции на ОН ангажирани во оперативни активности за развој во Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| ФАО | Организација на Обединетите нации за храна и земјоделство |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| _МУТ_ | _Меѓународна унија за телекомуникации_* |
| _ММФ_ | _Меѓународен монетарен фонд_ |
| ИОМ | Меѓународна организација за миграција |
| ОХЦХР | Канцеларија на Високиот комесар на Обединетите нации за човекови права |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |
| УНДРР | Канцеларија на Обединетите нации за намалување на ризици од катастрофи * |
| UN-Habitat | Програма на Обединетите нации за човечки населби* |
| _УНДСС_ | _Канцеларија на Обединетите нации за безбедност и обезбедување_ |
| УНЕЦЕ | Економска комисија на Обединетите нации за Европа * |
| УНЕП | Програма на Обединетите нации за животна средина |
| УНЕСКО | Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура * |
| УНФПА | Фонд за население на Обединетите нации |
| УНХЦР | Висок комесар на Обединетите нации за бегалци |
| УНИЦЕФ | Фонд за деца на Обединетите нации |
| УНИДО | Организација на Обединетите нации за индустриски развој |
| УНОДЦ | Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал |
| УНОПС | Канцеларија на Обединетите нации за проектни услуги |
| _УНВ_ | _United Nations Volunteers_ * |
| _ОН КПК_ | _Канцеларија на Постојаниот координатор на Обединетите нации_ |
| UN Women | Организација на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените |
| _СБ_ | _Светска банка_ |
| СЗО | Светска здравствена организација |

* нема физичко присуство  _не е потписник на РСОР_

# Клучни партнери за развој на ОН

Во текот на 2021 година, ОН соработуваа со над 130 партнери – национални и локални влади, граѓанско општество, меѓународни партнери, приватен сектор, академска заедница и сите други засегнати страни – за да се обезбеди релевантност и влијание на дејствувањето за луѓето во Северна Македонија. Во анексот е дадена детална листа на чинители со кои ОН соработуваше во 2021 година.

**Партнери кои финансиски ги поддржаа активностите на ОН во Северна Македонија во 2021 година***
*Придонеси пресметани врз основа на ефективните расходи заклучно со 31 март 2022 година, за периодот 1 јануари - 31 декември 2021 година, во милиони американски долари*




* Поддржувачи на заеднички, вертикални и тематски фондови што ги поддржуваат активностите на ОН во Северна Македонија во 2021, по азбучен ред.

# Регионален и локален контекст

Во текот на 2021 год., пандемијата предизвикана од КОВИД-19 продолжи ѝ понатаму да ги исцрпува институционалните капацитети и финансиски средства, со силни ефекти врз јавното здравство, но и врз заздравувањето на економијата. Континуираното одложување на почетокот на преговорите за пристапување кон Европската унија (ЕУ) беа разочарувачки и придонесоа за намалување на јавната поддршка за интеграцијата во ЕУ, како во регионот, така и во земјата, иако со разлики низ политичкиот и етничкиот спектар.

И покрај тоа, земјата продолжи да има позитивна улога во регионот, вклучително и преку дијалогот на високо ниво на Преспанскиот форум и иницијативата „Отворен Балкан", чија цел е создавање единствен пазар на стоки, услуги, луѓе и капитал за Албанија, Северна Македонија и Србија. Другите земји од регионот беа охрабрени да се приклучат.

Постигнат е напредок во правните и институционалните реформи и почитувањето на основни права и слободи, но корупцијата во земјата останува предизвик и а индексот за добро владеење (политичка стабилност, владеење на правото и одговорност) остана низок. Земјата ја подобри усогласеноста со клучните меѓународни стандарди и законодавството на ЕУ и го започна процесот на развој на долгорочна визија за одржлив развој преку широки консултации и градење консензус.

Локалните избори во октомври резултираа со значајна предност за опозицијата и предизвикаа оставка на актуелниот премиер. На крајот од годинава беше надградена постоечката коалиција и реконструиран Владиниот кабинет , со очекувани предизвици, како што е интензивирањето на енергетската криза и застојот во процесот на пристапување во ЕУ.

Годината започна со продолжена рецесија поради прелевање на ефектот од рестриктивните мерки низ Европа на крајот на 2020 година, но економијата имаше силен пораст во вториот квартал, следен со умерен раст во втората половина од годината, со процент годишен раст од околу 4%. Владините антикризни мерки и мрежата за социјална сигурност помогнаа да се ублажи влијанието врз најранливите групи и бизниси, меѓутоа значително го зголемија јавниот долг.

Пазарот на труд се стабилизираше во 2021 година, продолжувајќи го трендот на опаѓање на невработеноста, но намалената младинска вработеност (2020-2021) остана загрижувачко прашање. Со последните реформи на пазарот на труд, недела е определена како неработен ден, додека притисоците за зголемување на минималната плата се интензивираа. Зголемената инфлација и енергетската криза на крајот на 2021 година беа меѓу клучните економски предизвици за подобрување на животниот стандард во земјата.

Земјата беше сериозно погодена од пандемијата на КОВИД-19. Последните два брана во 2021 година дополнително го исцрпија капацитетот на здравствениот систем со зафатени до 90 % од болничките кревети. Вакцинацијата започна во февруари 2021 година, со цел да се опфати до 60 % од населението до крајот на 2021 година, но беа вакцинирани само нешто помалку од 50 % од населението.

### Стапки на раст на БДП во Северна Македонија

*2012-2022 годишна стапка на раст*




*2021 квартална стапка на раст*




Извор: Државен завод за статистика, 2022

Најмногу страдаа социјалните сектори – стапката на посетеност во предучилишните установи се намали на 36%, додека децата не беа на училиште 52 седмици. Сепак, образовниот сектор успеа брзо да се префрли на онлајн настава и повторно да воспостави физичко присуство во 2021 година, иако влијанието врз резултатите од учењето и менталното здравје останува дополнително да се утврди. Стапката на вакцинација на децата се намали на помалку од 90 %, додека стапката на смртност кај новороденчињата се зголеми на 4,2 на 1.000 живородени деца. И покрај предизвиците, важните социјални реформи продолжија и во 2021 година.

Реформата на социјалната заштита, надградена со дополнителни мерки, резултираше со поадекватна

### Трендови на пазарот на труд 2012-2021




Извор: Државен завод за статистика, 2022

## Клучни социо-економски индикатори

*Основна година наспроти последна достапна вредност*




Извори: Државен завод за статистика, УНДП, Институт за јавно здравје, Министерство за животна средина, Светска банка

распределба на паричните надоместоци, што придонесе за мало намалување на стапката на сиромаштија на 21,6% во 2019 година, освен за жените над 25 години кај кои се бележи зголемување. Релативната детска сиромаштија се зголеми од 27,8% пред пандемијата на 32,4% минатата година. Над 488.000 луѓе во земјата живеат во сиромаштија. Индексот на човековиот развој е незначително подобрен.

Првиот индекс на повеќедимензионална детска сиромаштија во земјата покажа дека засегнати се 12% од децата на возраст од 5 до 17 години и 9% од децата под 5 години. Ромските деца беа значително поранливи: едно од три ромски деца се соочи со повеќедимензионална сиромаштија во споредба со едно од девет меѓу целокупната популација. Лишеноста од образование, ран детски развој, исхрана, безбедност и љубов и грижа беа меѓу првите пет фактори кои придонесоа за детската сиромаштија, укажувајќи на области каде што е најпотребно подобрување на распределбата на јавните финансии и обезбедувањето на услуги.

Прогласувањето на нов Национален парк Шар Планина, амбициозното ветување на државата за 51% намалување на емисиите на стакленички гасови и најавите за значителни инвестиции во нови капацитети за обновлива енергија беа врвните достигнувања во 2021 година, иако делумно загрозени со предизвикот да се обезбеди доволно снабдување со електрична енергија поради застареното производство во државата претежно засновано на јаглен. Најавени се неколку значителни инвестиции во обновливи извори на енергија – пет нови или проширени ветерни паркови, две соларни електрани и голем дел од интерконекцијата за електрична енергија помеѓу Северна Македонија и Албанија. Областа под заштита е значително зголемена, но потребата за заштита на езерата, особено Преспанското и Охридското, останува критична.

Се бележи позитивен развој во однос на подобрувањето на третманот на отпадните води, но големите градови, вклучувајќи го и Скопје, остануваат непокриени. За цврстиот отпад е постигнат ограничен напредок во периодот 2020-2021 година, освен на ниво на планирање на политиките и најава за постројки за сортирање и преработка на отпад во Источниот и Североисточниот регион.

Остануваат предизвиците во системски пристап за управување со ризикот од катастрофи во земјата, вклучително и преку предвидување и решавање на глобалните предизвици. Во меѓувреме, заживеаната економска активност и студеното време повторно резултираа со високо загадување на воздухот во поголемите градови, особено во Скопје.

## Северна Македонија мешовити миграциски текови *2016-2021 2021 годишни миграциски текови, нови пристигнувања*




Извори: УНХЦР (2022), Влада на Република Северна Македонија

Земјата се наоѓа на една од главните рути за мешани миграциски движења кон Европа, што резултираше со повеќе од 20.874 откриени нерегуларни гранични премини во 2021 година, претежно од Пакистан, Авганистан, Сирија и други земји. Мигрантите останаа исклучително ранливи, често патувајќи во големи групи изложени на повеќе ризици. Сезонските работници-мигранти од Северна Македонија, кои според проценките се помеѓу 40.000 и 100.000, останаа погодени од ограничувањата за патување поради КОВИД-19, што влијаеше на дознаките и ја намали поддршката за семејствата што ги имаат оставено. Властите развија петгодишна „Стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција" и продолжија да се борат против прекуграничниот организиран криминал. Во 2021 година, откриените случаи на криумчарење мигранти се намалиле за 33% во однос на претходната година. 91 лице беа кривично гонети за 64 предмети на криумчарење.

## Повеќедимензионална детска сиромаштија по регион







*Големината на бројките посочува големина на процентот за секое мерење на сиромаштија. На пример, во југоисточниот регион секое четврто дете под пет години е повеќедимензионално сиромашно, а во источниот регион секое петто дете на истата возраст е сиромашно во повеќе димензии.*

Извор: УНИЦЕФ/FinanceThink (2021), Повеќедимензионална детска сиромаштија во Северна Македонија

# Поддршка од системот за развој на ОН кон националните развојни приоритети

**Во овој дел од извештајот се истакнува придонесот на ОН во Северна Македонија од работата со партнерите во четири области – инклузивен просперитет, квалитетни услуги за сите, здрава животна средина и добро владеење – во 2021 година.**

## Преглед на РСОР

РСОР 2021-2025 се изработи во текот на 2020 година во консултативен процес со сите партнери. Преку имплементација на рамката, ОН и партнерите се осврнуваат на три национални стратешки приоритети и се стремат да придонесат за четири планирани резултати.

Надоградувајќи се на традиционалниот пристап на работа , во овој период ќе се поддржува преминување од директно имплементирање на активностите кон таргетирана поддршка во која ОН ќе се појавува повеќе во советодавна и овозможувачка улога, поддржувач на иновации и експертиза за креирање политики. Повеќе внимание во овој период е посветено на урбаниот одржлив развој, решавањето на прашањата како што е загадувањето на воздухот и зајакнувањето на здравството и образованието.

Дејствувањето на ОН е засновано на докази, и за тоа е потребен зајакнат статистички капацитет, подобро собирање на расчленети податоци и подобрена координација и размена на информации на сите нивоа. Сите активности се спроведуваат заеднички со националните и локалните власти, граѓанското општество, приватниот сектор, меѓународните партнери и други засегнати страни.

Сите програми промовираат родова еднаквост, граѓанско ангажирање на младите, градење доверба, социјален дијалог, еднаков третман на сите и еднакви можности за сите да ги остварат своите човекови права и целосен потенцијал. Признавајќи дека луѓето не се пасивни приматели на услуги, туку се агенти на промени, интервенциите на ОН ќе ја поддржат општествената трансформација кон пристап на поактивен и одговорен поединец и заедница за одржлив и инклузивен развој.

Следниве поглавја детално го опишуваат придонесот на ОН во постигнатите национални развојни резултати во текот на првата година од имплементацијата на РСОР.

| ЦОР | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ | ПОСАКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ДО 2025 |
|---|---|---|
| ПРОСПЕРИТЕТ И ЛУЃЕ | **Одржлив и инклузивен економски и социјален развој;** | (1) Подобрен животен стандард на сите1 во Република Северна Македонија преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување, овозможено во инклузивно и иновативно деловно опкружување<br>(2) Универзален пристап на сите во Република Северна Македонија до квалитетни социјални услуги засновани врз права – здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита – втемелени во системи отпорни на кризни состојби |
| ПЛАНЕТА | **Климатска акција, управување со природните ресурси и ризиците од катастрофи;** | (3) Луѓето во Република Северна Македонија ќе ги користат придобивките од амбициозна климатска акција, одржливо управувани природни ресурси и добро сочуван биодиверзитет преку правилно управување со животната средина и преку заедници отпорни на катастрофи. |
| МИР | **Транспарентно и отчетно демократско владеење.** | (4) Луѓето во Република Северна Македонија ќе имаат придобивки од подобрено владеење на правото; антиципативни и родово одговорни политики кои се засновани врз докази; поголема социјална кохезија; и подобрена испорака на услуги од страна на транспарентни, отчетни и одговорни институции |

ПРИДОНЕС КОН НАЦИОНАЛНИТЕ ПРИОРИТЕТИ



Успешни преговори за пристапување во ЕУ

Зголемен и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните

Грижа за сите: Инвестиции во здравството и ефикасно справување со пандемијата на КОВИД-19

Реформи во образовниот систем

Едно општество за сите

Заштита на животната средина

Зелен развој

Намалено влијание на климатските промени

Намалување на загадувањето на воздухот

Демократско, транспарентно и отчетно управување

Реформи во јавната администрација и правосудниот сектор

Борба против корупцијата

# Стратешки приоритет 1: Одржлив и инклузивен економски и социјален развој

## Резултат 1: Инклузивна благосостојба

Во 2021 година, ОН работеа на унапредување на инклузивната благосостојба преку отворање на ***над 1.000 работни места*** (653 за жени, 391 за млади) и поддршка на **Младинската гаранција**, што резултираше со **нови 6.822 работни места за младите луѓе.**

Во контекст на продолжената криза предизвикана од Ковид-19, обезбедени се [советодавни и дигитализирани услуги за 500 компании]() за зајакнување на нивната отпорност, а Агенцијата за вработување е зајакната за да обезбеди дигитални совети за невработените. **Беа основани околу 72 стартапи** (20 од страна на ЛСП) и **306 луѓе беа преквалификувани преку Центарот за обука за идни вештини** (SkillsNet). **Модел со виртуелна реалност за развој на вештини** беше креиран и спроведен во пет средни стручни училишта.



*Обука за инсталатери на поставување на фотонапонски системи во центарот за вештини поддржан од УНДП, во Тетово. Центарот обезбедува услуги за обука дизајнирани да ја подготват работната сила во земјата за врвни и идни работни места. Фотографија: УНДП*

ОН, понатаму, работеше на зајакнување на г**рупите кои тешко доаѓаат до работа: 900 лица** завршија најмалку една програма за учење на вештини и 4**74 лица имаа корист од услугите за активирање и поддршка на вработувањето**. Нови социјални услуги беа испорачани во 46 општини преку **Програмата за работа во заедницата, која опфати 8.560 лица.** Поддршка беше обезбедена и за **бегалците**, но, за жал никој од нив не беше формално вработен во 2021 година.

**ОН обебеди поддршка и за клучните документи за политики и закони** во областите на вработување и труд, образование за возрасни, како и земјоделство и рурален развој, со интегрирање на родовата еднаквост во стратешките приоритети. Со поддршка на ОН, Економскиот и социјален совет (ЕСС) продолжи да биде важен форум за социјален дијалог, а социјалните партнери обезбедија нови дигитални услуги и алатки за своите членови. Онлајн алатката за пријавување на повреда на работничките права резултираше со правна заштита за повеќе од 3.000 работници.

**6,822 НОВИ РАБОТНИ МЕСТА ОТВОРЕНИ**
со поддршка на ОН во 2021

**МЛАДИ НАМАЛЕНА НЕЗАСТАПЕНОСТ**
од 24.5 (2019)
на 24.2 (2021)

ОН поддржаа околу 2.500 мали земјоделци/сопственици на земјиште преку активните напори за консолидација на земјиштето и придонесоа за **консолидирање на 1.078 хектари земјоделско земјиште**, со паралелна поддршка заинтегриран развој на заедницата. [Поддршката за жените земјоделски производители се зголеми од 100 на 250](), а усогласувањето со ЕУ стандарди беше зајакнато во областа на **управување со здравјето на животните и безбедноста на храната**

## Резултат 2: Квалитетни услуги за сите

ОН и партнерите продолжија да го поддржуваат Министерството за здравство во **спроведувањето на реформата на здравствениот систем каде принципите на човековите права** имаат централно место во работата. Фокусот беше ставен на примарната здравствена заштита и здравјето на мајките и децата, трансформирањето на медицинските сестри во ценета здравствена работна сила, подобрувањето на достапноста на лековите, доближувањето на услугите до луѓето и подготвувањето на здравствениот систем за имунизација од поголем размер. ОН, исто така, помогнаа во **одржувањето на основните здравствени услуги за време на кризата предизвикана од КОВИД-19,** вклучително и преку воведување на мобилни гинеколошки услуги во тешко достапни области; набавка на медицинска и лична заштитна опрема, превенција од рак на грлото на матката, планирање на семејството, дигитализација во здравствениот систем и градење на капацитети на здравствената работна сила за подобро да се одговори на предизвиците од КОВИД-19.

Со **поддршката за изработка и имплементација на Националниот план за распоредување на вакцини против КОВИД-19**, земјата постигна речиси 50% стапка на вакцинација, со над 1,5 милиони дози вакцини дадени



*Приказ на консолидација на земјиште во село Егри (општина Битола) – пред и по консолидацијата на земјиштето. Со консолидацијата на земјиштето, бројот на земјишни парцели во Егри е намален за речиси четири пати, од 874 на 260 парцели. 214 сопственици на земјиште сега имаат поголеми, регуларно оформени парцели со што се овозможуваат подобри земјоделски практики. Просечната големина на парцелата сега изнесува 1,30 ха, во споредба со само 0,38 ха пред консолидацијата на земјиштето. Фотографија: ФАО*

за помалку од една година. 523.012 дози на вакцини против КОВИД-19 се набавени преку инструментот КОВАКС со кој управува ОН (28% од вкупниот број на администрирани дози).

Со поддршка и застапување на ОН, **сите училишта беа повторно отворени** во септември, по едно од најдолгите затворања на училиштата во светот. Новата **Концепција за основно образование** ги постави темелните промени со инкорпорирање на климатските промени, родово-трансформативни и инклузивни содржини и пристапи. Платформата Едуино стана најголемото единствено складиште на официјално потврдени образовни ресурси. Спроведувањето на национално ниво на иновативната **Програма за социјално и емоционално учење** заврши во сите јавни предучилишни установи, и речиси сите активни наставници од предучилишно образование беа обучени. Поддршката за инклузивното образование продолжи со трансформацијата на специјализираните училишта во ресурсни центри за да се обезбеди поддршка за основните училишта и образовна помош, според потребите. Договорено е ново партнерство за пилотирање и **продолжување на сеопфатното сексуално образование** на национално ниво до 2025 година.

Беа направени **подобрувања на системите за функционална проценка за деца и млади со попреченост** во Скопскиот, Пелагонискиот, Југоисточниот и Полошкиот регион. Во исто време, беа изготвени амандмани на законот за социјална и детска заштита, здравствено осигурување и здравствена заштита и основно образование, со што се отвори патот за создавање на единствени влезни точки за децата со попреченост за да имаат пристап до услугите за поддршка.

Со поддршка на ОН, централните и локалните власти имаат подобри капацитети за **вклучување и интеграција на лицата под меѓународна заштита – мигранти, баратели на азил и бегалци**. Беше воспоставен ефикасен механизам за поддршка на интеграцијата на бегалците и беа ажурирани клучните национални стратешки документи. ОН продолжија да ги поддржуваат систематските напори за решавање на граѓанската регистрација и елиминирање на случаите на ризик од бездржавјанство.

**1.5** МИЛИОН ДОЗИ COVID-19 ВАКЦИНИ аплицирани до крајот на 2021

**28%** ОД СИТЕ ДОЗИ ОБЕЗБЕДИНИ преку COVAX

Обезбедена е поддршка за операционализација на новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, усогласен со Истанбулската конвенција. Поддржана е измената на Кривичниот законик и родово базираното насилство врз жените ќе се дефинира како кривично дело. Така значително ќе се подобри регулаторната средина за засилен **повеќесекторски одговор за спречување и справување со сите форми на насилство врз жените**. Се продолжи со давање директна поддршка на жените жртви на насилство во соработка со граѓанското општество.



*Децата од градинките учат како да ги препознаваат и да се справуваат со емоциите како дел од сеопфатната програма за социјален и емоционален развој поддржана од ОН во сите јавни предучилишни установи низ целата земја. Фотографија: УНИЦЕФ*

## Стратешки приоритет 2: Климатска акција, управување со природни ресурси и ризици од катастрофи

### Резултат 3. Здрава животна средина

Значителен напредок беше постигнат во областите на **политиката за климатските промени и управувањето со природните ресурси**, но помал во врска со третманот на отпадните води, управувањето со цврстиот отпад, загадувањето на воздухот и намалувањето на ризикот од катастрофи.



*Нов национален парк Шар Планина е прогласен во 2021 со поддршка од ОН. Фотографија: УНЕП*

Со поддршка на ОН, прогласен е **нов национален парк – Шар Планина, со што мрежата на заштитени подрачја (ЗП) се прошири со четири паркови** по повеќе децении. Со заштитените подрачја, исто така, на страната на Албанија и Косово*, тоа прерасна во една од најголемите прекугранични заштитени подрачја во Европа. **Областа под заштита се зголеми за 30%** во 2020 и 2021 година, во споредба со 2019 година, и сега се протега на **13,5% од територијата на земјата** или 81 заштитено подрачје, зајакнувајќи ја долгорочната заштита на природата и биодиверзитетот. Ова зголемување, исто така, претставува напредок од 67 % во остварувањето на севкупната цел.

**13%** ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ЗЕМЈАТА во заштитени подрачја

**3.1%** ЗГОЛЕМУВАЊЕ ВО 2021 со поддршка од ОН

Во периодот пред Конференцијата на ОН за климатските промени (COP26), земјата значително го зајакна својот ангажман во врска со **климатските промени.** ОН беа клучен поддржувач на овие напори, преку развој на политики, пристап до финансии, подигање на свеста и застапување, како и интегрирање на климатските промени во различни области. Во април 2021 година, Владата го усвои засилениот **национален придонес (а-НДП)** за

Парискиот климатски договор, поставувајќи амбициозна национална цел за постигнување за 51% намалување на емисиите на стакленички гасови до 2030 година или 82% намалување на нето емисиите во споредба со нивоата од 1990 година. Ова беше најамбициозна обврска меѓу земјите од Западен Балкан. Намалувањето треба да се постигне преку имплементација на Сценарио за зелено ублажување од Националната стратегија за развој на енергијата до 2040 година, кое е збогатено со политики и мерки во секторите на индустријата, земјоделството, шумарството, друга намена на земјиштето и отпадот.

Истакнувајќи дека 2021 година беше прва година од РСОР, започнати се важни активности во областите на намалување на ризикот од катастрофи, особено намалување на ризикот од поплави, загадување на воздухот и отстранување на опасниот отпад.

## Стратешки приоритет 3: Транспарентно и отчетно демократско владеење

### Резултат 4: Добро владеење

Северна Македонија продолжи да ги остварува клучните реформски приоритети за пристапување кон ЕУ и остварување на целите од Агендата 2030. Со поддршката на ОН се поттикнаа системски реформи за унапредување на доброто управување и владеење на правото, пристап до правдата, поголема социјална кохезија и соработка во регионот на Западен Балкан. Трансформативните промени беа иницирани преку креирање напредни политики коишто се предвидливи и базирани на докази, во повеќе сектори. ОН ја поддржаа Владата во развојот на сеопфатна и иновативна методологија којашто овозможува пристап на целото општество во формулирањето на првата **Национална стратегија за развој (НСР)** за следните две децении.

ОН придонесоа за амбициозната регулаторна агенда на Владата. Националните закони и политики се усогласени со законодавството на ЕУ и меѓународните стандарди за човекови права. Тоа резултираше со подготовка и ревидирање на **21 политика и 98 закони и подзаконски акти** коишто ги опфаќаат судскиот сектор, меѓу другото, и ревидирање на граѓанското и кривичното право, правда за децата, родова еднаквост, родово базирано насилство, компензација на жртвите, меѓународна заштита и решавање на бездржавјанството, антикорупција. Беше усвоена сеопфатна Миграциска политика 2021-2025 и Акциски план, заедно со Профилот за миграција на земјата.

ОН ги зајакнаа одговорните, инклузивни и транспарентни институции за управување, способни да испорачуваат услуги коишто се сензитивни на родот, возраста и попреченоста, на сите нивоа. **Зајакнати се капацитетите на 1.799 државни и недржавни партнери**, меѓу кои и **694 маргинализирани лица.** Пратениците, владините претставници и администрацијата го зголемија знаењето, особено за процесот на пристапување во ЕУ и преговарачките вештини и локализацијата на ЦОР. Родовата перспектива беше вклучена во секторските програми и буџети на 13 министерства и 31 општина. Фискалната децентрализација беше унапредена со електронски систем за плаќање даноци, ажуриран Индекс за општински развој и нова Програма за одржлив локален развој и децентрализација за 2021-2026.

**98 ЗАКОНИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ПОДГОТВЕНИ** со поддршка од ОН

Ангажирањето и учеството на граѓаните и граѓанското општество беше подобрено со дигитални решенија. ОН промовираа инклузивен дијалог и кохезивност на различни заедници, особено на жените, младите и ранливите групи – 3**.300 жени се приклучија на иницијативите за застапување и локално информирање, и 1.000 млади луѓе се вклучија во замислувањето и заедничкото креирање на нивната иднина.**

Стратегијата за комуникација за пописот во 2021, поддржана од ОН, и предводена од Државниот завод за статистика (ДЗС) го зајакна процесот на собирање податоци. Аналитичките истражувања за социо-економското влијание на Ковид-19 врз децата, жените, жртвите на насилство и другите ранливи луѓе во руралните заедници дадоа информации за одговорот и закрепнувањето, по што следеа кампањи за застапување насочени кон основните причини. Поддршката на ОН во развојот на **Стратегијата за поврат на имот и Патоказот за борба против корупцијата за Западен Балкан,** заедно со зајакнатите капацитети на практичарите на кривичната правда, овозможија поефикасен одговор и прекугранична соработка против организираниот криминал.




*ОН ја поддржаа Владата во изработката на сеопфатна и иновативна методологија за изработка на првата Национална развојна стратегија (НРС) за следните две децении.*

**2021 РОСР придонес кон родова еднаквост и човекови права** *% од буџетот низ сите РОСР резултати*



# Резултати за 2021

РЕЗУЛТАТ 1

## Инклузивна благосостојба

***До 2025 година, сите луѓе во Република Северна Македонија ќе имаат подобрен животен стандард, преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување, овозможено во инклузивно и иновативно деловно опкружување***

*Придонес кон ЦОР:*

Основите на прво место: Економски развој и конкурентност
19. Социјална политика и вработување;
20. Политика за претпријатија и индустрија;
26. Образование и култура

*2021 буџет на ОН*
**$7,394,489**

*Партнери:*
Министерство за труд и социјална политика; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за образование и наука, Секретаријат за европски прашања, Агенција за вработување; Регионални канцеларии за вработување; Фонд за иновации и технолошки развој; Синдикати; Здруженија на работодавачи, Економски и социјален совет; Локални економски и социјални совети; Здруженија на земјоделци, Организации на производители, Факултет за ветеринарна медицина - Скопје, Министерство за здравство, Државен инспекторат за труд, Синдикати, Агенција за катастар на недвижности, Центар за социјална работа, Факултет за земјоделство и храна, Агенција за храна и ветеринарство, Фонд за иновации и технолошки развој, ИЗБОР СТРУМИЦА, Локални економски и социјални совети на Северна Македонија, Македонско здружение на млади правници, Министерство за економија, Министерство за внатрешни работи, Општина Гостивар, Општина Прилеп, Општина Штип, Општина Битола, Општина Чешиново-Облешево, Општина Долнени, Општина Шуто Оризари, Национален комитет за БНЕ и СТ, Национална федерација на фармери, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Национален трипартитен социјален и економски совет, НВО СЕГА ПРИЛЕП, Народен правобранител, Универзитет на Југоисточна Европа, Државен инспекторат за труд, Државен завод за статистика, Канцеларијата на Националниот координатор за БНЕ и БТ

### РЕЗУЛТАТ 1.1

***Зголемен број на одржливи претпријатија како генератор на вработување преку зајакнати вредносни синџири и подобрени капацитети за воведување на нови бизнис модели.***

*Агенции: **МОТ, УНДП, УНЕСКО, УНОПС***

Во 2021 година, **500 микро, мали и средни претпријатија** (ММСП) добија поддршка од ОН за градење на отпорност и справување со продолжената криза предизвикана од Ковид-19 преку онлајн платформата за бизнис менторство, претежно во областа на онлајн и дигитален маркетинг. Покрај тоа, **отворени се 72 нови стартапи**, со 80 нови работни места, од кои 28 за ЛСП и 5 за жени. Преку различни интервенции, ОН помогнаа во **создавањето на над 1.000 работни места**, од кои 391 за младите.

ОН го поддржаа спроведувањето на планот за Младинска гаранција преку кој се отворија **6,787 работни места за младите луѓе**. Преку локално партнерство со академската заедница, локалната власт, граѓанското општество и приватниот сектор, беше формиран **Младински ресурсен центар – iCan**, којшто нуди поддршка за вработување, стартапи и иновации за младите во Полошкиот регион.

ОН ја опремија лабораторијата за виртуелната реалност наменета за градење вештини за стручно образование и обука (СОО) за студентите по електротехника и електроника и дизајнираа наставна програма за обука, во консултација со Организацијата на работодавачи на Македонија. **Градење на вештини на „иднината“** беше овозможено преку платформата каде што се обединија заинтересираните страни за воведување на нови технологии, како и преку **Центарот за обука за идни вештини (Skills Net)**, формиран и целосно опремен при Универзитетот на Југоисточна Европа. Преку нив, развиени се **6 нови стандарди за занимања** во обновливите извори на енергија, текстилната и градежната индустрија, ***6 нови програми за стручно образование и обука***, и **306 лица се обучени за дигитални вештини**. Надградениот

**72** НОВИ СТАРТАПИ отворени во 2021

**500** КОМПАНИИ ЗАЈАКНАТИ со ОН поддршка

Преглед на занимања сега содржи профили од 60 занимања.

**Вредносните синџири беа зајакнати** со воведување на технологија за пакување во модифицирана атмосфера (ПМА) со што се овозможува продолжување на рокот на траење на свежите земјоделски производи, како и со договори за органско земјоделство за 30 семејства. **Креативните индустрии**, исто така, беа промовирани како носители на економски можности за иднината.



*ОН ја опремија виртуелната лабораторија за градење вештини на учениците од стручното образование и обука по електротехника и електроника и дизајнираше програма за обука, во консултации со Организацијата на работодавачи на Македонија. Фотографија: МОТ*

## РЕЗУЛТАТ 1.2

***Жените и ранливите/исклучени лица имаат придобивки од поддржувачката средина преку прилагодени мерки за вработување и подинамичен и поинклузивен систем на вештини којшто одговара на потребите на пазарот на трудот за сите луѓе.***

*Агенции: **УНДП, МОТ, ИОМ, УНХЦР, УНОПС***

**52** РОМИ ВРАБОТЕНИ

**42** ЛСП ВРАБОТЕНИ

**653** ЖЕНИ ВРАБОТЕНИ

со ОН поддршка во 2021

Работата на ОН се фокусираше на економското зајакнување на ранливите групи, во согласност со централниот принцип никој да не биде изоставен: отворени се 1,000 работни места – **653 за жени, 52 за Роми и 42 за ЛСП**, главно преку Програмата за работа во заедницата која обезбеди социјални услуги за 8,560 корисници.

Со оглед на тоа дека непризнаените активности за давање нега ги вршат претежно **жени**, ОН помогнаа во дизајнирањето и спроведувањето на две нови мерки за вработување во **економијата на грижа**, во вредност од 1,3 милиони американски долари. Повеќе од **300 жени, од кои 70 % се млади**, беа обучени во Младинскиот ресурсен центар, претежно за дигитален маркетинг.

Неколку интервенции на ниво на политики се однесуваа на структурните недостатоци во правната рамка **за вклучување на ЛСП на пазарот на трудот**. Започната е програма за градење на капацитетите на организациите на лица со попреченост (ОЛП) и поддржани се три центри за поддршка на семејна грижа за ЛСП, заедно со центрите за рехабилитација во Скопје и Струмица.



*Еден од 50 млади Роми доби вработување во 2021 со поддршка од програмата Acceder на УНДП. Фотографија: УНДП*

ОН работеа со **лица кои тешко доаѓаат до работа, овозможувајќи им на 900 да завршат најмалку една програма за учење на вештини**, од кои над 70 % беа жени. Вкупно **474 лица имаа корист од услугите за активирање и поддршка на пазарот на трудот, од кои 206 Роми и 150 ЛСП. Завршување на основното образование беше овозможено за 67 затвореници** (16 жени) и 12 малолетници. И покрај напорите да се **олесни соодветното признавање на стручните вештини и специјализираното знаење на бегалците** и да им се обезбеди пристап до вработување, ниту еден од нив не беше формално вработен во 2021 година.

На локално ниво, **Локалниот план за вработување** беше пилотиран во Битола, создавајќи 35 работни места преку општинскиот Стартап центар и беа потпишани меморандуми за разбирање со три општини за **реинтеграција на повратниците**, врз основа на проценка на нивната ранливост.

## РЕЗУЛТАТ 1.3

**1,374** ЛИЦА СО ПРОБЛЕМИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ поддржани во 2021

***Зајакната и родово одговорна политика и регулаторни мерки коишто го поттикнуваат претприемништвото и финансирање за инклузивен и зелен раст .***

*Агенции: **ФАО, МОТ, ИОМ, УНДП, УНЕЦЕ***

ОН ја поддржаа подготовката на документи за политики, закони, мерки и стратегии, во согласност со Меѓународните трудови стандарди и законодавството на ЕУ.

Новата **Национална стратегија за вработување (НСВ)** за 2021- 2027 со нов **Акциски план за вработување 2021-2023 и Работен план со преглед на занимања 2022-2026** беа изработени и усвоени со поддршка на ОН. Исто така, ОН придонесоа за подготовка на првата **Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија (2021-2027)**, усвоена во 2021 година.

**5,400** НОВИ ЧЛЕНОВИ СЕ ПРИКЛУЧИЈА НА ССМ

9% зголемување во 2021

**Законот за работни односи** е изменет со цел да се одговори на новата реалност на пазарот на трудот; **Законот за вработување и осигурување** е изменет со цел да се дефинираат инструментите за модел на социјален договор и ефикасна испорака на стандардизирани и лиценцирани услуги за лицата со попреченост; **Законот за образование на возрасните** обезбедува промовирање на **инклузивно образование и Законот за продажба на државно земјоделско земјиште** обезбедува враќање на државното земјоделско земјиште во функција на развој на земјоделството и производството на храна.

Институциите беа поддржани за да даваат **онлајн услуги за невработените**, заедно со обучените бизнис и кариерни советници во Агенцијата за вработување, како и да дизајнираат **нови социјални услуги**, т.е. мерки за економијата на грижа во Министерството за труд и социјална политика (МТСП). Како одговор на КОВИД-19 и други потенцијални шокови, ОН го зајакнаа институционалниот капацитет на **системите за ценовни и пазарни информации и следење на политиката за вредносни синџири и синџири на храна**. Градењето на капацитетите беше овозможено преку регионален проект насочен кон зголемување на капацитетот на економиите од Западен Балкан за спроведување на **мерки за олеснување на трговијата и едношалтерски систем.**

Со поддршка на ОН, **Економскиот и социјален совет (ЕСС)** се пзоиционира како значаен актер во развојот на економските, трудовите и социјалните политики. **Дванаесет локални ЕСС** беа опремени со анализа на пазарот на трудот и зајакната видливост преку комуникациската платформа. **Локални акциски планови** за вработување беа подготвени во Струмица и Куманово.




*Економскиот и социјален совет се позиционираше како важен актер во развојот на економските, трудовите и социјалните политики со поддршка од ОН. Фотографија: МОТ*

**Социјалните партнери го проширија бројот на дигитални и правни услуги** коишто им се нудат на членките, а тоа резултираше со зголемено членство.

## РЕЗУЛТАТ 1.4

***Подобрен квалитет на вработување преку мерки за премин кон формално вработување и соодветна заштита при работа во согласност со меѓународните стандарди за работна сила.***

*Агенции:* ***МОТ***

**3,000 РАБОТНИЦИ ДОБИЈА ПРАВНА ЗАШТИТА И СОВЕТИ** со ОН поддршка

ОН продолжија да работат на недоволната вработеност, неформалното вработување и заштитата при работа, поддржувајќи ја **Стратегијата за формализирање на неформалната економија** преку платформа за секторот на хотели, ресторани и кафетерии развиена во партнерство со Асоцијацијата на работодавачи во хотелиерството и угостителството (ХОТАМ).

Врз основа на анализата на состојбата и активностите за подигнување на свеста, ЕСС го поддржа планот за **ратификација на Конвенцијата 190 на МОТ за насилство и вознемирување и Водичот за насилство и вознемирување** во 2022 година. Беа спроведени **две кампањи, Мој труд, Мои права! и Грижи се подобро за персоналот!**. Виртуелниот советник за правна помош, Синди, беше ставен на располагање преку веб-страницата на Сојузот на синдикати како и **мобилната апликација за пријавување** на повреди на работничките права, обезбедувајќи правна заштита и совети за 3,000 работници. ОН развија **материјали за учење за Младински права на работа (Youth Rights@Works)**, одобрени од страна на Бирото за развој на образованието, кои се искористија за обука на 500 средношколци во 12 градови.

## РЕЗУЛТАТ 1.5

***Зајакнати политики и капацитети за одржлива и конкурентна рурална економија, усогласена со ЕУ, со фокус на малите фарми и жени земјоделски производители.***

*Агенции:* ***ФАО, UN WOMEN***

Се направија напори за зголемување на конкурентноста и одржливоста на руралната економија, фокусирајќи се на консолидацијата на земјиштето и можностите за жените и малите земјоделци.

Консолидацијата на земјоделското земјиште напредуваше во осум области, во полза на 2,455 сопственици на земјоделско земјиште и истата се финализираше во две села, Егри и Дабјани, со **консолидирани 1,078 хектари,** што резултираше со речиси четири и петкратно намалување на парцелите на земјиштето.




*Приказ од кампањата „Мој труд, мои права!" спроведена во поддршка на заложбите за ратификација на Конвенцијата 190 на МОТ за насилство и вознемирување Фотографија: МОТ*

**2,455 СОПСТВЕНИЦИ ИМАА БЕНЕФИТ ОД КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕ** во 2021

**250 ЖЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ** поддржани

Со поддршка од ОН, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), вклучи родова перспектива во новата Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за 2021-2027 и алоцираше средства за финансиска поддршка за 250 жени земјоделски производители.

МЗШВ, исто така, доби упатства за политики базирани на докази за усогласување на националната шема за директни плаќања со регулативите на Заедничката земјоделска политика на ЕУ и специјализирана обука




*Претставници од Националната федерација на фармери и жени земјоделски производители ги презентираат своите производи за време на настанот за доделување на грантови на жени – регистрирани земјоделски производители, а домаќини на настанот беа Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Владата на Северна Македонија. 7 мај 2021, Градски парк, Скопје. Фотографија : UN Women*

за 40 национални советници за поддршка на развојот на земјоделието и за кадарот на МЗШВ за собирање податоци и пресметка на бруто маржа на трошоците за производство за десет земјоделски производи. Со мали инвестиции во шест села се промовираше интегриран развој на локалната заедница.

РЕЗУЛТАТ 2

# Квалитетни услуги за сите

***До 2025 година, луѓето во Република Северна Македонија ќе имаат универзален пристап до квалитетни социјални услуги засновани врз права – здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита – втемелена во системи отпорни на кризни состојби.***

*Придонес кон ЦОР:*

Кластер 2, Поглавје 28: Заштита на потрошувачите и здравјето
Кластер 3, Поглавје 19: Социјална политика и вработување; Поглавје 25: Наука и истражување, Поглавје 26:Образование и култура

*2021 буџет на ОН*
**$9,967,640**

*Партнери:*
Министерство за труд и социјална политика; Министерство за здравство; Министерство за образование и наука; Министерство за финансии, Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Државен завод за статистика, Биро за развој на образованието, Институт за јавно здравје, општини, Институти за стручна обука; Синдикат на здравствени работници; граѓанско општество; академска заедница; приватен сектор; Здружение за истражување, комуникации и развој, Национален ромски центар, Центар за истражување и креирање политики, граѓански организации (ГО), Управа за е-здравство, Здружение за здравствена едукација и истражување, Фонд за здравствено осигурување, Проект – Опции за здрав живот Скопје, Хелсиншки комитет за човекови права, Македонско здружение на млади правници, Медицински факултет Скопје, Општински центри за социјална работа, Стручни здруженија,

## РЕЗУЛТАТ 2.1

***Здравствениот систем е зајакнат за да се обезбеди универзален пристап до достапни и висококвалитетни услуги со фокус на луѓето за промовирање на здрав начин на живот и одговор на здравствените потреби и ризик-фактори на населението, вклучително и во вонредни состојби.***

*Агенции:* ***СЗО, УНИЦЕФ, УНФПА, УНХЦР, УНОПС***

КОВИД-19 сериозно влијаеше на капацитетите на здравствениот систем, а медицинскиот персонал беше растргнат помеѓу приоритетите да се обезбеди грижа и лекување за заболените од КОВИД-19 и пружање на редовни и квалитетни здравствени услуги за целото население. Во 2021 година, ОН помогнаа во **набавка на медицинска и заштитна опрема** за превенција, откривање и одговор кои овозможија побрзи и поквалитетни дијагностички услуги за лицата во Скопје и оние кои ја посетуваат Универзитетската болница за терциерно лекување и нега.

**Опфатот со универзална здравствена заштита беше подобрен преку започнатите реформи,** коишто ОН ги поддржаа преку пилот-интервенции во примарната здравствена заштита, градење на капацитети на здравствената работна сила, и дизајн и имплементација на првата обука за подобрување на компетенциите на медицинските сестри. Развојот на долгорочните капацитети на здравствените работници и помошниот персонал за детска заштита придонесе за подобрување на условите за подобро здравје и исхрана на децата и подобрување на можностите за рана стимулација и учење.

**Овозможување на континутет во пружањето на основните здравствени услуги во време на пандемија** беше од клучно значење. Поддршката на ОН се фокусираше на градење на капацитетите на здравствената работна сила и воведување на нови услуги, вклучително и во **здравствената заштита на мајките** и перинаталната здравствена заштита преку пилотирање или имплементација на избрани активности од Националниот план за перинатална здравствена заштита и градење на капацитетите на здравствените работници. Жените и девојките во оддалечените области добија п**ристап до квалитетни и безбедни услуги за сексуалното и репродуктивното здравје преку воведување на мобилни гинеколошки услуги интегрирани во националниот здравствен систем.**

**5,000 ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ СО ЗАЈАКНАТИ КАПАЦИТЕТИ**
**во 2021**

**10 БОЛНИЦИ СО ЗАЈАКНАТА ПЕРИНАТАЛНА ГРИЖА**
**во 2021 со ОН поддршка**



*Акушерка и лекар во мобилните клиники. Само во декември, во Свети Николе (со 18.000 жители и само 1 гинеколог) 188 жени и девојки ја искористија можноста да ги направат потребните тестови и прегледи. Фотографија: УНФПА*

Преку дадената **поддршка за креирање на политики** базирани на докази се овозможи подобро разбирање на нееднаквоста и отворање на дискусија за политиката за интегрирање на здравствената заштита за постарите луѓе на системско ниво на пружање услуги. Беа воведени нови инструменти за мерење на постигнувањата и квалитетот на услугите за стари лица, беа институционализирани националните здравствени сметки и беше започната досега првата студија за финансиската заштита во здравствениот систем. Преку проценка на националните капацитети за превенција на ракот на грлото на матката се обезбедија информации за приоритетните области на поддршка. Регионалната алијанса за превенција на ракот на грлото на матката беше формирана како платформа за соработка и размена на информации за превенција на ракот на грлото на матката. Со поддршката за **забрзана дигитализација на здравствениот систем**, преку воведување на дигитални алатки за ментално здравје и дигитален регистар на вакцинирани лица, значително се придонесе за подобра ефикасност, транспарентност и подобрена комуникација и информираност кај пациентите, што резултираше и со поефикасен процес на вакцинација.

Странците, вклучително и оние под меѓународна заштита, добија подобрен пристап до здравствените услуги во болницата во Гевгелија и клиниката за трауматологија во Скопје преку надминување на јазичните и законските бариери.

## РЕЗУЛТАТ 2.2

***Обезбедено е квалитетно и достапно образование во средини со информираност за доживеани трауми, родова одговорност и инклузивно учење за децата и младите во земјата за да се подигнат резултатите од учењето, да се***

***овозможи нивниот социо-емоционален развој и тие да се зајакнат со вештини за премин на пазарот на трудот.***

*Агенции:* ***УНИЦЕФ, УНФПА, УНХЦР, УНДП, МУТ***

**300,000** **КОРИСНИЦИ НА EDUINO ПЛАТФОРМАТА** во 2021

Паралелно со поддршката на Министерството за образование и наука (МОН) за повторно отворање на училиштата во септември, по едно од најдолгите затворања на училиштата во светот, ОН целосно го поддржаа отпочнувањето на новата образовна реформа во земјата.

Новата Концепција за основно образование, по прв пат најде практична примена во новите наставни програми за 1 и 4 одделение, поддржано со **развој на капацитетите на сите 3,000 наставници од 1 и 4 одделение** за примена на нови педагошки пристапи во спроведувањето на новите наставни програми, како и со дополнителни вебинари за учење на дигитални вештини за целиот наставен кадар преку платформата за учење Едуино, којашто континуирано **опслужува над 300,000 корисници, со над 130,000 преземања на апликацијата и над 4 милиони прегледи**. Во согласност со реформската динамика, ОН го поддржаа развојот и печатењето на сите учебници за 1 одделение, развојот на дигиталните интерактивни учебници за 4 одделение и платформата за нивна офлајн и онлајн употреба (Е-библиотека).

Воведувањето на **нова формула за финансирање по ученик за основно образование** и студијата за оптимизација на училишните трошоци, спроведена во партнерство со Светска банка, резултираа со оптимизација на основното и средното образование преку зголемување на буџетските средства за 8 милиони американски долари за основно и 1.5 милиони американски долари за средно образование во националниот буџет за 2022 година.

Спроведувањето на иновативната програма за **социјално и емоционално учење (СЕУ) заврши во сите јавни предучилишни установи со обука на скоро 100% од наставниот и воспитен кадар во предучилишно образование**. Програмата СЕУ продолжува да им помага на децата да развиваат основни вештини коишто се во поддршка на нивните идни резултати од учењето, социјалните интеракции, менталното здравје и благосостојбата.

Врз основа на успешното пилотирање на **воведувањето на сеопфатно сексуално образование**, што е завршено во 3 од 4 училишта и научените лекции од пилотирањето, потпишан е Меморандум за разбирање со Бирото за развој на образованието (БРО) за да се даде преглед на клучните области во поддршката за целосна имплементација на национално ниво до крајот на 2025 година.

Преку проценката на постојната состојба со заштитата на децата онлајн, добиени се препораки коишто ќе послужат како основа за Владата во изработката на национална стратегија за онлајн безбедност и акциски план.

Процесот на **вклучување на децата со попреченост во редовните училишта и предучилишните установи** ја задржа својата динамика. ОН ја поддржаа трансформацијата на специјалните училишта во ресурсни центри за да обезбедат поддршка за редовните училишта и образовна асистенција според потребите. Исто така, се продолжи со јакнењето на капацитетите на персоналот за олеснување на инклузијата во предучилишните установи преку обука за алтернативна и аугментативна комуникација за рана идентификација и интервенција.

**Вклучувањето на децата на бегалците, мигрантите и барателите на азил** претставува предизвик и фокус во работата на ОН. Локалните училишта кои ги посетуваат децата на бегалците и националните институции сега се во можност да ги идентификуваат предизвиците во образованието на бегалците и да планираат активности со примена на алатки или тестови за утврдување на претходните знаења кај децата и да подготват прилагодени подготвителни програми за овие деца.



*Средношколци на првиот час по отворањето на училиштата. ОН го помогна процесот на спроведување образование на далечина за време на КОВИД-19 пандемијата и се залагаше за отворање на училиштата. Фотографија: УНИЦЕФ*

Националните власти сега можат да обезбедат **бесплатни и систематски часови по македонски јазик** (основно ниво) преку [дигиталната јазична платформа - Научи македонски,] менаџирана од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" со која им се овозможува на барателите на азил и бегалците да ги подобрат своите јазични вештини, што е од суштинско значење за нивно социјално и економско вклучување.

**Проценката на дигиталните вештини кои ги поседуваат вработените во приватниот сектор и наставниот кадар во училиштата,** ѝ обезбеди на Владата преглед на моменталната состојба во земјата. Препораките ќе послужат за развој на стратегија за дигитални вештини којашто ќе ги задоволи потребите на граѓаните и ќе придонесе за понатамошен раст на дигиталната економија и дигиталното општество. Повеќе детали за поддршката за МОН за стручно образование и образование на возрасни може да се најдат во прегледот на резултатите во областа на инклузивен просперитет.

## РЕЗУЛТАТ 2.3

***Системот за социјална заштита е отпорен на надворешни шокови и зајакнат за да обезбеди прогресивно подобрени услуги за сите лица на кои им е потребна помош, особено за оние кои се изоставени.***

*Агенции:* ***ИОМ, УНХЦР, УНИЦЕФ, УНДП***

Спроведувањето на социјалната реформа којашто произлегува од новиот закон за социјална заштита продолжи и во 2021 година, фокусирајќи се претежно на оние ранливи групи на население кои беа погодени од пандемијата со КОВИД-19. ОН ја поддржуваат реформата во подобрувањето на социјалните трансфери, детската заштита, деинституционализацијата и социјалната заштита на ранливите групи, вклучувајќи ги и лицата со попреченост и мигрантите, бегалците и барателите на азил.

**4** **НОВИ УСЛУГИ КРЕИРАНИ** во 2021

**27** **УСЛУГИ КРЕИРАНИ** од 2016

**27,648** **КОРИСНИЦИ НА УСЛУГИ** во 2021

**111,646** **КОРИСНИЦИ** од 2016

Со поддршка на ОН, Владата формираше и оспособи над 50 стручни лица во три нови тела за функционална проценка за деца и млади со попреченост во Пелагонискиот, Југоисточниот и Полошкиот регион. Дополнително помогна во изработка на амандмани за усогласување на релевантните законски



ОН го изработија првиот индекс на повеќедимензионална детска сиромаштија за подобро проценка на профилот на децата во ризик од сиромаштија. Фотографија: УНИЦЕФ

прописи, со што ќе се обезбедат потребните **предуслови за функционална проценка на децата и младинците** во согласност со Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ). Ова ќе им овозможи целосно учество во социјалниот живот и уживање на своите човекови права.

За подобро утврдување на профилот на децата кои се изложени на најголем ризик од сиромаштија и ефектите од КОВИД-19, користејќи го методот Алкире-Фостер, ОН го развија **првиот индекс на повеќедимензионална детска сиромаштија** во земјата. Овој нов извештај ќе ѝ овозможи на Владата да се фокусира на приоритетните политики и услугите коишто ја намалуваат нееднаквоста и се фокусираат на најранливите, како што се ромските деца и децата кои живеат во руралните заедници.

ОН продолжија да ги поддржуваат активностите за **унапредување на родителството за соодветен социо-емоционален развој на децата.** Воведена е програма за вешто родителство, којашто нуди флексибилен пристап со ниски трошоци за рана интервенција и поддршка на родителите од семејствата во најголем ризик, како што се Ромите, и семејствата на децата со попреченост, и семејствата кои страдаат од повеќекратна лишеност. Неколку стотици родители и негуватели беа директно поддржани преку Националната телефонска линија за помош при родителство, и добиваа совети за позитивни родителски техники, исто така со цел да се спречат и надминат потенцијалните негативни секундарни влијанија од КОВИД-19. Преку **430,000 луѓе беа опфатени и ангажирани на социјалните мрежи за време на Месецот на родителството.**

Справувањето со различните потреби на децата лишени од родителска грижа, и децата кои се соочуваат со негативни искуства и исклученост, беше во фокусот на поддршката за зајакнување на системот за згрижување на деца, насочена кон подобрување на **квалитетот на згрижувачите и роднинското згрижување**. Клучна пресвртница беше **отворањето на два центри за поддршка на згрижувачки семејства**, со цел унапредување на услугите за згрижувачки семејства, оценување и едукација на идните згрижувачки семејства, набљудување и обезбедување поддршка за постојните згрижувачки семејства.

Понатаму, на децата, младите, родителите и негувателите во системот за згрижување на деца, им беше обезбедена наменска поддршка за менталното здравје и психосоцијална поддршка за време на пандемијата. Сите деца во малите групни домови имаа придобивки од креативни и едукативни активности насочени кон подобрување на нивното ментално здравје. **Индивидуализирана онлајн поддршка беше обезбедена за повеќе од 200 деца со попреченост и нивните семејства** преку специјално развиена онлајн платформа за даватели на услуги. Беше подобрен капацитетот на **80 дневни центри и на предучилишниот кадар** за тоа како да се користи платформата за онлајн испорака на услуги, со проширување на мрежата на професионалци кои обезбедуваат услуги.

19,640 (93% мажи; 2% жени/ 4%машки деца; 1% женски деца) **бегалци, мигранти и баратели на азил кои транзитираат низ земјата или бараат меѓународна заштита добија помош** преку континуирана поддршка од ОН. Поддршката се состоеше од обезбедување на услови за живот и прием и услуги за помош, психосоцијална поддршка и медицински услуги, културолошка медијација/толкување, образовна поддршка за деца мигранти, како и помош за доброволно враќање на мигранти кои немаат потреба од меѓународна заштита.

Со поддршка на ОН, Владата ги подобри капацитетите за консолидирање на формалниот систем на локална интеграција на бегалците, како дел од напорите на земјата за зајакнување на политиките и механизмите за управување со миграциите. Со помош на социјалните партнери, беа поддржани напорите на Владата за интегрирање на услугите за социјална заштита и интегративна поддршка за бегалците и лицата под супсидијарна заштита, што резултираше со подобрен пристап до права и услуги, зголемени капацитети за интеграција на општините, подобрено локално опкружување за интеграција и јавно мислење, како и подобрена психосоцијална благосостојба на бегалците.

## РЕЗУЛТАТ 2.4

***Подобрен повеќесекторски одговор за спречување и одговор на сите форми на насилство врз основа на пристап којшто дава централно место на жртвите/преживеаните, вклучувајќи ги и штетните практики и дискриминаторските родови норми и стереотипи***

*Агенции:* **UN WOMEN, УНФПА, МУТ**

**68 НОВИНАРИ ОБУЧЕНИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ** со ОН поддршка

За време на пандемијата, сите форми на насилството беа во пораст, и тоа доведе до зголемување на активностите за превенција и одговор и зајакната поддршка од ОН. На ниво на политики, преземени се важни чекори со усвојувањето на новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените (НВЖ), усогласен со регулаторните обврски од Истанбулската конвенција. **Поддршката за операционализација на новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и домашно насилство** усогласен со Истанбулската конвенција, започна преку изработка на подзаконски акти и градење партнерства за подобрен повеќесекторски **одговор за спречување и справување со сите форми на насилство врз жените**.

Девет граѓански организации се стекнаа со подобро знаење за следење засновано на докази на имплементацијата на Истанбулската конвенција и подготвување на извештаи во сенка за Експертската група за борба против насилството врз жените (НВЖ) и семејно насилство (СН) (ГРЕВИО). Беше изработен еден нацрт-извештај во сенка за ГРЕВИО. 120 ученици и 18 училишни ментори беа оспособени да работат како застапници против штетното родово стереотипизирање, НВЖ и СН. 68 новинари и други медиумски професионалци кои работат низ Северна Македонија имаат зголемено знаење за родово сензитивно известување на НВЖ. 477 ромски жени, мажи, девојки и момчиња беа зајакнати за НВЖ СН, штетни родови стереотипи и рани бракови. Осумнаесет претставници на даватели на општи и специјалистички услуги од општините Струмица, Штип и Велес ги зголемија капацитетите за обезбедување на советување и психо-социјална поддршка во согласност со Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ) и Истанбулската конвенција. 15 жени кои преживеале насилство почнаа да користат социјалното менторство за економско зајакнување, вклучувајќи ги и жените од малцинствата. Четворица социјални ментори ги зголемија капацитетите за обезбедување услуги за економска реинтеграција на жени кои преживеале насилство.

РЕЗУЛТАТ 3

# Здрава животна средина

***До 2025 година, луѓето во Република Северна Македонија ќе ги користат придобивките од амбициозна климатска акција, одржливо управувани природни ресурси и добро сочуван биодиверзитет преку правилно управување со животната средина и заедници отпорни на катастрофи***

*Придонес кон ЦОР:*

15. Енергија;
27. Животна средина

*2021 буџет на ОН*

**$9,169,225**

*Партнери:*

Министерство за животна средина и просторно планирање; Министерство за здравство; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Министерство за финансии, Министерство за образование; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија; Кабинет на заменик претседател на Владата задолжен за економски прашања; Центар за управување со кризи; Дирекција за заштита и спасување; Единици на локална самоуправа; Здруженија на земјоделци; Стопански комори; НВО, приватен сектор, Балканска фондација за одржлив развој, Биро за образование, Град Скопје, Канцеларија на организацијата - Поврзување на природните вредности и луѓето, ДЕКОНС ЕМА, Управа за е-здравство, Агенција за храна и ветеринарство, Фонд за иновации и технолошки развој, Меѓународен сојуз за заштита на природата – канцеларија за Источна Европа и Централна Азија, Македонско еколошко друштво, Општина Ресен, Институт за јавно здравје, Национална комисија за УНЕСКО, Национална федерација за фармери, Земјоделски институт

## РЕЗУЛТАТ 3.1

***Поволната политика, регулаторната средина, капацитетите на централно и локално ниво и активностите на заедницата се зајакнати кон развој со ниски емисии и отпорност од климатските промени во повеќе сектори***

*Агенции:* ***ФАО, УНДП, УНЕЦЕ, УНИЦЕФ, УНИДО***

Во 2021, постигнати се значајни резултати во политиката за климатски промени од страна на Владата со поддршка на ОН. Беше развиен сеопфатен сет на документи и алатки за политики кои го обликуваат ангажманот на земјата во врска со климатските промени, вклучувајќи го и ажурираниот Национален доброволен придонес (а-НДП), кој ја дефинира **политиката на земјата за климатски промени** до 2030 година; Платформата за следење, известување и потврдување (MRV), за да се овозможи сеопфатно и ефикасно известување до УНФЦЦ; Патоказот кон ажурираниот Националниот доброволен придонес (а-НДП), во кој се наведени потребние активности за постигнување на целните намалувања на емисиите на стакленички гасови; Стратегијата за финансирање на а-НДП, **Политиката за намалување на финансиските ризици при инвестирање за сите а-НДП сектори; и законодавство за контролирано управување/фазно намалување на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка (HCFC), а се користат во ладилниците, замрзнувачите, клима уредите, топлинските пумпи и друга опрема во согласност со Протоколот од Монтреал.**



*Патоказ кон ажурираниот Национален доброволен придонес (а-НДП), во кој се наведени активностите потребни за постигнување на планираното намалување на емисиите на стакленички гасови. Фотографија: УНДП*

Во делот на **климатското финансирање и ангажманот на приватниот сектор,** ОН ја поддржаа земјата во развојот на Патоказот за воведување на данок на јаглерод и **методологијата за означување на буџетот за климата.** Министерството за финансии го вклучи означувањето за климата во соодветниот нацрт-закон. Исто така, земјата беше поддржана да ја поднесе **првата Програма за работа на земјата за Зелениот климатски фонд (ЗКФ).** Понатаму, беше развиено детално мапирање и алатки за поголем ангажман на приватниот сектор и упатства за МСМП во испораката на енергетски ефикасни производи и опрема за обновлива енергија.

**ПРВ**
**ПАТОКАЗ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЈАГЛЕРОД**

Активностите кон **земјоделство** отпорно на климатски промени, исто така, продолжија, со понатамошна работа на развивање на **единствена платформа за земјина мапа (Earth Map)**, каде што се интегрираат националните и глобалните податоци за климата, почвите, теренот, статистиката и друго, како основа за земјоделска политика базирана на докази; на унапредување на националниот систем за семе преку подобрување на домашното производство на висококвалитетни и климатски толерантни семиња за стратешките култури; и на градење на капацитетите на **националните системи за надзор на штетници на растенијата** и за фитосанитарна сертификација.

**Свеста кај младите луѓе** е значително зајакната преку интегрирање на темите за животната средина и климатските промени **во наставните програми за 1 и 4 одделение** и обука на над 60 наставници од предучилишните установи и основните училишта. Со поддршка од ОН, беа зајакнати и **активностите за младински ангажман** за климатските промени, почнувајќи од **Младинската декларација за климата,** претставена на Конференцијата на ОН за климатски промени во Глазгов, изработена од млади луѓе и поддржана од претседателот на државата; потоа засилување на гласот на повеќе од 300 млади луѓе преку **U-Report,** како и поддршка за **социјални иновации** за климатски промени и заштита на животната средина изработени од млади луѓе (10 тимови од 46 средношколци преку UPSHIFT).

## РЕЗУЛТАТ 3.2

***Идентификувани и широко застапени решенија на централно и локално ниво за интегрирано, одржливо и инклузивно управување со природните ресурси (вода, земја, шуми, биодиверзитет)***

*Агенции: **ФАО, УНДП, УНЕЦЕ, УНЕП, УНЕСКО***

Во 2021 беа постигнати значајни резултати во **зголемувањето на мрежата на заштитени подрачја**. Прогласен е **нов национален парк - Националниот парк Шар Планина,** а во тек е и повторното прогласување на Охридското Езеро за Споменик на природата. Со поддршка на ОН беа изготвени студии за валоризација на природните вредности и нацрт-планови за управување со Националниот парк Шар Планина и Охридското Езеро, земајќи ги предвид интересите и потребите на локалните заедници и националните приоритети за одржливо управување со природните ресурси. Покрај тоа, **капацитетот на чуварите на националните паркови** низ целата земја беше зајакнат преку серија обуки.

Постигнат е напредок во **заштитата на шумите и живеалиштата на растенијата, птиците и другите животински видови преку идентификација на 188 шуми со висока природна вредност (55.988 ха)** и изготвени се упатства за идно управување со поддршка од ОН; изработени се **мапи на шумска вегетација** за три пилот делови (Малешевските Планини и Ограждени), предлог **упатства за управување со шуми** во две пилот места во поддршка на заштитата на големи месојади



*Во соработка со Град Скопје, зелениот покрив Кочо Рацин беше отворен за јавноста во 2021 година, како дел од поширокиот спектар на активности наменети за зголемување на отпорноста на градот кон климатските промени и кон зголемувањето на температурите во урбаните области. Фотографија: УНДП*

(Буковиќ и Плетвар/Беласица); и наредба од МЖСПП за ограничување за собирањето на мечкино грозје за употреба и трговија, како резултат на истражувачки активности за други шумски производи. Понатаму, беа подготвени **првите национални Црвени листи/книги на рептили и амфибии,** кои даваат информации за ризиците од истребување како дел од Црвената листа на загрозени видови на Меѓународниот сојуз за заштита на природата™. Во однос на **егзистенцијата на рибарската заедница,** утврдени се **методологија и насоки за податоци** кои имаат за цел подобрување на одрживото управување со внатрешниот риболов, координација на заедничките водни тела и намалување на нелегалниот, непријавениот и нерегулираниот риболов.

Исто така, беше подготвен и документ со насоки за спроведување на ***законодавството за животна средина и на препораките од Прегледот на постигнувањата во животната средина (ЕПР)*** од страна на единиците на локалната самоуправа.

Преку теренски истражувања и моделирање на ерозијата беше подготвена н**ационалната мапа на чувствителност на ерозија и суша**, и се идентификуваа **високоризичните зони и нивното влијание врз биодиверзитето**т. Исто така, беа пилотирани активности за утврдување на **стапката на запечатување на почвата и загубата на органски материи** од почвата на три локации во близина на Струмица, Прилеп и Охрид.

**Зелениот развој во Скопскиот регион**, како најголем урбан регион во земјата, беше зајакнат и преку сет на мерки. Изграден е **Зелениот покрив на Домот на културата„ Кочо Рацин",** како мерка за намалување на температурата во урбаните блокови во центарот на градот. Исто така, **Зелениот катастар на град Скопје** е надграден со дополнителни 12.537 **гео-референцирани и попишани дрвја и грмушки.** Покрај тоа, поставени се и пет автоматски безжични станици (нуркачи) на пиезометрите на новата мониторинг мрежа во бунарското подрачје Нерези – Лепенец за да се воспостави континуиран, навремен и прецизен **мониторинг на подземните води.** Идентификувани се можните преносни патеки на шествалентен хром во подземните води на Жеденската Планина и нивното влијание врз изворот Рашче.

Две активности поврзани со **природното и културното наследство на Охридскиот регион** беа спроведени за да се помогне во заштитата и одржливиот развој на Охридското езеро како светско наследство на УНЕСКО.

## РЕЗУЛТАТ 3.3

***Зајакнати се капацитетите на централно и локално ниво за спречување и одговор на заканите од загадувањето на воздухот и последиците по здравјето во најранливите заедници***

*Агенции:**ИОМ, УНДП, УНЕСКО***

Свеста на новинарите, граѓанските организации и трговците со уреди за загревање за причините и последиците од загадувањето на воздухот е зајакната. Беше дадена поддршка за **истражувачкото новинарство** за загадувањето на воздухот, 20 претставници на ГО беа оспособени за застапување за загадувањето на воздухот, а 15 **трговци на мало** со уреди за загревање беа обучени како со аргументи да промовираат енергетски ефикасни функции. Министерството за економија беше поддржано во развојот на 15 кореспондентни табели за **Правилникот за означување на производите што користат енергија** (ЕУ-МК и МК-ЕУ форма).

Вкупно 128 куќи во населбата Лисиче, општина Аеродром, се поддржани за замена на неефикасните печки на дрва со нови клима уреди, пумпи за греење, печки на

**Како домаќинствата во Скопје ги загреваат своите домови**




*Интензивните напори на сите вклучени страни и граѓани кон менување на загадувачките практики резултираа со скромно но континуирани намалување на загадувањето на воздухот во Скопје. Извор: УНДП*

пелети за намалување на внатрешното и надворешното загадување на воздухот, а некои домаќинства и со посложени интервенции, како што е поставување на енергетски ефикасни фасади, покриви, прозорци и врати . Целта на овие активности е да се пилотира модел за **намалување на загадувањето на воздухот од домаќинствата**, којшто може да се реплицира на други локации.

## РЕЗУЛТАТ 3.4

***Капацитетите на централно и локално ниво за утврдување на разновидни ризици од катастрофи, како и капацитетите за планирање, финансирање и спроведување на мерки за ефективно намалување и одговор на ризици од катастрофи, вклучувајќи го и раселувањето на луѓето, се зајакнати во согласност со Сендајската рамка***

*Агенции: **ФАО, ИОМ, УНДП, УНДРР, СЗО***

ОН го поддржа **донесувањето на одлуки базирани на докази кон намалување на ризикот од катастрофи** преку воспоставување на INFORM индексот за моделирање на ризици на под-национално ниво, кој ги мапира ранливоста, изложеноста и капацитетот за справување на под-националните субјекти во Северна Македонија, во соработка со Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија.

**Отпорноста на земјоделскиот сектор** беше зајакната преку изработка на **Национална стратегија за одводнување и наводнување за 2021-2031,** ажурирање на Анализата на националните системи за намалување на ризик од катастрофи за земјоделскиот сектор и преглед на сите национални политики и планови поврзани со климатските промени и земјоделството во однос на усогласување со регулативата на ЕУ. Понатаму, дадени се препораки за подобрување на постојниот **информациски систем за национална процена на штети и загуби**. Во однос на теренските активности, од страна на локалните земјоделски заедници беа воведени **иновативни климатски паметни земјоделски технологии** на три пилот локации во Струмица, Гевгелија и Ресен.

**Отпорноста од ризик од поплави** беше подобрена за ***заедниците од Полошкиот регион*** преку ажурирање на Планот за управување со ризик од поплави за горниот тек на реката Вардар и утврдување на мерки за зголемување на отпорноста на двата најголеми урбани центри во Полог, градовите Тетово и Гостивар. Идентификувани се главните извори на седимент (свлечишта и поројни потоци) во регионот, и финализирана е техничката документација за **стабилизација на поројот во Шипковица** и за **регулација на речното корито** на Боговињска Река. Интегрираното климатски отпорно **прекугранично управување со ризик од поплави на сливот на реката Дрим**, исто така, беше зајакнато. Со поддршка на ОН, на македонска страна на коритото на реката Дрим беа додадени **17 хидролошки и 9 метеоролошки станици.** Покрај тоа, поголема точност на предвидената опасност од поплави и планирање на управувањето со ризикот беше овозможена преку собирање на **историски хидролошки и метеоролошки податоци** од 1960 година наваму и развој на **дигитален модел на терен со висока резолуција (DTM)** со користење на софистицирана технологија (LiDAR метод на истражување, површина од приближно 4.125 км2). Изработена е техничка документација за **реставрација на река Сатеска и пренасочување во нејзиното природно речно корито.** Исто така, беше спроведена проценка на капацитетот за имплементација и спроведување на **плановите за управување со речните сливови.**

Во однос на урбаната отпорност, беа ажурирани/развиени Планот за проценка на загрозеност од сите видови ризици и опасности и Планот за заштита и спасување од пожари на Град Скопје. Изготвена е техничката документација за антиерозивни мерки на Скопска Црна Гора, за спречување на големи поплави како онаа во 2016 година. ОН ја поддржаа имплементацијата на Акцискиот план за закрепнување од КОВИД-19 за неформалните населби на Западен Балкан. ОН обезбедија градење на капацитетите и врсничко учење за земјите од Југоисточна Европа за координација во планирањето за користење на земјиштето и процедурите за индустриска безбедност.

Подготвеноста за здравствени вонредни состојби беше зголемена со **зајакнување на капацитетите за детекција** на државните здравствени лаборатории (обезбедување на опрема, материјали и лична заштитна опрема, неделни обуки, зајакната ИТ инфраструктура), развој на **Националната стратегија за геномско секвенционирање**, воспоставување на ***Онлајн платформа за обука за КОВИД-19*** којашто обезбедува акредитирани курсеви за здравствените работници, комуникација за ризик и ангажман на заедницата за заштитно и превентивно однесување за Ковид-19, набавка на **клучна опрема и медицински материјали за болничките одделенија за Ковид-19,** како и воспоставување на Центар за **дејствување во услови на епидемии и други јавно-здравствени вонредни ситуации,** зголемување на капацитетите за стратешко управување и следење



*Здравствен работник се најавува на онлајн платформата за обука https://obuki.zdravstvo.gov.mk која вклучува специфични модули за обука за КОВИД-19, воведени како дел од поддршката на СЗО за одговор на пандемијата во Северна Македонија. Фотографија: СЗО*

на здравствените вонредни состојби. ОН дадоа значаен придонес во **дигитализацијата** и зајакнувањето на електронскиот здравствен систем Мој Термин поврзан со Ковид-19, вклучувајќи: дигитализација и **интероперабилност/споделување на податоци** за Ковид тестирање меѓу сите лаборатории, матични лекари и епидемиолози; дигитализација на системот за надзор на контактите; **е-епидемиолошки прашалник; комплетна евиденција на пациенти со КОВИД-19** со ретроактивно импортирање на податоци и аналитика; развој на **модул за телемедицина**, модул- датабаза на податоци за процена на човечки ресурси во здравството и модул за проценка на потребите од опрема и потрошен материјал.

## РЕЗУЛТАТ 3.5

***Зајакнати национални и локални капацитети и зголемена свест за намалување на отпадот и ефикасно управување со отпадот (хемикалии, вода, комунален отпад, опасен отпад, медицински отпад – вклучително и во руралните средини)***

*Агенции:* ***МУТ, УНЕП, УНИДО, УНИТАР, УНОПС***

Со цел ефикасно управување со отпадот, ОН поддржаа изработка на насоки за општините и регионалните центри за управување со отпад и го проценија нивото на спроведување на **регионалните планови за управување со отпадот** и капацитетот за собирање и транспорт на отпадот на општинските комунални претпријатија.

Исто така, ОН ги поддржаа активностите за **чистење/отстранување на опасен отпад**. Во тек се активностите за отстранување на линданот во **малата депонија во комплексот на ОХИС**, вклучувајќи ги и градежните работи на темелите за да се ограничи просторот за ископ на загадената почва. Исто така, на Институтот за јавно здравје му беше обезбедена **лабораториска опрема** за заштита на здравјето на луѓето и животната средина од негативните ефекти на опасните материи.




*Тековни активности за чистење на малата депонија во комплексот на ОХИС. Фотографија: УНОПС*

РЕЗУЛТАТ 4

# Добро владеење

***До 2025, луѓето во Северна Македонија имаат придобивки од подобрено владеење на правото; политики коишто се базирани на докази, предвидливи и родово одговорни; поголема социјална кохезија; и ефективно испорачување на услуги од страна на транспарентни, отчетни и одговорни институции***

*Придонес кон ЦОР:*

Основите на прво место
Поглавје 3. 23 Судството и основните права
Поглавје 3. 24 Правда, слобода и безбедност

*2021 буџет на ОН*

**$9,084,881**

*Партнери:*

- Кабинет на Претседателот, Кабинет на Премиерот, Заменик претседател на владата задолжен за европска и евроатлантска интеграција, економски прашања, политички систем и добро управување, Секретаријат за европски прашања, Министерства за внатрешни работи, локална самоуправа, труд и социјална политика, надворешни работи, финансии, информатичко општество и администрација, правда, култура, образование и наука, одбрана, животна средина и просторно планирање, здравство, Собрание, Народна банка, Државен завод за статистика, Државен завод за ревизија, Биро за регионален развој, Центри за развој на 8-те плански региони, Врховен суд, редовно судство, Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Академија за судии и јавни обвинители, Народен правобранител, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Меѓуминистерска работна група за усвојување на миграциската политика, Национален совет за родова еднаквост, Царинска управа, Агенција за млади и спорт, Светска царинска организација, ИНТЕРПОЛ, ОБСЕ, Национална комисија за УНЕСКО, Адвокатска комора, Факултет Јустинијан Први, Македонска академија на науките и уметностите, Здружение на финансиски работници, Здружение на единиците на локалната самоуправа, Мрежа на асоцијации на локалните власти (НАЛАС), Град Скопје, општините Аеродром, Битола, Богданци, Боговиње, Центар, Чашка, Делчево, Гази Баба, Гевгелија, Ѓорче Петров, Гостивар, Карпош, Кавадарци, Кисела Вода, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Македонски Брод, Македонска Каменица, Маврово-Ростуше, Новаци, Охрид, Штип, Старо Нагоричане, Струга, Струмица, Свети Николе, Тетово, Велес, Виница, Македонско здружение на млади правници, Акција Здруженска, организации на лица со попреченост и други граѓански организации.

## РЕЗУЛТАТ 4.1

***Унапредено владеење на правото, пристап до правда и заштита и унапредување на човековите права за сите, особено оние кои се изоставени од инклузивните и родово одговорни правни, политички и институционални рамки и градење на капацитети***

*Агенции:* ***ИОМ, УНИЦЕФ, ОХЦХР, УНОПС, УНХЦР, УНОДЦ, УНЕСКО, UN Women, УНФПА***

Со оглед на контекстот на политички и социо-економски предизвици, колективната поддршка на ОН беше од клучно значење за забрзување на потребните реформи кон интеграцијана земјата во ЕУ и одрживиот, инклузивен и зелен раст. Инклузивното и транспарентното креирање политики и донесување на одлуки за иднината, поткрепено со докази и олеснето со иновативни дигитални решенија, придонесе за унапредување во доброто управување, и за владеењето на правото во земјата.

ОН дадоа придонес за подготовка и усогласување на **21 политика и 98 закони и подзаконски акти со законодавството на ЕУ и меѓународните стандарди**, коишто ги промовираат основните права, родовата еднаквост, пристапот до правдата и услугите за жртвите на родово базирано насилство, заедно со надоместокот за претрпената штета од други кривични дела сторени со насилство. Во правосудниот сектор се направи ревизија на граѓанскиот и кривичниот законик, како и на законот за правда за децата. ОН го врежаа принципот „Никој да не биде изоставен“ во креирањето и имплементацијата на политики. Исклучените и маргинализираните групи беа оснажени да ги бараат своите права и ефективно да учествуваат и да влијаат врз одлуките кои влијаат на нивните животи. Унапреден е ангажманот со меѓународните механизми за човекови права, а воспоставена е и независна рамка за мониторинг на правата на лицата со попреченост.




*ПРИКАЗ од кампањата на ОН за бездржавјанство во Северна Македонија од декември 2021. Фотографија: УНХЦР*

**524** **ЛИЦА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО ДОБИЈА** **правна помош**

ОН ги поддржаа властите во насока на изнаоѓање на системско решение за бездржавјанството со измена на **легислативата, кампањата # IBelong и обезбедување правна помош за 524 лица без државјанство во земјата**. На 33 лица без државјанство им беше укажана помош при потврдување на државјанство, додека на 512 лица им беше обезбедено правно советување. Беше изработено видео за подигање на свеста за бездржавјанството и граѓанската регистрација во Северна Македонија, кое беше емитувано на националните медиуми.

**Транспонирањето на законодавството на ЕУ за родова еднаквост беше започнато со Секретаријатот за европски прашања.** Новата Национална стратегија за родова еднаквост (2021-2026) е во собраниска процедура, а усвоени се уште две секторски стратегии - Национална стратегија за рурален и земјоделски развој за 2021-2027 и Стратегија за регионален развој за 2021-2031, со коишто за прв пат се поставени јасни цели за надминување на родовите разлики.

Од ангажманот на ОН со Владата за управувањето со миграцијата и динамиката на населението, произлезе и сеопфатната **миграциска политика за 2021-2025 и соодветниот Акциски план усвоен од Собранието во декември 2021 година**, и развој на профил на миграции за земјата. Во областа на кривичната правда, 40 професионалци ги зголемија своите вештини за работа на предмети со трговија со луѓе, истовремено заштитувајќи ги правата на жртвите.

### РЕЗУЛТАТ 4.2

***Капацитетите на централната и локалната власт се зајакнати за: а) подобро планирање, буџетирање, следење и евидентирање на трошоците и искористување на ресурсите на родово одговорен начин во поддршка на забрзан одржлив развој; б) подобрување на поставеноста и ефикасно испорачување на квалитетни јавни услуги (насочени кон исклучените групи, вклучувајќи го и управувањето со бегалците /миграциите) со подобрена општествена отчетност и учество во донесувањето одлуки***

*Агенции:* ***ИОМ; УНДП, УНОПС, UN Women, УНИЦЕФ***

**13 МИНИСТЕРСТВА**
**31 ОПШТИНИ ИМААТ РОДОВО-ОДГОВОРНИ БУЏЕТИ**

ОН систематски ги унапредуваа капацитетите на државните и недржавните чинители, вклучувајќи ги и владините претставници, централната и локалната администрација, судството, обвинителството, Народниот правобранител, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, ДЗС, другите независни тела, како и граѓанското општество. Администрацијата стекна знаење првенствено за новите усогласени политики и законодавство, Агендата 2030 и ЦОР, и методологијата за проширување на ЕУ, исто така стекнувајќи вештини за пристапување во ЕУ. Севкупните капацитети во областите на динамиката на населението, миграцијата, азилот и меѓународната заштита беа подобрени.

Важна одредница претставуваше развојот на компресивна методологија по којашто ќе се води земјата во поставувањето на долгорочната развојна визија преку формулирање на Национална стратегија за развој, а произлезена од постигнат широк консензус во општеството. Родово одговорното буџетирање продолжи да се спроведува во 13 министерства и 31 општина, зголемено за 10 општини во споредба со минатата година, главно во политиките и буџетите во здравствениот, трудовиот и социо-економскиот сектор. Родовата перспектива, исто така, беше интегрирана во 15 стратешки одговори релевантни за пристапот во ЕУ. Зголемените капацитети и водството на Секторот за еднакви можности на МТСП дадоа за резултат негова засилена улога како **национална родова машинерија** во иницирањето и координирањето на реформите за унапредување на родовата еднаквост. Во таа насока беше формиран првиот **Ресурсен центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање,** кој ќе служи како центар за знаење, олеснувајќи го континуираниот и одржлив развој на капацитетите на јавната администрација.

ОН дадоа значителен придонес за **поеднакво финансирање на основното и средното образование.** Новите методологии за ефикасна распределба на ресурсите овозможија зголемување на трансферите во општините за 8 милиони американски долари за основното образование и 1.5 милиони американски долари за средното образование во националниот буџетски циклус за 2022 година. Со тоа ќе се овозможат бесплатни оброци за учениците од прво до петто одделение, бесплатни таблети за учениците од посиромашните семејства, соодветна распределба на средства за вклучување на децата со попреченост, како и за настава на јазиците на помалите етнички заедници. **Околу 1,000 млади луѓе се вклучија** во повторното осмислување на консултативните процеси, анкетите на U-Report, каналите на социјалните мрежи, и ги засилуваа своите повици за акција во партнерство со претседателот на државата.

Заложбите за децентрализација беа зајакнати со новата Програма за одржлив локален развој и децентрализација за 2021-2026 година и два нови финансиски инструменти (фонд за воедначување и фонд за перформанси) за финансирање на општините, коишто се чека да бидат усвоени од Собранието. **55 општини имаа корист од иновативни дигитални решенија** коишто обезбедија ефикасно учество и испорака на услуги, креирање




*Млади луѓе учествуваат на настан во Градскиот парк во Скопје за да се означи почетокот на платформата U Report, поддржана од УНИЦЕФ, и развиена за да им даде можност на младите да го споделат своето мислење за работите за кои се грижат и да станат позитивни агенти на промени во нивните заедници. Фотографија: УНИЦЕФ*

политики базирани на докази и меѓуопштинска соработка во која беа вклучени 26 општини. Е-платформите за учество на граѓаните, обезбедија можност за активно учество на 700 лица во процесот на донесување одлуки во нивните заедници.

**1,000 МЛАДИ ВКЛУЧЕНИ ВО РЕОСМИСЛУВАЊЕ на иднината на земјата**

### РЕЗУЛТАТ 4.3

***Зголемена искористеност на предвидливоста и квалитетните и расчленетите податоци за подобрено гледање кон иднината, одговорно креирање на политики врз основа на докази и ориентирани кон постигнување резултати и транспарентност, за правата на жените, мажите, девојките и момчињата и ранливостите на изоставените групи, на сите нивоа и во сите контексти, вклучувајќи го и хуманитарниот контекст***

*Агенции:* ***УНДП, УНФПА, UN Women, УНХЦР, УНИЦЕФ***

Во врска со транспарентните и партиципативни процеси на креирање политики во сите гранки на власта и нивоа на управување, поголем фокус беше ставен на доказите и податоците, мерливите цели и индикаторите усогласени со ЦОР. **Индексот на општинскиот развој**, како најсигурен извор на податоци за социо-економскиот развој на општините во државата, беше ажуриран, изработен да биде родово сензитивен и усогласен со Стратегијата за регионален развој за 2021-2031 и Програмата за одржлив локален развој и децентрализација за 2021-2026.

**Комуникациската стратегија, којашто заеднички ја водеа ОН и ДЗО,** позитивно влијаеше на процесот на собирање на расчленети квантитативни и квалитативни податоци за време на пописот во 2021 година, кога капацитетите за анализа и известување на ДЗС беа зајакнати во однос на индикаторите за ЦОР, особено индикаторот за ЦОР 5.1.1 со вклучување на индикатори поделени по пол и дел од Вашингтонската група на прашања за самопроценка на попреченост при собирањето на податоци. ОН продолжија со обезбедување податоци и аналитички истражувања за социо-економското влијание на КОВИД-19 врз децата, жените, жртвите на насилство и другите ранливи групи. Мултимедијалната кампања беше насочена кон негативните ставови за пристапот на децата до правда, во партнерство со ГО и други национални партнери.

ОН во партнерство со клучните национални чинители започнаа заедничка програма која има за цел зајакнување на капацитетите и системите за иновативно и антиципативно управување со миграциите. Дополнително, методологијата и инструментите за истражување произлегоа од работата на големите податоци и приливот на дознаки преку неформални

канали. Во поддршка на тие заложби, **4 видеа од кампањата на социјалните мрежи имаа над 740,000 прегледи или беа опфатени 450,000 лица,** што е речиси 45 пати повеќе од поставената цел, а кампањата се емитуваше и на националните телевизии.

ОН го поддржаа формулирањето на **Национална стратегија за правда за деца**, предлагајќи сеопфатна и прагматична програма на активности за постепено постигнување на позитивна промена за децата во контакт или судир со законот, и зајакнување на капацитетите на Државниот совет за превенција на детско престапништво и други релевантни чинители, притоа обезбедувајќи активно учество на младите во процесот на донесување одлуки.

**„Анализата на случаи на фемициди во Северна Македонија 2017-2020“** покажа висок број на жени жртви, повикувајќи ги одговорните власти да преземат одлучна акција. Повеќе од 1,000 корисници ја симнаа мобилната апликација „Биди безбедна“. Апликацијата, заедно со социјалните мрежи и кампањите за информирање во руралните средини, ја подобрија свеста и пристапот до услугите за РБН.

**3,300** **WOMEN WERE INVOLVED IN AWARENESS RAISING ACTIVITIES** in 2021

за директно учество на граѓаните во донесувањето одлуки во општините. Методологијата за локална демократија ја усвоија 4 нови општини. 44 државни службеници беа избрани да земат учество во втората фаза од проектот ReLOaD. Конечно, преку новодизајнираниот модел на финансирање базирано на проекти од буџетите на локалната власт се поттикна дејствувањето на граѓанското општество, младите и жените на локално ниво.

ОН го засилија застапувањето за еднакви можности на маргинализираните жени. Партнерството со ГО и општините резултираше со 36 мерки за политики со коишто се обезбедуваат услуги сензитивни на родот, возраста и попреченоста во здравството, социјалната заштита, јавниот транспорт, како и за родово базирано насилство. Со поддршка на ОН, **над 3,300 жени беа директно вклучени во информирањето и подигнувањето на свеста** спроведено од страна на ГО и организациите на жените, како и кампањата „Биди гласна и јасна“.

### РЕЗУЛТАТ 4.4

***Социјалната кохезија и доверба се подобруваат преку дијалог и значајно учество на сите, особено на групите што се изоставени.***

*Агенции:* ***УНДП, UN Women, УНХЦР***

Во текот на 2021 година, поголема кохезија и позитивен став на јавноста кон ранливите и исклучените групи се промовираа преку застапување, комуникациски стратегии, конкретни активности и напори за инклузија и интеграција на луѓето кои се најизоставени, вклучувајќи ги и жените, мигрантите, бегалците, барателите на азил, лицата без државјанство и одредени етнички малцинства.

Важна алатка за трансформирање на наративот во општеството е **Стратегијата за комуникација за социјални промени,** којашто беше изработена во 2021 год. од страна на УНХЦР со експерти од Универзитетот во Кентаки. За да се промовира и помогне спроведувањето на стратегијата, беше формирано Советодавно тело составено од претставници од различни сектори на општеството, како и Комуникациски центар, односно беше воспоставена група на лица за комуникација со цел градење на взаемни капацитети за заедничко дејствување за општествени промени.

Преку посебните грантови за медиумите беа овозможени 140 телевизиски форуми за да послужат како механизам

### РЕЗУЛТАТ 4.5

***Зајакнување на националните и локалните капацитети за поврат на имотот и борба против корупцијата во јавниот живот преку подобро спроведување на антикорупциските закони и превентивни мерки***

*Агенции:* ***УНОДЦ, УНДП***

Преку усогласување на националното законодавство со меѓународните стандарди, усвојување на протоколи за контрола на оружјето, и зајакнување на капацитетите на практичарите од агенциите за спроведување на законите и кривичната правда, ОН обезбедија поефикасен одговор и прекугранична и регионална соработка во контролата на оружјето и борбата против трговијата со луѓе, криумчарењето мигранти и други форми на организиран криминал, истовремено заштитувајќи ги и гарантирајќи ги правата на жртвите. Клучните документи за политики, поддржани од ОН - **Стратегијата за поврат на имот и Патоказ за борба против корупцијата и недозволените финансии** – беа од корист за целиот регион на Западен Балкан.




*Кампањата „Биди гласна и јасна!“ ја прикажува работата и иницијативите на жените на локално ниво, важноста на нивното учество во процесите на донесување одлуки, нивниот ангажман, организација и подготвеност за иницирање на промени за доброто на заедницата. Фотографија:*



*Настан во Охрид од 25 јуни 2021 година, каде министрите за правда, за внатрешни работи, заменици министри, државни секретари и раководители на агенциите за борба против корупцијата од регионот официјално го одобрија Регионалниот патоказ за борба против корупцијата и недозволени финансии за Западен Балкан. Фотографија: УНОДЦ*

# Финансирање и партнерства за ЦОР

ОН обезбедија повеќестрана поддршка за Владата поврзана со подобреното финансирање на Агендата 2030.

За да се подигне свеста и јавната дебата за **финансирање на ЦОР** во земјата, беше организирана Годишната конференција на ОН за 2021 година. Фокусот на настанот беше ставен на **одржливоста во јавните и приватните финансии,** со учество на високи претставници на Владата, на финансискиот сектор и на меѓународната заедница, притоа презентирајќи ги активностите на пионерите во воведување аспекти на одржливиот развој во финансирањето. Понатаму, Прегледот на финансирање на ЦОР во Северна Македонија за 2021 година, изработена од страна на ОН, даде преглед на јавните, приватните, меѓународните и националните финансиски текови и група на препораки за понатамошно зајакнување на фокусот на финансирањето на Агендата 2030.

Тимот на ОН ја поддржа Владата за вклучување на Агендата 2030 во јавните финансии на земјата преку воведување на **родово одговорно буџетирање** на централно и локално ниво (ЦОР 5) и воведување на детална методологија за **означување на буџетот за климата (ЦОР 13)**. ОН, исто така, ја поддржаа земјата во различни **аспекти на даночната политика** за да се зголеми нивото на јавните финансии достапни за постигнување на целите на одржливоста, вклучувајќи ја и **даночната политика за трансферни цени и размена на даночни информации**, како и со развојот на Патоказ за воведување на **данок на јаглерод** (ЦОР 13). Поддршка беше обезбедена и во насока на намалување на **неформалната економија** (ЦОР 8 и 10) и **недозволените финансиски текови** (ЦОР 16), преку развој на индикатори за мониторинг на неформалната економија и кампања за подигнување на јавната свест, како и со развој на Патоказот за борба против корупцијата и недозволените финансии на Западен Балкан.

ОН, исто така, ја поддржаа Владата во развојот на **иновативни инструменти за финансирање** за да се овозможи поефикасна распределба на средствата за ЦОР во делот на:

- *зелени финансии* - развој на **Инструмент за зелено финансирање,** зголемен пристап до **Зелениот климатски фонд** (ЦОР 7 и 13)
- *општински финансии* - поддршка на новоформираниот **Фонд за перформанси и Фонд за воедначување** за зајакнат фискален капацитет и зголемени приходи за општините (ЦОР 16)
- *финансии за животна средина* - имплементација на **Повеќепартнерскиот фонд за животна средина** на ниво на држава, овозможувајќи ефикасно здружување на финансиските придонеси од различни поддржувачи за чистење на опасниот отпад во фабричкиот комплекс на ОХИС (ЦОР 12)

На пример, Инструментот за зелено финансирање, нов финансиски механизам со очекуваната вредност од 46 милиони американски долари, ќе помогне во комбинирањето на финансиите од Заедничкиот фонд на ОН за ЦОР, Владата на Северна Македонија, Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и приватните банки во земјата, со цел да се забрза усвојувањето на решенијата за обновлива енергија и енергетска ефикасност од страна на МСП и домаќинствата.



*Годишната конференција на ОН за 2021 година беше посветена на финансирањето на ЦОР во Северна Македонија. Фотографија: ОН КПК*

За промовирање на **одржливо приватно финансирање,** ОН иницираа дискусии и идентификуваа поборници меѓу банкарскиот и приватниот сектор за воведување на **стандардите за добро еколошко, општествено и корпоративно управување, зајакнување на корпоративното известување за одржливост и воведување на Принципите за одговорно банкарство.**

ОН продолжи да работи во партнерство со широк спектар на различни партнери, со директни договори за соработка со над 130 партнери. Партнерствата со меѓународни финансиски институции се збогатени со ново партнерство со ЕБОР за ГФФ (види погоре). Беа истражени можностите за партнерство со избрани субјекти од приватниот сектор на теми како што се воведување на **корпоративно известување за одржливост,** како и спроведени заеднички иницијативи за **подигнување на свеста ЦОР** со Сојузот на стопански комори и Швајцарско-македонскиот бизнис клуб.



*Преглед на финансирање на ЦОР во Северна Македонија за 2021 година, Credit: UN RCO*

# Кохерентност, ефективност и ефикасност на ОН

**Првата година од имплементацијата на РСОР беше обележана со интензивирани колективни и индивидуални напори на организациите за целосна примена на реформата на развојниот систем на ОН во Северна Македонија преку ригорозна примена на принципи, насоки и алатки коишто поддржуваат подобро усогласена и кохерентна работа насочена кон постигнување на подобри резултати и подобрена ефикасност.**

## Програмска усогласеност и кохерентност

РСОР се операционализира секоја година преку заеднички работен план (ЗРП), кој ги содржи сите активности на ОН за поддршка на развојот на државата во рамките на дадена година, изработен во консултативен процес со националните партнери.

ЗРП за 2021 беше првиот таков годишен план во Северна Македонија, одобрен од страна на ЗУК за РСОР во февруари 2021 година, откако беа направени консултации со над 70 партнери на ОН и Владата. ЗРП за 2021 година содржеше детални приоритетни активности, одредници и специфични цели, ставени на едно место да служат како алатка за унапредување на отчетноста фокусирана на подобрени резултати преку елиминирање на преклопувањата и максимизирање на комплементарноста во рамките на четирите приоритетни области на РСОР. ЗРП за 2021 година, исто така, јасно посочува на промената во поддршката од системот за развој на ОН, односно, од директна имплементација кон фокус на овозможувачка и советодавна улога и експертиза за политики.

ОН продолжија со посветените напори за развој на заеднички програми на повеќе агенции на ОН, со цел да се овозможи сеопфатно знаење и експертиза од ОН во земјата за сложените, повеќестрани предизвици. Во 2021 година, се спроведуваа три заеднички програми на ОН – за миграциска политика и квалитетни податоци за миграција; одговор и закрепнување од КОВИД-19, со фокус на е-имунизација, колебливост за имунизација, и пристап до здравствени услуги во оддалечени области; и за унапредување на правата на лицата со попреченост, со фокус на политики, административни податоци, финансиски аспекти и поголемо учество на лицата со попреченост во креирањето на политиките. Три нови заеднички програми беа во процес на подготовка – за воспоставување иновативни инструменти за финансирање (Инструмент за зелено финансирање); зајакнување на дијалогот и градење конструктивни наративи меѓу младите во регионот; и за регионална мобилност на работната сила.




*Информации во реално време за активностите на ОН во Северна Македонија се достапни преку UN-INFO на www.uninfo.org/location/19/unct-overview*

## Транспарентност и отчетност

Покрај подобрувањето на усогласеноста и кохерентноста на активностите реализирани со поддршка на ОН, ЗРП за 2021 значително придонесе кон подобрување на транспарентноста на работата на ОН. Детални информации, – вклучувајќи и финансиски, се ставени на располагање на партнерите за , вклучително и преку јавно достапни канали како што е UN-INFO. Тоа не само што ја зголеми одговорноста кон постигнување на резултати, туку и ја унапреди соработката, партнерствата, размената на информации и избегнувањето на преклопувања во програмирањето на организациите на ОН и владините партнери.

На пример, Рамката за финансирање на активностите дополнително ја зајакнува отчетноста и транспарентноста преку обезбедување на единствена референца и преглед на состојбата со финансирањето на РСОР, како и на средствата потребни за постигнување на предвидените резултати. Рамката за финансирање обезбедува детални информации за износот, изворот, времетраењето и редоследот на финансиските средства коишто се потребни, достапни и предвидени, и кои се планира да се мобилизираат од тимот на ОН во земјата за да се испорачаат резултатите од РСОР. Таа е вградена во Заедничките работни планови и со тоа редовно се ажурира, обезбедувајќи тековен и детален преглед на финансиската состојба.

Употребата на UN-INFO – централна онлајн платформа за планирање, следење и известување на тимот на ОН во земјата, каде што се дигитализирани заедничките рамки за резултати, стратегии и други оперативни алатки за координација, во целост беше воспоставена и промовирана во 2021 година, како клучна алатка за консолидирано следење и известување на придонесот на ОН кон исполнувањето на Агендата 2030 и ЦОР во земјата.

## Заедничко управување и координација

Структурата за управување со РСОР беше воспоставена во текот на 2021 година за да се обезбеди стратешко и секојдневно усогласување помеѓу организациите на ОН и сите други засегнати страни.

Заедничкиот управувачки комитет (ЗУК), највисокото тело за следење на текот на активностите на ОН и Владата, се сретна во март за да даде стратешки насоки и да го одобри ЗРП за 2021 година, кој беше операционализиран преку редовна билатерална и мултилатерална интеракција и координација помеѓу

агенциите на ОН и партнерските министерства и други институции.

На почетокот на 2021 година, беа формирани четири тематски работни групи за РСОР (ТРГ). ТРГ се главниот координативен механизам за обезбедување на кохерентен пристап на ниво на ОН за анализа, планирање, имплементација и мониторинг на резултатите. Тие одржуваа редовни средби во текот на целата 2021 година и, до крајот на годината, станаа клучната платформа за заедничко планирање којашто исто така активно работеше со релевантните владини партнери на заедничко планирање. Овие заеднички активности кулминираа во ноември и декември, со заедничко разгледување и утврдување на приоритети за ЗРП 2022 година, коешто по прв пат беше направено на ваков консултативен начин.

Тимот на претставници на организациите на ОН е клучниот највисок форум за за усогласување на ОН во земјата. Внатрешната координација на ОН, исто така, беше значително зајакната преку формирањето на Тимот за управување со програми (ТУП) којшто обезбедува технички совети и поддршка на Тимот на ОН во земјата и ТРГ за програмските можности и предизвици, со цел да се обезбеди програмска кохерентност.



Годишниот извештај за резултатите на ОН за Северна Македонија за 2020 година за првпат беше достапен на три јазика – англиски, македонски и албански

Понатамошната интензивирана работа преку овие и други заеднички форуми за внатрешна координација – Група за комуникации; Група за управување, евалуација и учење; и различни внатрешни тематски групи – придонесе многу за зајакната кохерентност и усогласување на работата на ОН низ резултатите и мандатите, како и за имплементација на реформата на системот за развој на ОН во земјата.

Поставувањето и целосното функционирање на зајакнатите координативни структури беше овозможено од зајакнатата лидерска улога на ПК на ОН и тоа ѝ овозможи подобро да се позиционира и застапува за целокупната работа и влијание на ОН во земјата. Тоа беше можно само поради поддршката и ресурсите што се обезбедуваат на глобално ниво од страна на донаторите од 2019 година, вклучително и преку Фондот за специјални намени на ОН од каде што се обезбедуваат финансиски средства за зајакнатата Канцеларија на Постојаниот координатор.

## Заедничко застапување

Заедничките активности за застапување и информирање на јавноста, со цел подобрена видливост и доближување на работата на ОН до луѓето, беа зајакнати преку подобрено претставување на стории на заедничката веб-страница во земјата (https://northmacedonia.un.org) и месечниот Билтен за одржлив развој, којшто редовно се испраќа до повеќе од 2.000 претплатници. За понатамошно зајакнување на комуникациите и застапување засновано на податоци, беа обезбедени нови заеднички алатки и услуги за комуникациските тимови на ОН (подобрен прес клипинг, услуги за следење на социјалните мрежи) во текот на 2021 година.



Кампања 16 дена активизам против родово базираното насилство. Фотографија: ОН КПК

Покрај редовните кампањи – 16 дена активизам против родово базираното насилство и кампањата за ЦОР околу Денот на ОН – беа започнати неколку нови иницијативи и кампањи, или беа зајакнати постоечките партнерства во текот на 2021 година, вклучително и со Делегацијата на ЕУ во врска со животната средина и климатските промени.

2021 година ја одбележа и издавањето на првиот консолидиран Годишен извештај за резултатите на ОН за Северна Македонија, во кој беше прикажано заедничкото постигнување на резултати на ОН и Владата и неопходната поддршка од меѓународните партнери во 2020 година, која беше одбележана со КОВИД-19 и затворањето на програмскиот циклус на ОН за 2016-2020 година.

## Ефикасност

ОН Северна Македонија во 2021 година започна со имплементација на Стратегијата за деловно работење (BOS) 2.0 за реализација на глобалната Агенда за ефикасност на ОН. Петгодишниот (2021-2025) заеднички план за операции на ОН се очекува да резултира во оперативна ефикасност, синергија и кохерентност, и се проценува дека ќе заштеди 1,1 милиони американски долари преку елиминирање на трансакциските трошоци, заштеда на време на вработените и корист од економиите на обем. ОН Северна Македонија презеде чекори кон развој или имплементација на заеднички услуги во врска со управувањето со објекти и простории, информатичка технологија, човечки ресурси и финансии и набавки.

Со продолженото влијание од КОВИД-19 врз работните модалитети во земјата во 2021 година, ОН обезбедија континуитет во работењето и оперативно работење без прекин, при што безбедноста и здравјето на вработените беше врвен приоритет. Флексибилното работење од далечина остана во сила, проследено со постепено враќање на работа од канцеларија, кога тоа е изводливо.

# Оценка и научени лекции

## Евалуација на Партнерството за одржлив развој

Конечната независна оценка на стратегијата што претходеше на РСОР, односно, Партнерството за одржлив развој 2016-2020 (ПОР), беше спроведена на крајот на 2019 година, а резултатите дадоа информации за развојот на РСОР за 2021-2025. Во извештајот за евалуација на ПОР, наведени се пет области со препораки за подобрување на резултатите или координацијата на ОН.

1. Зајакнување на меѓуагенциската соработка
2. Управување со податоци и програмски дизајн и мониторинг
3. Одржливост на преземените интервенции
4. Одржливост на финансирањето; и
5. Зајакнување на улогата на тимот на ОН во земјата во координацијата со партнерите за развој

Тимот на ОН во земјата се обврза целосно да ги разгледа петте групи на препораки од евалуацијата. Забелешките од евалуацијата овозможија за ПК на ОН и Тимот на ОН во Северна Македонија да добијат основен преглед и се предводеа од тоа во оперативното работење во текот на 2021 година. Повеќегодишниот одговор на раководството, подготвен во 2020 година, беше разгледан во 2021 година.

До крајот на 2021 година, Тимот на ОН во земјата целосно реализираше 12 од вкупно 38 активности, и 17 беа реализирани во 2021 година, но и понатаму се применливи. Во споредба со претходната година (45% во 2020 година), стапката на реализација беше 67%. 5 активности се во процес на реализација и ќе бидат завршени во 2022 година, додека само 3 активности биле или одложени или делумно реализирани во 2021 година. Повеќе од половина од овие активности остануваат применливи и продолжуваат и во текот на целиот циклус на РСОР.

## Научени лекции

Тесната соработка помеѓу агенциите на ОН обично се остварува во оние области каде што постои јасна реформска агенда, поткрепена со јасно идентификуван проблем и силна посветеност на Владата за промени.

Оттука, националната сопственост е важен фактор којшто ја обликува интеракцијата на агенциите на ОН на ниво на земјата.

Системот на ОН може брзо да стане релевантен и да даде голем придонес во областите каде што претходно имаше минимален ангажман. Ако постои јасна потреба во област каде ОН имаат експертиза, капацитет и искуства, можно е агенциите на ОН да се здружат, да се координираат ефективно и ефикасно да испорачаат резултати во тесна соработка едни со други.

Постојано променливото опкружување, под влијание од комбинација на локални, регионални и глобални предизвици, значително влијае на темпото и одржливоста на резултатите. Новите и иновативни пристапи коишто може да ги забрзаат резултатите од развојот кон Агендата 2030 година треба да вклучуваат (1) систематско и ориентирано кон иднината стратешко планирање и донесување одлуки во рамките на операциите; (2) стратешки ангажман со широк спектар на избрани чинители за мобилизирање на поддршка и ангажирање со сите актери на промени; и (3) поддршка на земјата во развојот на колективна визија и дефинирање на приоритети за иднината со цел да се унапреди заедничкото разбирање и остварување на подолгорочна заедничка визија

**Одговор на тимот на Обединетите нации на евалуацијата на Партнерството за одржлив развој**

*Статус на имплементација заклучно со 31 декември 2021*



# Финансии и мобилизација на средства

## Финансиски преглед

Во 2021 година, на располагање на ОН во Северна Македонија беа ставени 44,9 милиони американски долари, од кои беа потрошени 35,6 милиони долари, што резултираше со стапка на реализација од 79%. Гледано по четирите области на РСОР, најмногу средства беа потрошени во областа Квалитетни услуги за сите (потрошени 10,0 милиони американски долари), и Здрава животна средина (9,2 милиони американски долари), по што следат областите Добро управување (9,1 милиони американски долари) и Инклузивен просперитет (7,4 милиони американски долари). Стапката на реализација е нешто пониска во однос на претходната година поради пандемијата на КОВИД-19, локалните избори и владината транзиција во последниот квартал од годината, одложени постапки за издавање на градежни дозволи, како и одложувања на реализацијата на неколку градежни проекти со поголема вредност. ОН успешно мобилизираше 92% од потребните ресурси за првата година на РСОР, овозможувајќи непречена имплементација. Средствата за спроведување на активностите на ОН во Северна Македонија во 2021 година се добиени од 34 различни извори на финансирање. По начин на финансирање, најголем дел од расположливите средства беа добиени во форма на средства од донатори за конкретни проекти и програми (42 %), по што следеа финансирање од Владата (21%), основни финансиски средства (17 %), финансирање од глобални вертикални фондови (13 %), од здружени фондови (5 %), од тематски фондови (2,5 %) и финансирање од приватниот сектор (0,1 %).

Десетте најголеми извори на неосновни финансиски средства за активностите на ОН во Северна Македонија, сметано врз основа на реализирани трошоци во 2021 година, беа од Северна Македонија, Швајцарија, Шведска, Глобалниот еколошки фонд, Европската Унија, Норвешка, Велика Британија, и Град Скопје. Значителните средства обезбедени од Северна Македонија за активностите на ОН во 2021 ги рефлектираат големите набавки на опрема за справување со Ковид-кризата спроведени со поддршка од ОН и со кредитно финансирање од Светската банка кон Владата, како и владиното кофинансирање на активностите за креирање на нови работни места, претшколска инфраструктура, и анализи на финансирањето за основното образование.

**Вкупно потребни средства, расположливи средства и расходи во 2021 година**

*Податоци заклучно со 31 март 2022 година, за периодот од 1 јануари 2021 – 31 декември 2025, во милиони американски долари*







**2021 Расходи по ОН организација**




**2021 Расходи по извор на финансирање во 2021 година**

*Според податоци од 31 март 2022, за 1 јануари – 31 декември 2021, во милиони US$*




Извор: ОН Северна Македонија, 2022; достапни available funding and expenditures are based on UN entities' financial systems or financial statements information as of 31 March 2022. UNHCR expenditures are estimates based on historic delivery rate as their expenditure reporting is consolidated only in April.

# Мобилизација на средства

Кон крајот на 2021 година, ОН Северна Македонија ја разви **Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за РСОР** (СМРП), којашто ги дефинира заеднички квантитативни цели и квалитативни пристапи за мобилизација на средства и партнерства за петгодишниот период на РСОР. Во Стратегијата се наведени целите на тимот на ОН за заедничка мобилизација на средства и партнерства, како и главните активности и пристапи за да се обезбеди покохерентен, рационализиран и транспарентен пристап. Годишното известување за напредокот во постигнувањето на целите од оваа Стратегија е презентирано подолу.

ОН Северна Македонија има **добри резултати во однос на мобилизирањето на финансиски средства потребни за реализација на РСОР (Цел 1 на СМРП),** . На крајот на 2021 година, веќе беа обезбедени **89.1 милиони американски долари** за активностите планирани за петгодишниот период, што претставува 50 % од вкупно потребните 178 милиони американски долари за постигнување на резултатите предвидени со петгодишната РСОР. Анализирано на годишно ниво, до крајот на 2021 година беа обезбедени 92 % од потребните средства за 2021 година и 75 % од потребните средства за 2022 година. До 2025 година, преостанува да се мобилизираат 89,1 милиони американски долари или 50 % од вкупно потребните средства. Во однос на **квалитетот на финансирањето/начин на финансирање,** поголемиот дел од финансиските средства добиени досега се во форма на неосновни средства (79,3 милиони американски долари, 88%). Најголем дел од придонесот е добиен преку финансирањето на проектите и програмите (48 %), по што следи финансирање од владини средства (15 %), од здружени фондови (12 %), од основни средства (12 %), од глобални вертикални фондови (10%), од тематските фондови (3 %) и од приватниот сектор (помалку од 1 %). Делот на **владиното кофинансирање (цел 4 на СМРП)** и средствата од **здружените и вертикалните фондови** се зголеми и зависноста од наменските финансиски средства за проекти и програми беше намалена, што резултираше со **подобрена комбинација на финансирање (пристап на СМРП).**

Според обезбедените средства до крајот на 2021 година, **десетте главни извори на финансирање за периодот 2021-2025 година** се Северна Македонија, Швајцарија, Европската Унија, Шведска, Заедничкиот фонд за развој на животната средина, Глобалниот еколошки фонд, САД, Велика Британија, Норвешка и Град Скопје.
ОН Северна Македонија продолжи посветено да работи на **зголемување на заедничкото (повеќеагенциско) програмирање** и во овој дел ја има постигнато годишната цел дефинирана под цел 3 од СМРП . Во 2021 година, беа развиени четири нови заеднички програмски идеи на темите зелено финансирање, права на лицата со попреченост, регионална миграција на работна сила и регионалниот дијалог и младите. Во текот на 2021 беа обезбедени средства за една од овие програми (за подобрување на правата на лица со посебни потреби). Во 2021 беа обезбедени околу 500,000 американски долари како нови средства за заеднички програми.

**Потребни и расположливи средства за РСОР 2021-2025**

*Податоци заклучно со 31 март 2022, за 1 јануари 2021- 31 декември 2025, во милиони амер.долари*




**2021-2025 Расположливи средства по начин и извор на финансирање**

*Податоци заклучно со 31 март 2022, за 1 јануари 2021- 31 декември 2025, во милиони амер.долари*







** Other sources include: City of Skopje, Adaptation Fund, UNDP/UNICEF/FAO thematic funds, Migration MPTF, RCS-SPTF, Slovakia, GCF, UN Covid-19 RRF, WB-SALW MPTF, FAO FMM, Montreal Protocol, Germany, Austria, UN-PRPD, Netherlands, Canada, France, Bulgaria, IOM-IDF, Makedonski Telekom.*

Извор: ОН Северна Македонија, 2022; достапни средства и расходи според финансиските системи или изјави на ОН организации. Информации заклучно со 31 март 2022

# Приоритети на ОН во Северна Македонија во 2022 година

Во втората година од спроведувањето на РСОР, ОН во Северна Македонија ќе продолжи да дава совети и поддршка за политиките на државните институции за забрзување на спроведувањето на Агендата 2030, како што е договорено во Заедничкиот работен план за 2022 година со Владата. Агенциите на ОН и понатаму ќе се фокусираат на поддршка на стратешките приоритети на национално ниво, вклучувајќи ја и Националната стратегија за развој, процесот на пристапување во ЕУ и актуелната владина програма.

Во областа на **инклузивната благосостојба (резултат 1 од РСОР)**, ОН ќе продолжат да **создаваат и поддржуваат работни места и отпорни МСП,** поттикнувајќи напредна технологија и вештини прилагодени на потребите на иднината, промовирајќи деловни можности и знаења во секторите на културата и креативноста и зајакнувајќи ги капацитетите за одржлива и конкурентна рурална економија. Ќе се зајакнува **способноста за вработување на младите, жените, лицата кои тешко доаѓаат до работа и лицата со попреченост** преку активни мерки за вработување и модели за доживотно учење. Регулативите ќе бидат дополнително усогласени со стандардите на МОТ и ЕУ, олеснувајќи го пристапот до работни места за сите, вклучувајќи ги и дигиталните услуги. Ќе се поддржат капацитетите за олеснување на трговијата и отпорно земјоделство и ќе се вложат напори за поттикнување на продуктивниот ангажман на дијаспората. **Квалитетот на вработувањето** ќе има придобивки од ратификацијата на Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, формализирање на секторот на хотелиери и угостители, и зајакнување на инспекциските капацитети. Управувањето со здравјето на животните и консолидацијата на земјоделското земјиште ќе продолжи на ниво на политики и во пракса, со понатамошно вклучување на родовите аспекти во политиките за **рурален развој и буџетирање.**

Во делот на **социјалните услуги (резултат 2 од РСОР)**, ОН ќе продолжат да ја поддржуваат имплементацијата на националната реформа на примарната **здравствена заштита** преку реорганизација и зајакнување на квалитетот на здравствените услуги; градење на капацитети и активности за подигнување на свеста на системско ниво, но и со фокус на специфични сегменти од системот; подобрување на регулаторната рамка, како и развој на капацитетите на здравствената работна сила. Ќе се обезбеди континуирана поддршка во развојот на ***образовните*** политики и придружните програми коишто придонесуваат за безбедно, здраво, родово одговорно, инклузивно опкружување со обезбедени соодветни средства, преку поддршка на развојот на наставните програми за основно образование и развој на нов концепт за општо средно образование (наставни програми и други активности). ОН ќе ги поддржат националните партнери со цел да се обезбеди **заштита** на лицата на кои им е потребна и **понатамошно подобрување на услугите од социјалната заштита** за ранливите категории. Превенцијата на насилството и борбата против семејното и родово базираното насилство, исто така, ќе останат главен приоритет. Ќе се продолжи со поддршката за зајакнување на **системот за згрижување** на деца за ефикасно справување со одвојувањето на семејството, негативните искуства и исклученоста, преку воспоставување механизми и услуги, и развој на капацитетите на кадарот на социјалната служба.

Во областа на **здравата животна средина (резултат 3 од РСОР),** ОН ќе продолжат со работата на климатските промени, проширувајќи ја поддршката за адаптација, управување со природните ресурси, намалување на ризикот од катастрофи, загадување на воздухот и управување со отпадот. Некои од клучните предвидени активности вклучуваат унапредување на **капацитетот за адаптација кон климатските промени** преку развој на Национална стратегија за адаптација и преку имплементација на практични мерки за адаптација во земјоделството (подобрена инфраструктура за наводнување и ефикасно управување со земјиштето и водните ресурси); понатаму, зголемено **зелено финансирање** (Инструмент за зелено финансирање), поддршка за подобрена заштита на природата, **позелено земјоделство и туризам**, **управување со отпадни води и цврст отпад** во Преспа, нови активности за **неутралност на деградацијата на земјиштето** и одржливо управување со земјиште и шуми, финализирање на Студијата за извори на загадување за Скопје, потенцијално реплицирање на активностите за **намалување на загадувањето на воздухот** преку подобрено греење во избрани градови надвор од Скопје, континуирани активности за **намалување на ризикот од поплави** во Полог и на реката Дрим, како и завршување на **чистењето на** опасниот отпад во малата депонија на комплексот на ОХИС.

Во областа на **доброто управување (резултат 4 од РСОР),** ОН ќе продолжат да го унапредуваат владеењето на правото и доброто управување преку зајакнување на потранспарентни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа, како и креирање на политики коешто е напредно, предвидливо и засновано на докази. ОН ќе продолжи да го поддржува процесот за Националната стратегија за развој, со којашто ќе се постави долгорочната визија за развој на земјата за следните две децении врз основа на пристапот на целото општество. Поддршката на ОН за **процесот на приближување кон правото на ЕУ и усогласувањето со меѓународните стандарди** ќе се фокусира на основните права и родовата еднаквост, судските реформи, особено кривичната правда и правдата за децата, управувањето со миграциите, антикорупцијата и поврат от на имотот и борбата против организираниот криминал и заштитата на жртвите. ОН ќе продолжат со забрзување на реформите на политиките и институционалните реформи коишто имаат за цел да обезбедат родово одговорно планирање и буџетирање сензитивно на возраста и и попреченоста, како и квалитетни услуги фокусирани на луѓето. Преку промовирање на учеството на граѓаните и дејствувањето на младите луѓе, жените и луѓето изоставени во донесувањето на одлуките, ОН ќе придонесат за зајакнување на демократското управување и поголема кохезија на општеството составено од различности во земјата.

Принципот „никој да не биде изоставен“, родовата еднаквост, човековите права и вредностите и принципите на ОН утврдени во Повелбата на ОН и договорите ќе продолжат да ја водат работата, планирањето и застапувањето на ОН за Северна Македонија.

ОН ќе продолжат да ги промовираат и зајакнуваат координираните пристапи кон партнерствата, заедничките и координираните можности за финансирање на РСОР и финансирање и застапување на ЦОР; и ќе предвидуваат, спречуваат и управуваат со ризици поврзани со внатрешни и надворешни шокови коишто би можеле да го поткопаат остварувањето на Агендата 2030.

Ќе се продолжи со работа кон поставените цели за мобилизација на средствата, вклучувајќи ги и забрзаните напори за зголемување на внатрешната **координација во пристапувањето на донаторите (цел 2 на СМРП), подобрување на транспарентноста (цел 5 на СМРП) и искористување на поголемите финансиски текови (пристап на СМРП).**

Во делот на деловните иновации, ОН Северна Македонија дополнително ќе ги процени, прилагоди и зајакне внатрешните процеси за да промовира и генерира поголема оперативна ефикасност, синергија и кохерентност преку имплементација на својата Стратегија за деловно работење и други заеднички работни текови.


Линк до ЗРП *2022*

Линк до документот за РСОР

ENG MKD ALB




# Анекси

## [1] Партнери во Северна Македонија за 2021

### Влада и државни агенции

Академија за судии и јавни обвинители
Управен суд
Агенција за катастар на недвижнини
Агенција за млади и спорт
Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Биро за регионален развој
Биро за развој на образованието
Центри за социјална работа
Центри за развој на планските региони
Град Скопје
Центар за управување со кризи
Царинска управа
Дирекција за заштита и спасување
Кабинет на Вицепремиер задолжен за економски прашања
Кабинет на Вицепремиер задолжен за европски и евроатлантски интеграции
Кабинет на Вицепремиер задолжен за политички систем и добро управување
Управа за е-здравство
Агенција за вработување
Агенција за храна и ветеринарство
Фонд за иновации и технолошки развој
Фонд за здравствено осигурување
Виш управен суд
Завод за социјални дејности
Меѓу-министерска работна група за усвојување на миграциската политика
Судство
Единици на локалната самоуправа
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Министерство за култура
Министерство за одбрана
Министерство за економија
Министерство за образование и наука
Министерство за животна средина и просторно планирање
Министерство за финансии
Министерство за надворешни работи
Министерство за здравство
Министерство за информатичко општество и администрација
Министерство за внатрешни работи
Министерство за правда
Министерство за труд и социјална политика
Министерство за локална самоуправа
Министер без портфолио задолжен за дијаспора
Општински центри за социјални работи
Општини
Народна банка
Национална комисија за борба против насилен екстремизам и борба против тероризам и Меѓу-агенциска работна група за реинтеграција
Национален комитет за СНЕ и БТ
Национално координативно тело за имплементација на КПЛП
Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
Институт за јавно здравје
Собрание
Кабинет на Претседателот
Кабинет на Претседателот на Владата
Јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција
Управа за јавни приходи
Регионални канцеларии за вработување
Секретаријат за европски прашања
Државен завод за ревизија
Државен инспекторат за труд
Државен завод за статистика
Врховен суд
Канцеларија на Националниот координатор за СНЕ и БТ
Институти за стручно образование

### Граѓански организации

Национален младински делегат во Генералното собрание на ОН
Акција Здруженска
Здружение на финансиски работници
Здружение на социјални работници
Здружение на специјални едукатори
Здружение на единиците на локалната самоуправа
Здружение ЗМАИ
Балканска фондација за одржлив развој
Центар за истражување и креирање политики
Стопански комори
Канцеларија на организацијата Поврзување на природните вредности и луѓето
Совет за превенција на малолетничко престапништво
Организации на работодавачи
Здруженија на земјоделци
Проект Опции за здрав живот- Скопје
Хелсиншки комитет за човекови права
Меѓународна унија за заштита на природата – Источна Европа и Централна Азија
ИЗБОР СТРУМИЦА
Македонско еколошко друштво
Македонски Црвен Крст
Македонско здружение на млади правници
Федерација на фармери
Национален ромски центар
НВО СЕГА ПРИЛЕП
Народен правобранител
Отворете ги прозорците
Организации на лица со попреченост
Организации на производители
Професионални здруженија
Синдикат на здравствени работници
Синдикати
Младински образовен форум

### Академска заедница

Асоцијација за истражување, комуникации и развој
Факултет за земјоделски науки и храна
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Правен факултет „Јустинијан Први"
Факултет за ветеринарна медицина -Скопје
Асоцијација за здравствена едукација и истражување
Македонска академија на науките и уметностите
Медицински факултет Скопје
Универзитет на Југоисточна Европа
Земјоделски институт
Универзитетска клиника за психијатрија
Универзитет „Гоце Делчев" Штип
Универзитет на Саутемптон

### Повеќепартнерски совети

Економски и социјален совет на Северна Македонија
Локални економски и социјални совети на Северна Македонија
Национална комисија за УНЕСКО
Национално координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и запоставување
Национален совет за родова еднаквост
Национален трипартитен социјален и економски совет
Државен совет за превенција на малолетничко престапништво
Национална комисија за УНЕСКО

### Меѓународни партнери

Амбасада на Австрија (АДА)
Амбасада на Кралството Норвешка
Амбасада на Кралство Холандија
Амбасада на Обединетото кралство
Амбасада на Република Турција
Амбасада на Руската Федерација
Амбасада на САД (УСАИД)
Амбасада на Франција
Амбасада на Шведска (СИДА)
Амбасада на Швајцарија (СДЦ, СЕЦО)
Генерален конзулат на Белгија
Германска амбасада
Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit GmbH (GIZ)
Германско федерално министерство за здравство
Германско федерално министерство за труд и социјални работи
Глобално партнерство за вода на Медитеранот
Група на експерти за енергетска ефикасност на УНЕЦЕ
Делегацијата на Европската Унија
Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)
Европска инвестициска банка
Европска фондација за обука (ЕТФ)
Женевски центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ)
Иницијатива за подготвеност и спречување на катастрофи за Југоисточна Европа (ИПСК ЈИЕ)
ИНТЕРПОЛ
Конзуларно претставништво на Република Словачка
Меѓународен сојуз за заштита на природата, Регионална канцеларија за Источна Европа и Централна Азија
Меѓународен центар за креирање на миграциски политики (ИЦМПД)
Меѓународен центар за миграции
Мисија на ОБСЕ во Скопје
Мрежа на здруженија на локални власти на Југоисточна Европа (НАЛАС)
Паневропска програма за транспорт, здравје и животна средина (THE PEP)
Регионална иницијатива за миграции, азил и бегалци (MARRI)
Регионална канцеларија за младинска соработка (RYCO)
Фондација Lions Club International
Централна европска банка

### Приватен сектор и останати

Адвокатска комора
Бизнис конфедерација на Македонија
Дијаспора
Комора на медијатори
Лекарска комора
Медиуми
Установи за примарна здравствена заштита
Разни компании

## [2] Заеднички програми во 2021 година

**Миграциски политики базирани на докази, планирање и дискурс во Северна Македонија**
*Финансирана од Migr ation MPTF, имплементирана од ИОМ, УНХЦР и УНФПА; $1.5 милиони, 30 месеци траење (1 октомври 2020 – 30 април 2023)*

**Безбедни и иновативни здравствени услуги во време на Covid 19**
*Финансирана од Covid-19 Response and Recovery Fund, имплементирана од УНФПА, СЗО и УНИЦЕФ; $850,000, 14.5 месеци (1 јануари 2021 – 31 март 2022)*

**Од знаење и вклучување – до зајакнување и партиципација (KEEP)**
*Финансирана од UN PRPD и имплементирана од УНДП, УНИЦЕФ, и УНФПА, $400,000 месеци (февруари 2021 – февруари 2024)*

# [3] Трендови на индикатори за резултати од РСОР

| ИНДИКАТОР | КАТЕГОРИЈА | РЕФЕРЕНТНА ВРЕДНОСТ | РЕФЕРЕНТНА ГОДИНА | НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ (2025) | ПОСЛЕДНА ВРЕДНОСТ | ТРЕНД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Инклузивен просперитет** | | | | | | |
| Стапка на вработеност (20-64) | Вкупно (20-64 години) | 59.2 | 2019 | 63.1 | 59.44 | ↗ |
| | Жени | 48.4 | 2019 | 49.2 | 49.7 | ↗ |
| | Мажи | 69.8 | 2019 | 74.3 | 68.9 | ↘ |
| | Вкупно млади (15-29) | 34.4 | 2019 | 34.9 | 32.63 | ↘ |
| | Жени | 28 | 2019 | 28.2 | 27.79 | ↘ |
| | Мажи | 40.4 | 2019 | 41.8 | 37.2 | ↘ |
| Процент на неформално вработување во целокупната економија | Вкупно | 16.1 | 2019 | 14 | 12.93 | ↗ |
| | Жени | 13 | 2019 | not set | 10.1 | ↗ |
| | Мажи | 18.1 | 2019 | not set | 14.89 | ↗ |
| | Вкупно млади (15-24) | 24.01 | 2019 | not set | 16.53 | ↗ |
| Процент на млади луѓе кои не се вклучени ниту во вработување ниту во образование и обука | 15-29 years | 24.5 | 2019 | 22 | 24.26 | ↗ |
| | Жени | 28.3 | 2019 | 28.2 | 25.48 | ↗ |
| | Мажи | 20.9 | 2019 | 20 | 23.1 | ↘ |
| | 15-24 години | 18.1 | 2019 | 15.8 | 17.82 | ↗ |
| | Жени | 19.2 | 2019 | 19.1 | 16.83 | ↗ |
| | Мажи | 17.1 | 2019 | 16.9 | 18.75 | ↘ |
| | 25-29 години | 34.9 | 2019 | 33.3 | 34.7 | ↗ |
| | Жени | 43.1 | 2019 | 43 | 39.45 | ↗ |
| | Мажи | 27.1 | 2019 | 25.6 | 30.19 | ↘ |
| Годишна стапка на раст на БДП по вработено лице | | -1.3 | 2019 | 2.7 | 1.54 | ↗ |
| Индекс на глобална конкурентност | Место | 82/141 | 2019 | 67 | 82 | ↔ |
| | Бодови | 57.3 | 2019 | not set | 57.3 | ↔ |
| WСтапка на работна сиромаштија | Вкупно | 8.8 | 2019 | 7 | 10 | ↘ |
| | Жени | 6 | 2019 | not set | not available | ↔ |
| | Мажи | 10.6 | 2019 | not set | not available | ↔ |
| **Квалитетни услуги за сите** | | | | | | |
| Процент на деца на возраст од 36-59 месеци кои посетуваат програми за образование во рано детство (стапка на посетеност) | Вкупно | 39.8 | 2019 | 60 | 36 (2020) | ↘ |
| | Девојчиња | 47.76 | 2019 | 60 | not available | ↔ |
| | Момчиња | 52.24 | 2019 | 60 | not available | ↔ |
| Процент на деца и млади луѓе на крај на предметна настава, кои постигнуваат минимално ниво на умешност | Читање | 45 | 2018 | 55 | next survey in 2022 | ↔ |
| | Математика | 39 | 2018 | 49 | next survey in 2022 | ↔ |
| Self-reported unmet need for medical examination and care, % of population aged 16 and over | Вкупно | 2.3 | 2018 | 2 | 2.5 (2019) | ↘ |
| | Женски | 2.6 | 2018 | 2.2 | 2.4 | ↗ |
| | Машки | 2 | 2018 | 1.8 | 2.6 | ↘ |
| Proportion of the target population covered by all vaccines included in their national programme | Опфат со сите вакцини | 95 | 2018 | >95 | <90 (2020) | ↘ |
| | 3 дози од ДТП3 | 92.5 | 2018 | 95 | 83.9 | ↘ |
| | Втора доза од MCV2 | 74.8 | 2018 | 95 | 68.5 | ↘ |
| Веројатност да се умре од кардиоваскуларни заболувања, канцер, дијабетес, хронични респираторни заболувања помеѓу 30 и 70 годишна возраст | | 20.3 | 2016 | 18.5 | 22.73 (2019) | ↘ |
| Стапка на застапеност на модерна контрацепција | | 14 | 2018 | 20 | next survey in 2023 | ↔ |
| Стапка на неонатална смртност | | 3.8 | 2019 | 3.5 | 4.2 | ↘ |
| Процент на домаќинства опфатени со кеш трансфери за социјална заштита | | 8 | 2019 | 14.5 | no data available yet | ↔ |
| Индекс на човечки развој | Поени на индексот | 0.759 | 2019 | 0.78 | 0.774 | ↗ |
| | Место | 82/189 | 2019 | not set | 82 | ↔ |

| ИНДИКАТОР | КАТЕГОРИЈА | РЕФЕРЕНТНА ВРЕДНОСТ | РЕФЕРЕНТНА ГОДИНА | НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ (2025) | ПОСЛЕДНА ВРЕДНОСТ | ТРЕНД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Процент на население кое живее под националната линија на сиромаштија* | Вкупно | 21.9 | 2018 | 15.5 | 21.6 | ↗ |
| | Жени | 22 | 2018 | 16.8 | 22 | ↘ |
| | Мажи | 21.8 | 2018 | 14.2 | 21.1 | ↗ |
| | 0-17 годишни | 29.3 | 2018 | not set | 27.8 | ↗ |
| | Млади (15-24) | 29.7 | 2018 | not set | 27.4 | ↗ |
| | Возрасни (16+) | 20.6 | 2018 | not set | 20.4 | ↗ |
| | 25+ | 19.2 | 2018 | not set | 19.3 | ↘ |

## Здрава животна средина

| ИНДИКАТОР | КАТЕГОРИЈА | РЕФЕРЕНТНА ВРЕДНОСТ | РЕФЕРЕНТНА ГОДИНА | НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ (2025) | ПОСЛЕДНА ВРЕДНОСТ | ТРЕНД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Емисии на стакленички гасови (Gg CO2-eq)* | | 8,021 | 2016 | 6196 | 12,290* (2019) | ↘ |
| *Процент на вкупно определени подрачја во земјата што е заштитена* | | 10.34 | 2019 | 15 | 13.47 | ↗ |
| *Годишно средно  нвио на фини честички PM10 (µg/m3)* | | 51.32 | 2019 | <40 | 41.90 | ↗ |
| *INFORM Индекс на ризик (2020) (на скалило од 1 до 10 каде 1 е многу ниско и 10 е многу високо)* | поени | 2.6 | 2020 | 2 | 2.5 | ↗ |
| | ниво на ризик | low | 2020 | very low | Low | ↔ |
| *Воспоставен систем за интегрирано управување со штетници* | | no system in place | 2020 | system in place & fully functional | no | ↗ |
| *Просечна употреба на пестициди по област на засадени култури (kg/ha)* | | 0.22 | 2017 | EU average: 3.14 | 0.3 | ↗ |
| *Степен на имплементација на интегрирано управување со водни ресурси (0-100)* | поени | 33 | 2020 | 60 | 40 | ↗ |
| | ниво | medium-low | 2020 | medium-high | medium-low | ↗ |
| *Процент на обновлива енергија во вкупно бруто износ* | Енергетска потрошувачка | 18.18 | 2018 | 29 | 19.22 (2020) | ↗ |
| | Потрошувачка на електрична енергија | 24.84 | 2018 | 46 | 23.53 (2020) | ↘ |

## Добро владеење

| ИНДИКАТОР | КАТЕГОРИЈА | РЕФЕРЕНТНА ВРЕДНОСТ | РЕФЕРЕНТНА ГОДИНА | НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ (2025) | ПОСЛЕДНА ВРЕДНОСТ | ТРЕНД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Индекс за владеење на правото (севкупно, на скалило од 1 до 10)* | | 0.53 | 2020 | not set | 0.53 | ↔ |
| *Индекс на родова еднаквост* | | 62 | 2019 | 65 | next survey in 2022 | ↔ |
| *Степен на воспоставеност на трајни национални координативни  механизми за детски права* | | weak | 2020 | established | weak | ↔ |
| *Во земјата е воспоставен систем за следење и јавна распределба за родова еднаквост и јакнење на жените* | | no | 2020 | yes | no | ↔ |
| *Индикатори за управување ширум светот* | Просек | 49.72 | 2018 | >60 | 52.92 | ↗ |
| | Глас и отчетност | | | | 50.24 | ↗ |
| | Политичка стабилност и отсуство на насилство/ тероризам | | | | 50.47 | ↗ |
| | Ефективност на Владата | | | | 57.69 | ↗ |
| | Регулаторен квалитет | | | | 68.75 | ↗ |
| | Владеење на правото | | | | 52.4 | ↗ |
| | Контрола на корупција | | | | 37.98 | ↗ |
| *Индекс за отворен буџет* | Транспарентност | 41 | 2019 | >=45 | 41 | ↔ |
| *Процент на официјална статистика усогласена со правото на ЕУ* | | 67 | 2019 | 95 | 67 (2019) | ↔ |
| *Степен на општо задоволство со јавните услуги на локално ниво  (на скалило од 1 до 5)* | Вкупно | 3.07 | 2020 | 3.5 | 2.97 | ↘ |
| | Жени | 3.12 | 2020 | 3.6 | 2.97 | ↘ |
| | Мажи | 3.02 | 2020 | 3.4 | 2.97 | ↘ |
| | Урбани | 3.09 | 2020 | 3.5 | 2.83 | ↘ |
| | Рурални | 3.05 | 2020 | 3.5 | 3.08 | ↗ |
| *Степен на усогласеност на системите за заштита на бегалци и миграции со меѓународни и ЕУ стандарди* | | Рурални | 2020 | fully aligned | mostly aligned | ↗ |
| *Процент на население кое верува дека донесувањето одлуки е инклузивно и одговорно* | | 19.8 | 2020 | 25 | 19.3 | ↘ |

* Овој податок не претставува драстично зголемување на стакленички гасови, туку ја рефлектира промената во методологијата (вклучително и додавањето на сектор шумарство и емисии на гасови од голем број шумски пожари) и достапноста на дополнителни и попрецизни податоци. Со овие промени, се очекува да се ревидираат националните таргети, и истото да биде вклучено во идните планови и извештаи.

# Додаток:

# Детални резултати за 2021

РЕЗУЛТАТ 1

# Инклузивна благосостојба

*До 2025 година, сите луѓе во Република Северна Македонија ќе имаат подобрен животен стандард, преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување, овозможено во инклузивно и иновативно деловно опкружување*

*Придонес кон ЦОР:*

Основите на прво место: Економски развој и конкурентност
19. Социјална политика и вработување;
20. Политика за претпријатија и индустрија;
26. Образование и култура

*2021 буџет на ОН*

**$7,394,489**

*Партнери:*

Министерство за труд и социјална политика; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за образование и наука, Секретаријат за европски прашања, Агенција за вработување; Регионални канцеларии за вработување; Фонд за иновации и технолошки развој; Синдикати; Здруженија на работодавачи, Економски и социјален совет; Локални економски и социјални совети; Здруженија на земјоделци, Организации на производители, Факултет за ветеринарна медицина - Скопје, Министерство за здравство, Државен инспекторат за труд, Синдикати, Агенција за катастар на недвижности, Центар за социјална работа, Факултет за земјоделство и храна, Агенција за храна и ветеринарство, Фонд за иновации и технолошки развој, ИЗБОР СТРУМИЦА, Локални економски и социјални совети на Северна Македонија, Македонско здружение на млади правници, Министерство за економија, Министерство за внатрешни работи, Општина Гостивар, Општина Прилеп, Општина Штип, Општина Битола, Општина Чешиново-Облешево, Општина Долнени, Општина Шуто Оризари, Национален комитет за БНЕ и СТ, Национална федерација на фармери, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Национален трипартитен социјален и економски совет, НВО СЕГА ПРИЛЕП, Народен правобранител, Универзитет на Југоисточна Европа, Државен инспекторат за труд, Државен завод за статистика, Канцеларијата на Националниот координатор за БНЕ и БТ

## 1.1. ЗГОЛЕМ БРОЈ НА ОДРЖЛИВИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Во 2021 година, ОН го ставија фокусот на поддршка на бизнисите за да се справат со продолжената криза предизвикна од Ковид-19 и да изградат отпорност преку советодавни и дигитализирани услуги со содржини развиени во соработка со приватниот сектор. Во рамките на овие програми, преку **УНДП**, околу **500 средни, мали и микро претпријатија (МСМП)**, од кои 30 % управувани од жени, беа поддржани со бизнис менторство и советување, претежно во областа на онлајн и дигитален маркетинг. Програмите за **самовработување на УНДП и УНОПС** резултираа со **72 стартапи кои отворија околу 80 нови работни места**, од кои 28 за лицата со попреченост, од кои 5 се жени. Во целина, со различни интервенции, претежно во рамките на **Програмата за работа во заедницата на УНДП**, ОН помогнаа во **создавањето на преку 1,000 работни места**, од кои 391 за младите.

**МОТ** придонесе за **вработливоста на младите** преку поддршка на спроведување на **планот за Младинска гаранција** со што се отворија **6,787 работни места за младите луѓе во 2021 година.** Понатаму, **УНДП** работеше на градење на вештини, вклучително и преку **Младинскиот ресурсен центар – iCan**, новооснован давател на услуги за обуки и центар за иновации, којшто нуди поддршка за младите луѓе во Полошкиот регион за барање работа, креирање бизнис, кариера, иновации и развој на вештини, старт-ап инкубација и други. Центарот беше и официјално избран да ја спроведува „Програмата за практикантска работа“ во рамките на Националниот оперативен план за вработување за 2021 година.

**УНДП** помогна во градење на вештини за „иднината“ преку платформа којашто ги обединува бизнисите, професионалците од индустријата, академската заедница, јавниот сектор, мрежите за економски развој со цел да соработуваат за воведување на нови технологии и да постигнат трансформативна промена. **Центарот за обука за нови вештини (FSC), SkillsNext**, беше основан и целосно опремен на кампусот на Универзитетот на ЈИЕ, обезбедувајќи обуки за дигитални вештини, како што е Моделирање на информатички информации (BIM), 3D дизајн и сончева енергија за **над 306 луѓе**, вклучувајќи 156 од текстилната, градежната и обновливата индустрија. Покрај тоа, беа развиени 6 нови стандарди за занимања заедно со 6 нови програми за стручно образование и обука. **МОТ** исто така ја опреми **Лабораторијата за стекнување вештини за 3D анимации и интеракции во виртуелната реалност**, како симулиран простор за учениците по електротехника и електроника, заедно со обука подготвена во консултации со Организацијата на работодавачи на Македонија. Прегледот на занимања беше технички надграден и проширен од страна на **МОТ** во 2021 година и сега содржи профили на 60 занимања.

Проект спроведен од страна на **УНДП**, имаше за цел да се **зајакнат вредносните синџири** преку воведување на технологија за пакување во модифицирана атмосфера (МАП) за продолжување на рокот на траење на свежите




*Младинскиот ресурсен центар iCan, поддржан од УНДП, одбележа една година од почеток на работата во 2021. Центарот со седиште во Гостивар обезбедува уникатни услуги за учење, иновација и вработување на младите од Полошкиот регион. Фотографија: УНДП*

земјоделски производи, како и преку олеснување на договорите за земјоделство за 30 земјоделски семејства кои работат на органско производство.

**УНЕСКО** ги промовираше економските можности на **креативните индустрии** на меѓународниот форум Мрежа на креативни градови: „Креативните индустрии - мост на иднината помеѓу културата и креативната економија" и обезбеди поддршка за реализација на слични проекти во земјата кои ќе продолжат и во 2022 година.

### 1.2. РАБОТНИ МЕСТА ЗА ЖЕНИ И РАНЛИВИ/ИСКЛУЧЕНИ ЛИЦА

„Никој да не биде изоставен" има централно место во работата на ОН ширум светот. Во тој контекст, **УНДП** работеше на зајакнување на жените, лицата со попреченост и луѓето кои тешко доаѓаат до вработување во Северна Македонија преку различни интервенции за нивно вклучување на пазарот на трудот. Како резултат на тоа, од вкупно над 1000 отворени работни места, најмалку **653 се за жени, 52 за Роми и 42 за лица со попреченост**, вклучувајќи и 28 во рамки на 20-те стартапи отворени од лица со попреченост. Поголемиот дел од овие работни места беа овозможени со Програмата за работа во заедницата на УНДП, преку која невработените лица обезбедија преку **120 различни социјални услуги за над 8,560 крајни корисници во 46 општини**.

Студиите за социо-економските влијанија покажаа дека поголемиот дел од работните места изгубени на формалниот пазар на трудот за време на кризата со Ковид-19 им припаѓаат на **жени**, кои, истовремено, претежно даваат непризнаени услуги за нега на стари, болни и лица со попреченост. Оттука, **УНДП** му помогна на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) да развие, финансира и спроведе **две нови мерки за вработување во економијата на грижа во вредност од 1,3 милиони американски долари**, со цел препознавање и прераспределба на неплатената работа во овој сектор. Двете мерки се очекува да обезбедат мрежа од 150 оспособени и квалификувани негуватели и стручни лица кои се достапни за 600 лица на кои им е потребна домашна нега и помош и услуги за одмена. Покрај тоа, поддршката на **УНДП за Младинскиот ресурсен центар – iCan** се фокусира на помагање на жените претприемачи, особено во областа на дигиталниот маркетинг. Досега, повеќе од 500 жени учествуваа на настани организирани од страна на центарот, додека **повеќе од 300 жени и девојки посетуваа курсеви**, од кои 70 % беа на возраст од 29 години и помлади.

**УНДП** поддржа иницијативи на ниво на политики за да се олесни инклузијата на **ЛСП** на пазарот на трудот, со што се обезбедува ефикасна испорака на одржливи и стандардизирани услуги за ЛСП. Исто така, се започна и нова програма за градење на капацитетите на организациите на лицата со попреченост (ОЛП) за ефективно да ги претставуваат интересите на ЛСП. Во договор со МТСП, поволната средина беше дополнително зајакната преку три центри за одмена на семејната грижа за ЛСП – еден јавен центар во Демир Капија, еден во Гостивар и третиот го води НВО Хуманост. Обуката за 80 лица на крајот на 2020 за грижа и помош за лица кои се долго време болни, подготвена и обезбедена во партнерство со Министерството за образование и наука, Центарот за образование за возрасни лица и Центарот за СОО, овозможи непречено да се започне со давање услуги на почетокот на 2021. Покрај тоа, **центрите за рехабилитација во Скопје и Струмица**, поддржани од УНДП, обезбедија услуги за ЛСП, односно, работно-ориентирана рехабилитација за 150 лица, 14 вработувања со полно работно време, 20 препораки за самовработување, 25 лица запишани на обуки за работно место и 60 институционално згрижени лица добија психосоцијална поддршка.

**УНДП**, исто така, работеше на вклучување на пазарот на трудот на **луѓе кои тешко доаѓаат до вработување, овозможувајќи им на 900 лица да завршат најмалку една програма за учење на вештини**, а над 70 % од нив беа жени. Вкупно **474 лица имаа корист од услугите за активирање и поддршка за пазарот на трудот**, од кои најмалку 206 Роми и 150 лица со попреченост. Во рамките на програмата ACCEDER, преку 2,000 **Ромки** беа информирани за можностите за вработување. Ромите беа дополнително зајакнати со завршувањето на градбата на единствената градинка во ромската населба Шуто Оризари, со проширени капацитети за вкупно 306 деца. УНДП, исто така, работи на прввиот функционален модел на центарот за ангажман во заедницата за инклузија на 100 деца во ризик. Исто така, во 10 општини, 43 приматели на гарантирана минимална помош беа ангажирани во услуги поврзани со КОВИД-19. **Затворскиот образовен систем**, исто така, беше поддржан од **УНДП, што резултираше со 16 жени и 12 малолетници од вкупно 67 затвореници** да го завршат основното образование за да ги подобрат своите изгледи за реинтеграција во општеството. Завршување на основното образование им беше овозможено и на 52 Роми (од над 206).

Во соработка со Македонското здружение на млади правници и Министерството за труд и социјална политика, **УНХЦР** работеше заедно со други релевантни национални субјекти на идентификување на предизвиците и можностите за да се олесни признавањето на стручните вештини и на специјализираното знаење на оние кои немаат формален доказ дека поседуваат сертификат или диплома, како што се **бегалците**. Организираната **тркалезна маса со 15 чинители од институциите** го продлабочи нивното разбирање за позитивните практики и ограничувањата на капацитетите на бегалците да се вклучат во одржливо обезбедување на егзистенција, но преостанува уште работа во оваа област заедно со релевантните партнери. Покрај тоа, **УНХЦР** и партнерите (Градски Црвен крст) го поддржаа пристапот до вработување за бегалците, преку обуки за меки вештини и компјутерски вештини, поддршка за олеснување на пристапот до националните програми за стручна обука и мерки за вработување, обезбедување информации и поврзување на поддршката за формално вработување. И покрај напорите, ниту еден од бегалците не беше формално вработен во 2021 година.

За да се овозможат партнерства на јавниот и приватниот сектор на **локално ниво**, МОТ поддржа пилот **Локален план за вработување (ЛПВ)** во Битола, каде што преку воспоставениот Стартап центар се отворија 35 работни места (10 - преку стартап програмата, 10 преку ИТ обука и 15 преку саем за кариера). Покрај тоа, врз основа на проценката на ранливоста на повратниците, **УНДП** потпиша Меморандуми за разбирање со 3 општини со цел зајакнување на локалниот систем за поефикасна социо-економска **реинтеграција на повратниците**. За таа цел беа обезбедени 1.5 милиони американски долари од Европската комисија, Генерален директорат за соседска политика и преговори за проширување, како дел од поголемиот регионален проект што ќе се спроведува во следните 3 години. Преку досегашните интервенции за поддршка, 518 невработени лица завршија стручна обука, од кои над 77 % се жени и 87 % конкретно се обучија за услуги за давање нега.

### 1.3. ЗАЈАКНАТИ И РОДОВО ОДГОВОРНИ ПОЛИТИКИ И РЕГУЛАТОРНИ МЕРКИ

Во текот на целата година, ОН помагаа во подготовката на документи за политики, вклучувајќи и закони, мерки и стратегии во согласност со меѓународните стандарди за труд и законодавството на ЕУ. Фокус беше ставен и на подготовката и спроведувањето на услуги поврзани со вработувањето за компаниите и ранливите групи, како и на градењето на капацитетите за функционален социјален дијалог во процесот на правни консултации.

Новата **Национална стратегија за вработување (НСВ) 2021- 2027 со нов Акциски план за вработување 2021-2023 и Работен план со преглед на занимањата 2022-2026** се изработени и усвоени со поддршка на **МОТ**. НСВ вклучува три клучни цели на политиките: 1 подобрување на квалитетот на образованието и резултатите од обуката за сите (вклучувајќи го и надминувањето околу несовпаѓање на квалификациите); зголемување на процентот на резултатите од PISA 2025 во образованието

за возрасни); 2. унапредување на економските политики и политиките за развој на претпријатијата за создавање пристојни работни места (на пр. подобрување на индексот на конкурентност; зголемување на вработеноста на 60 % и намалување на невработеноста кај младите на 27/23 %) и 3. зајакнување на инклузивноста на политиките на пазарот на трудот, вклучувајќи го и намалувањето на родовиот јаз во вработувањето за 15 %; долгорочна невработеност за 10 % и лица изложени на ризик од сиромаштија и социјална исклученост за 18 %.

Покрај тоа, **УНДП** ја помогна изработката на првата **Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија (2021-2027) со тригодишен Акциски план,** како прв чекор кон воспоставување на поволен екосистем за развој на социјалните претпријатија, усвоен во 2021 година.

Со помошта од **UN Women и ФАО** за Работната група за родова еднаквост во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), родовите аспекти беа интегрирани во новата **Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027,** усвоена од Владата на почетокот на 2021 година.

Во однос на законите, поддршка од МОТ беше обезбедена за подготовката на **Законот за работни односи**, којшто содржи одредби кои се однесуваат на новите реалности на пазарот на трудот (на пр. работа на далечина), особено регулативи за нестандардни форми на вработување врз основа на извршената национална дијагностика од страна на ОН за различните форми на работни аранжмани во земјата со препораки за политика за обезбедување ефективна заштита на работните односи и социјална заштита.

**УНДП**, исто така, ја поддржа подготовката на новиот **Закон за вработување и осигурување**, каде што се опфатени структурните недостатоци помеѓу различните регулативи и правните аспекти коишто овозможуваат или оневозможуваат вклучување на пазарот на трудот на лицата со попреченост. Моделите развиени преку ЈПП, исто така, ќе вклучуваат развој на финансиски механизми кои ќе ги поддржат услугите за работно-ориентирана рехабилитација и механизмот за социјални договори.

Од страна на УНДП беше обезбедена техничка поддршка за изработка на нов **Закон за образование на возрасните,** врз основа на Концептот за средно образование на возрасните и Концептот за регионални центри за стручно образование, со којшто се уредува инклузивното образование во согласност со Конвенцијата за правата на детето (КПД), Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и ЦОР. Во оваа област, ОН обезбедија 68 асистенти за учениците со попреченост во средното образование, како дел од Програмата за работа во заедницата.

Новиот **Закон за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост**, во согласност со меѓународните стандарди и доброволните насоки за одговорно управување со закуп на земјиште, рибарство и шуми, беше подготвен со помош на **ФАО** преку широки јавни консултации. Овој важен чекор за ставање на државното земјоделско земјиште, вклучувајќи го и напуштеното земјиште, во функција на развојот на земјоделството и производството на храна, ќе заврши со усвојувањето на законот во 2022 година.

Со поддршка од **МОТ**, **Економскиот и социјален совет (ЕСС)** се позиционираше како важен актер во развојот на економската, трудовата и социјалната политика. На пример, ЕСС успешно ја водеше тристраната дискусија за антикризните мерки, проширувајќи ги субвенциите за плати на подолг период во согласност со препораките во документите за политики на МОТ ; и изврши влијание на Законот за работни односи и законското решение за недела како неработен ден. Аналитичките документи на МОТ дополнително опфатија теми во областа на одржливите претпријатија и претприемачката култура, колективното договарање, индикаторите за работна сила и сиромаштија и стратегиите за активирање на работната сила. Покрај тоа, МОТ поддржа **12 локални економски и социјални совети (ЛЕСС)** со локална дијагностика на пазарот на трудот и препораки за премостување на јазот на вештини и надминување на нивното не совпаѓање со пазарот и изработи два Локални акциски планови за вработување (Струмица и Куманово). Видливоста и информирањето за ЛЕСС беа надградени преку комуникациска платформа .

**Од страна на МОТ беше обезбедена помош за ЕСС за проширување на бројот на услуги коишто се нудат на членовите,** што резултираше со **зголемено членство**, вклучувајќи 5,400 нови членови (до 9%) во Сојузот на синдикати (ССМ) и 1 нов гранков синдикат во Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС), 4 нови членови со 1800 работници во Организацијата на работодавачи (ОР) и 20 нови членови со 600 работници во Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ). Новите услуги вклучуваат **10 нови и дигитализирани услуги** на ССМ, вклучувајќи виртуелен советник Синди за правна помош достапна на веб-страницата и мобилната апликација за пријавување на повреда на работничките права; Платформа за е-учење со обуки за законите за работни односи и безбедност и здравје при работа овозможена од ОР, како и компаративна анализа и податоци за платите во рамки на и помеѓу индустриите. КСС обезбеди упатства за правата на работниците и понуди платформа за онлајн регистрација на членовите. Платформа со правно катче и ресурсен центар за МСМП е сега достапна од БКМ со поддршка од МОТ, како и обуки за безбедност и здравје при работа и заштита на работниците од вознемирување на работното место, вклучително и SOS линии со вкупно 506 повици во гранковиот синдикат за одбрана и безбедност.

**Агенцијата за вработување беше поддржана од УНДП за обезбедување на дигитализирани советодавни услуги** преку онлајн Бизнис платформата како одговор на ограничувањето за физички контакти и за да се унапреди ефикасноста на испораката на услуги. Во таа насока, онлајн пристапот за невработените беше поддржан со Систем за управување со документи и интероперабилност со други бази на податоци, пред сѐ со Управата за јавни приходи. **МОТ**, исто така, помогна со **модули за онлајн учење достапни за вработените во Агенцијата за вработување** во областа на евалуација на услуги и програми; ii) дизајн и спроведување на активни програми на пазарот на трудот и профилирање, iii) сегментација и таргетирање на клиентите. Капацитетот на Агенцијата за вработување за следење и известување е дополнително развиен со интервенции на УНДП кои се фокусираат на обучени бизнис советници и кариерни советници.

Со помош на УНДП, Агенцијата за вработување реализираше обука за 150 невработени, којашто успешно ја заврשија 139 учесници, од кои 34 беа вработени. Покрај тоа, во рамките на активните мерки за стручно образование на пазарот на трудот, околу 74 работодавачи аплицираа преку програмата за стручно образование и обука, дизајнирана врз основа на нивните потреби, а 182 невработени лица беа обучени, што гарантира најмалку 91 вработување по завршувањето на обуката. Дополнително беше поддржан и системот за обука на 200 ментори за стручно образование и обука во компаниите.

Исто така, со помош на **УНДП**, беа дизајнирани и спроведени и нови **социјални услуги**, како што се двете нови мерки за економијата за нега вклучени во Оперативниот план за вработување на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) за 2021 година.

Како одговор на КОВИД-19 и другите потенцијални шокови, **ФАО** работеше на зајакнување на капацитетот на **ценовните и пазарните информациски системи и политиката за следење на вредносните синџири и синџирот на прехранбени производи.** Во тој контекст, македонските претставници учествуваа на меѓународната обука за следење и анализа на цените на храната (FPMA), што произлезе како резултат на

зголемувањето на цените во 2008 година, со податоци од скоро 90 земји на глобално ниво, со цел да се обезбеди лесен пристап до податоците и споредбите на трендовите на национално ниво. Поради Ковид-19, подготовките за FPMA во Северна Македонија беа малку одложени и алатката ќе биде целосно тестирана и развиена во 2022 година. Обуката, исто така, вклучуваше биланс на житни култури во земјата, обезбедувајќи сеопфатна слика за понудата и побарувачката на храна во агрегатни термини на земјата за време на одреден референтен период, како и набљудување на земјата за следење на посевите, како корисен увид во достапноста на водата и здравјето на вегетацијата за време на сезоните за берба. Градењето на капацитетите е, исто така, обезбедено преку регионалниот проект на **УНЕЦЕ**, чија цел е зајакнување на капацитетот на економиите во транзиција од Западен Балкан за спроведување на **мерките за олеснување на трговијата и единствениот прозорец.**

### 1.4. ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ НА ВРАБОТУВАЊЕ

Во 2021 година, ОН продолжија да работат со националните институции за надминување на недоволната вработеност, неформалното вработување и заштитата при работа. Во тој контекст, **МОТ** ја поддржа имплементацијата на **Стратегијата за формализирање на неформалната економија**, заснована на трипартитен консензус за мерките за справување со неформалното вработување. Покрај тоа, секторската платформа HORECA е развиена во партнерство со Асоцијацијата на работодавачи во хотелиерството и угостителството (ХОТАМ) достапна на нивната **веб страница** за да помогне во спроведувањето на мерката во 2022 година.

Врз основа на анализата на состојбата на МОТ за **Конвенцијата 190 на МОТ за насилство и вознемирување** и Прирачникот за насилство и вознемирување објавен на македонски јазик и одреден број на производи за **подигнување на свеста** , Економско-социјалниот совет целосно ја поддржа ратификацијата на Конвенцијата. Работата на ратификацијата ќе продолжи во 2022 година.

Понатаму , МОТ помогна со голем број поврзани интервенции, вклучувајќи и **две кампањи: Мој труд, мои права!** (над 20.000 корисници) и кампањата за формализирање на непријавената работа – **Грижи се подобро за персоналот .**

Виртуелната советничка Синди за **правна помош** достапна на веб-страницата на ССМ и мобилната апликација за пријавување на повреди на работничките права развиена со помош на МОТ, резултираше со правна заштита на 3,000 работници врз основа на 95 пријави во соработка со Државниот инспекторат за труд. Преку Одделот за бесплатна правна помош, КСС разреши 83 предмети, заедно со 450 правни телефонски/онлајн консултации за правни лица.

Повеќе од 600 млади лица ја преземаа апликацијата развиена од страна на МОТ и учествуваа на натпреварот Младински права на работа (Youth Rights @ Work), како дел од кампањата Мој труд, Мои права. Покрај тоа, МОТ разви **материјали за учење во рамки на Младински права на работа**, кои беа официјално одобрени од страна на Бирото за развој на образованието и **доставени до 500 ученици од средните училишта од 12 градови,** додека над 500 ученици од 56 средни училишта учествуваа на квизот за основните работнички права.

### 1.5. ОДРЖЛИВА И КОНКУРЕНТНА РУРАЛНА ЕКОНОМИЈА

ОН обезбеди значителна помош за националните власти за зајакнување на конкурентноста и одржливоста на руралната економија, зајакнувајќи ги можностите за жените и малите земјоделци.

Во рамките на проектот на **ФАО**, фокусот беше ставен на консолидација на земјоделско земјиште од околу 3,000 хектари во осум активни области за **консолидација на земјиште**, со што беа опфатени 2,455 сопственици на земјиште и мали земјоделци (од кои 608 или 24,7% се жени). Во 2021 година, со активно вклучување на релевантните чинители, меѓу кои Агенцијата за катастар на недвижности, Националната агенција за поттикнување на развојот на земјоделието, локалната самоуправа, земјоделските организации и приватниот сектор, процесот беше финализиран во село Егри, со ново регистрирано консолидирано земјиште и поддржано со целосна изградба на инфраструктура (канали за одводнување, патишта за наводнување и градежништво) и речиси финализиран во село Дабјани. Вкупното консолидирано земјиште во двете села изнесува 1,078 хектари, од што корист имаат 300 сопственици на земјоделско земјиште, нивните домаќинства и заедници. Бројот на парцели во Егри е **речиси четирикратно намален**, од 874 парцели на 260, со просечна големина на парцелите од 1.30 ха, во споредба со само 0,38 ха пред консолидацијата на земјиштето. Во **Дабјани** бројот на земјишни парцели е намален од 602 на 127 парцели, со просечна големина од 5.84 ха, од само 1.23 ха пред консолидацијата на земјиштето. Новоформираните парцели се со правилна форма и овозможуваат поефикасни земјоделски практики. Интервенциите, исто така, овозможија еднаков пристап на жените до сопственост и контрола на земјоделското земјиште, барајќи согласност од сопружниците за имотот стекнат за време на бракот во фазата на прераспределба на земјиштето и промовирање на регистрација на новите консолидирани парцели на земјиште на име на двајцата сопружници.

Покрај интегрирањето на родовите аспекти во новата Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 со помош на **UN Women и ФАО,** родовата еднаквост во Националната програма за рурален и земјоделски развој 2018-2022 беше унапредена и со поддршка од UN Women. Со **Мерката 115** од оваа програма, 250 жени земјоделски производители добија финансиска поддршка за зајакнување на своите бизниси. Покрај тоа, UN Women потпиша договор за партнерство со Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје за поддршка на МЗШВ со релевантни истражувања, анализи на политиките и **зајакнување на капацитетите за зајакнување на жените во секторот земјоделство.**

**ФАО** му помогна на МЗШВ да ги **зајакне капацитетите за анализа и програмирање на политиките** со насоки базирани на докази за усогласување на националната шема за директни плаќања со регулативите на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ, што е разработено во **документот за политики** „Влијание на одвоените директни плаќања врз приходите на земјоделците во Северна Македонија" . Пресметувајќи ги трошоците за десет земјоделски производи со значајно економско, социјално и стратешко значење за македонскиот прехранбен и земјоделски сектор во пет различни сценарија, анализата покажува дека, во просек, одвојувањето на директните плаќања ќе има позитивен ефект врз приходите на земјоделците. Покрај тоа, ФАО обезбеди специјализирана обука за 35 советници во Националната агенција за поттикнување на развојот на земјоделието и пет службеници од МЗШВ за собирање податоци и пресметка на бруто маржата на трошоците за производство за десет земјоделски производи.

ФАО, исто така, ги зајакна **капацитетите за интегриран развој на локалната заедница** во шест села , со мали инвестиции (на пр. реновирање на објекти, реконструкција, опремување) врз основа на основната анализа на заедницата, насочено кон унапредување на атрактивноста и квалитетот на руралниот живот, во синергија со тековната поддршка за консолидација на земјоделското земјиште во истите области.

РЕЗУЛТАТ 2

# Квалитетни услуги за сите

*До 2025 година, луѓето во Република Северна Македонија ќе имаат универзален пристап до квалитетни социјални услуги засновани врз права – здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита – втемелена во системи отпорни на кризни состојби.*

*Придонес кон ЦОР:*

Кластер 2, Поглавје 28: Заштита на потрошувачите и здравјето
Кластер 3, Поглавје 19: Социјална политика и вработување; Поглавје 25: Наука и истражување, Поглавје 26:Образование и култура

*2021 буџет на ОН*

**$9,967,640**

*Партнери:*

Министерство за труд и социјална политика; Министерство за здравство; Министерство за образование и наука; Министерство за финансии, Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Државен завод за статистика, Биро за развој на образованието, Институт за јавно здравје, општини, Институти за стручна обука; Синдикат на здравствени работници; граѓанско општество; академска заедница; приватен сектор; Здружение за истражување, комуникации и развој, Национален ромски центар, Центар за истражување и креирање политики, граѓански организации (ГО), Управа за е-здравство, Здружение за здравствена едукација и истражување, Фонд за здравствено осигурување, Проект – Опции за здрав живот Скопје, Хелсиншки комитет за човекови права, Македонско здружение на млади правници, Медицински факултет Скопје, Општински центри за социјална работа, Стручни здруженија,

## 2.1. УНИВЕРЗАЛЕН ПРИСТАП ДО ДОСТАПНИ ВИСОКОКВАЛИТЕТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

◊ **Подобрено справување со пандемијата од КОВИД-19 и подобри здравствени услуги за пациентите**

**СЗО обезбеди сеопфатна и суштинска поддршка во градењето на националните капацитети за подобро справување со пандемијата и грижа за заболените од КОВИД-19 преку:**- градење на капацитети за откривање на SARS CoV 2 на националните јавно-здравствени лаборатории преку обезбедување на подготвеност за тестирање на националната лабораторија за вирусологија. Потоа, се обезбеди квалитетно непрекинато спроведување на тестирањето преку набавка на опрема, материјали и лична заштитна опрема за лабораториите, врз основа на робусна проценка на капацитетите, како и непречени неделни обуки за тестирање, известување, биобезбедност и биосигурност. Исто така, инвестирано е во инфраструктура и надградба на серверите за надзор и лабораториски перформанси и за Националната стратегија за геномско секвенционирање изработена и усвоена од страна на МЗ.

- Основање на **Оперативен центар за дејствување во услови на епидемии и други јавно-здравствени вонредни ситуации** со којшто се зголемија капацитетите за стратешко управување и следење на вонредни состојби, зајакнати комуникации и координација, како и можностите за градење на капацитети за активности за следење на контактите.

- воспоставување на **Онлајн платформа за обука за КОВИД-19** на локалните јазици (македонски и албански), овозможувајќи навремена и соодветна обука и техничка помош за сите здравствени работници за управување со случаи на пациенти со КОВИД-19, превенција и контрола на инфекции, рехабилитација, ментално здравје итн., притоа обезбедувајќи одржлив пристап до акредитирани курсеви и висок степен на прием на различни нивоа на здравствена заштита.



*Маж добива прва вакцина против КОВИД-19 за време на Европската недела на имунизација во Скопје. Фотографија:СЗО*

- континуирано спроведување на комуникација за ризик и активности за ангажман на заедницата за да се изгради доверба кај заедницата со цел **зголемено прифаќање на однесувањето за заштита од и превенција на КОВИД-19** со групи идентификувани преку студиите за увиди во однесувањето спроведени од СЗО.

- развој на **капацитетите за управување** со инфодемија на националните здравствени власти, организациите за проверка на факти, организациите на ОН и меѓународните партнери.

- поддршка на **дигитализацијата и подобрувањето на електронскиот здравствен систем** Мој термин, вклучувајќи: дигитализација на сите лаборатории кои вршат тестирање за Ковид и унифицирање на податочниот систем за позитивни тестови и поврзување со матичните лекари и епидемиолози; дигитализација на системот за надзор на контактите; развој на телемедицински модул за продолжување на здравствените услуги; развој на база на податоци за модули на сите постоечки профили на здравствени човечки ресурси и модул за проценка на залихи и опрема; дигитализација на е-епидемиолошки прашалник за Ковид-19 како и еден комплетен запис за пациентот со КОВИД-19 со ретроактивно импортирање и анализа на податоци.

- дигитализација на **националниот систем за вакцинација** и негово интегрирање во националниот систем за е-здравство „Мој термин" за да се обезбеди ефикасен процес на вакцинација, соодветна евиденција и издавање на сертификати за пациентите, како и побрз пристап до целната популација.

**УНОПС** ја поддржа Владата во **набавката и испораката на договорена листа на медицинска опрема** со Министерството за здравство за да придонесе кон подобра превенција, откривање и одговор на заканата од КОВИД-19 и да придонесе за зајакнување на подготвеноста на националниот здравствен систем. Две радиофреквентни кабини, два системи за магнетна резонанца и два системи за компјутерска томографија беа обезбедени за Институтот за радиологија, како и еден цитометар на проток за Универзитетската клиника за хематологија . **УНИЦЕФ**, исто така, донираше лична заштитна опрема (200,000 маски и 200,000 навлаки за чизми) за Министерството за здравство, додека **СЗО** достави **опрема и медицински материјали**: биомедицинска опрема, лична заштитна опрема, опрема за дијагностика и немедицинска опрема.

Ревизијата на **Националниот план за распоредување на вакцините и вакцинација против КОВИД-19** обезбеди системско и ефикасно дејствување на национално ниво, зајакнати капацитети за имунизација

и воведување на нови модалитети за испорака на услуги за вакцинација за да се опфатат ранливите групи. Со поддршка на **СЗО**, националната **електронска база на податоци за имунизација** беше поврзана со националната е-здравствена евиденција и системот за известување, овозможувајќи целосен надзор на состојбата со вакцинацијата на целото население. Зајакнати се капацитетите на **60 здравствени менаџери** во здравствените центри и институтите за јавно здравје и **340 здравствени работници** кои работат во пунктовите за вакцинација, со што се обезбедува подобар квалитет на имунизацијата и ефикасно управување со ладниот синџир за новите вакцини против КОВИД-19.

**УНИЦЕФ** се приклучи на напорите поддржувајќи го Министерството за здравство со кампањата „Вакцината спасува животи", насочена кон надминување на проблемот со погрешните информации кои ја поттикнуваат колебливоста за рано прифаќање на вакцините против КОВИД-19 и воопшто да се изгради доверба во имунизацијата. На телевизиите, со кампањата беше опфатено 77 % **од населението на возраст од над 18-години најмалку еднаш** и 62 % од населението најмалку трипати. Додека кампањата се спроведуваше на сите канали на социјалните мрежи, со околу 30 објави на Фејсбук беа опфатени во просек 75.000 луѓе по објава и околу 21.000 луѓе се ангажираа по одредена објава. Како резултат на тоа, според **СЗО** која редовно спроведуваше студии за увид во однесувањето, бројот на луѓе кои веруваат дека вакцината може да помогне да се контролира ширењето на КОВИД-19 **се зголеми од 56% во декември 2020 година на 69% во јуни 2021 година.**

**Истражувањето за увиди во однесувањето за вакцината ММР1**, поддржано од **УНИЦЕФ** и завршено на почетокот на 2021 година, ги идентификуваше главните бариери за прифаќање на вакцината како на страната на побарувачката, така и на страната на понудата. Врз основа на наодите и резултатите од фазата на тестирање, 5 прототипови беа дизајнирани и ќе бидат дистрибуирани низ целата земја. Истражувањето за самоефикасноста, ставовите и перцепциите на здравствените работници за рутинска имунизација беше завршено во септември 2021 година. Во партнерство со Центарот за комуникациски програми „Џон Хопкинс" од САД, беа избрани и адаптирани модули за обука **за подобрување на интерперсоналните комуникациски вештини за здравствените работници во првите линии**.

Последно, но не и најмалку важно, со оглед на проблемите со менталното здравје кои се појавија како нов предизвик поради продолжената пандемија со КОВИД-19, со поддршка од УНИЦЕФ, 200 здравствени работници за домашни посети (50 % од работната сила) и 350 матични лекари (30 % од работната сила) беа обучени за основно психо-социјално советување и поддршка за менталното здравје.

◊ **Имплементација на реформите во примарната здравствена заштита**

Со цел медицинските сестри да станат ефикасни и признати членови на тимот за примарна здравствена заштита во Северна Македонија, СЗО ги поддржа подготовката и имплементацијата на **првата обука за подобрување на компетенциите на медицинските сестри** од примарната здравствена заштита. Процесот беше дизајниран со цел на членовите на работната група за медицински сестри да им обезбеди вештини и пракса во работата како фасилитатори за обука и настава. Околу **430 медицински сестри и акушерки од примарната здравствена заштита** учествуваа во програмата и се стекнаа со нови знаења и вештини со цел да обезбедат поквалитетни здравствени услуги. Завршена е физибилити студија за создавање на сеопфатна, забрзана (и акредитирана) диплома за медицински сестри што е прилагодена на здравствените барања во земјата, за да се одговори на долготрајните правни и образовни пречки во здравствениот систем за професијата медицинска сестра.

Имплементацијата на националната реформа на примарната здравствена заштита, прилагодена на потребите од КОВИД-19, продолжи во партнерство со ОН. Поддршката беше насочена кон решавање на бариерите преку клучни интервенции како застапување, техничка поддршка, генерирање докази и подобрување на квалитетот, континуитетот и севкупните перформанси на услугите од примарната здравствена заштита за сите граѓани.

Во 2021 година, **СЗО** поддржа анализа на **финансиската изложеност на населението во здравството** која што имаше за цел да се разбере дали луѓето можат да си дозволат да плаќаат за здравствена заштита, врз основа на потребата за надминување на празнините во сите три димензии на здравственото покритие (правата на населението, пакет бенефиции и трошоци за корисниците), како и други фактори коишто придонесуваат за финансиски тешкотии и незадоволени потреби за здравствена заштита.

**Извештајот „Здравствената нееднаквост и КОВИД-19 во Северна Македонија - Инвестирање во здравјето и благосостојбата за поправична и поеднаква иднина за сите",** нарачан од СЗО, дава препораки за приоритизација на инвестициите во здравството, здравствените системи и здравствените одредници како централен аспект на социоекономското закрепнување. Извештајот, исто така, дава препораки за тоа како рамката за социоекономско закрепнување да се интегрира во националните планови за закрепнување, вклучувајќи ги и активностите за намалување и следење на родовите нееднаквости, здравствените нееднаквости и дискриминацијата.

Воведени се нови инструменти за мерење на перформансите и квалитетот на услугите преку **Проценка на здравствената состојба и пристап до здравствени услуги за постарата популација.**

Со застапувањето на СЗО, локалните партнери иницираа подготовки за воведување на училишна програма за унапредување на здравјето, којашто ќе има за цел подигнување на свеста и нови практики кај децата на училишна возраст за заштита на здравјето.

**СЗО** во соработка со Клиниката за психијатрија даде препораки за суштински следни чекори за **подобрување на услугите за ментално здравје базирани во заедницата** во насока на ресоцијализација и реинтеграција во општеството на лица со тешки ментални нарушувања според проценката и мапирањето на центрите за ментално здравје во заедниците. Се направи идентификација и мапирање на потребите за психосоцијална поддршка на здравствените работници и тековната достапност на онлајн ресурсите во Северна Македонија со цел добивање информации за понатамошните активности кон дигитализација на програмите за психосоцијална поддршка.

**УНИЦЕФ**, исто така, го поддржа развојот на капацитетите на **200 медицински сестри за домашни посети** за основно советување за психо-социјално и ментално здравје, истовремено поддржувајќи го процесот на дигитализација на формуларите за евидентирање и известување од домашните посети за да се интегрираат во „Мој термин", со што се овозможува собирање и расчленување на податоци во реално време по многу социјални одредници за здравјето.

**Функционалната анализа на системот за домашни посети и педијатриската здравствена заштита** за да се добијат информации за изработка на Генералниот план за 2030 беше направена со поддршка на **УНИЦЕФ**. Анализата ги опфаќа аспектите поврзани со институционалната организациска поставеност и развој, развојот на човечкиот капитал, поконкретна систематизација на работните позиции, описите на работните места и компетенциите (општи и стручни), како и управувањето и оценувањето на перформансите. Конечно, подобреното функционирање на услугите за домашни посети како дел од здравствениот сектор ќе даде значителен посреден придонес за добросостојбата на децата во земјата.

Развојот на капацитетите на матичните лекари и медицинските сестри за домашни посети за РБН и меѓусекторската соработка дополнително ги проширија капацитетите на овие здравствени работници од примарната здравствена заштита кои се први во контакт со семејствата и сите проблеми предизвикани со

КОВИД-19.

Како поддршка на напорите на земјата за **воспоставување на примарна здравствена заштита за работа преку информираност за доживеани трауми**, беа избрани 10 ординации на матични лекари кои ќе спроведуваат наменски испитувања за негативни искуства во детството . По обуката од страна на меѓународен експерт, ова искуство дополнително ќе го развие нивното знаење, сигурност и вештини во увидите за негативни искуства во детството, сигурност и вештини за да се даде одговор на тоа што е откриено, и разбирање за тоа што е потребно во контекст на услугите. Активностите за застапување се спроведуваа за да се обезбеди поддршка од МЗ, МОН, МТСП и Институтот за јавно здравје, избрани како национални субјекти кои ќе обезбедат одржливост на овие заложби. Над 1600 задолжителни статии и видеа со содржини на два локални јазика се сега достапни за поддршка на напорите на родителите за следење на одредниците за развој кај децата, тешкотии со развојот, вакцинација, исхрана соодветна на возраста, здравје, учење и игра.

**УНФПА** ги поддржа своите соработници во земјата во обезбедувањето на зголемен пристап до продукти за планирање на семејството за ранливите групи. Заклучоците од анкетата за планирање на семејството спроведена на регионално ниво даваат препораки за идните активности, додека советување за планирање на семејството е обезбедено и преку мобилната гинеколошка клиника која работи во руралните/недоволно послужувани области на земјата.

Во тесна соработка со Министерството за здравство, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, Македонското лекарско здружение, Македонското здружение на гинеколози и акушери, Црвениот крст и Управата за е-здравство, УНФПА го поддржа континуираното и **непречено обезбедување на основни услуги за заштита на сексуалното и репродуктивното здравје на жените и девојките (СРЗ)** преку дизајнирање и воведување на **мобилни гинеколошки клиники**. За да се обезбеди одржливост во обезбедувањето на услугите, беше изработен протокол за работа на мобилните клиники, и беше подготвен и дистрибуиран информативен материјал за пациентите на 3 јазици, како и стратегија за информирање за да се поттикне користењето на развиените услуги. За тимовите кои работат на терен се обезбедени неопходни материјали за СРЗ, опрема и лична заштитна опрема, коишто се неопходни за безбедно и квалитетно обезбедување на услуги. **21 тим** од здравствени работници за СРЗ (гинеколог+ медицинска сестра) **се обучени** да работат во ваков тип на средини. Работата започна во декември 2021 година, во малото гратче Свети Николе (18,000 жители, и само 1 гинеколог во градот), и за само еден месец беа обезбедени услуги за **188 жени и девојки.** Услугите што се нудат вклучуваат скрининг за рак на грлото на матката, ултразвучен преглед, советување за планирање на семејството и здравје на мајките, советување за сексуално преносливи болести и други неопходни услуги. Покрај тоа, тимовите за СРЗ СРХ се сензибилизирани да обезбедат основно упатување за РБН. Целата евиденција за услугите обезбедени во мобилните клиники се внесува во националниот е-здравствен систем, со што се избегнува двојна и евиденција на хартија.

За да се поддржи спроведувањето на Националниот генерален план за перинатална здравствена заштита, **СЗО** продолжи со **градење на капацитетите** за подобрено обезбедување на здравствена заштита на мајките и новороденчињата, на две пилот локации (Битола и Тетово), по што следеа три дополнителни локации во Струмица, Штип и Куманово. УНФПА го поддржа градењето на капацитетите во другите 5 болници во Гостивар, Прилеп, Кичево, Охрид, Струга – со што беа во целина **опфатени над 70% од вкупниот број на професионалци за СРЗ во болниците надвор од главниот град.**

Паралелно на тоа, со поддршка на **УНИЦЕФ**, **32 неонатолози на ниво I и II (100% од работната сила)** беа обучени за современи процедури и практики во **неонаталната здравствена заштита.**

**УНХЦР** обезбеди поддршка на општата болница во Гевгелија и на локалниот Центар за социјална работа, **за да се продолжи со обезбедувањето на услуги за бегалците, барателите на азил и мигрантите**, вклучително и за време на пандемијата со КОВИД-19. УНХЦР и партнерите работеа на давање помош во врска со предизвиците со коишто се соочува Клиниката за трауматологија во Скопје при работа со странски пациенти. Покрај развојот на комуникациска линија за лица кои не се државјани и се примени на клиниката поради несреќи предизвикани додека биле во движење, УНХЦР ја поддржа трауматолошката клиника со медицински материјали. Предизвикот сè уште е присутен, бидејќи барателите на азил беа доцна вакцинирани против Ковид-19, додека лицата без државјанство немаат пристап до вакцинацијата против Ковид-19.

## 2.2. КВАЛИТЕТНО И ДОСТАПНО ОБРАЗОВАНИЕ

Иако учебната 2020/2021 година заврши со учење од далечина за поголемиот дел од учениците, преку застапување, робусни алатки за следење и сеопфатни истражувања, **УНИЦЕФ** помогна да се зголеми процентот на училиштата каде што учениците посетуваа настава со физичко присуство и заеднички со Министерството за образование и наука работеа на повторното отворање на сите училишта во септември. За понатамошна поддршка на безбедното присуство на настава, **на 15 училишта на коишто им е потребна поддршка за станици за вода (со близу 5,000 ученици) им беа обезбедени 52 мобилни станици за вода.**

**УНИЦЕФ** обезбеди техничка и **стручна поддршка** за многу **дијалози на ниво на политики** во следните области: учење на далечина и повторно отворање на училиштата, концепција за основно образование, закон за учебници, дигитализација на учебници, инклузивно образование, оптимизација на училиштата, развој на нова формула за финансирање на основното образование и давање придонес за формулата за средно образование. За поддршка на практичната имплементација на новите наставни програми, УНИЦЕФ ја поддржа **обуката на над 3,000 наставници за современите педагошки практики** и достапноста на висококвалитетни наставни ресурси и ресурси за учење.

Како одговор на реформските заложби, **УНИЦЕФ** го поддржа развојот и печатењето на **учебници за 1 одделение**, развивањето на **дигитални интерактивни учебници за 4 одделение и платформа за нивна офлајн и онлајн употреба (Е-Библиотека)** и продолжи да гради сојузи и партнерства за надградба на порталот Едуино. Надградбата ќе овозможи да се обезбедат дополнителни наставни ресурси и поставување на нови интерактивни дигитални учебници на Едуино. Покрај тоа, Едуино беше проширен со страница посветена на раниот детски развој и придружна платформа за средно стручно образование. За да се прошири опфатот на програмата вон занималните во детските градинки, УНИЦЕФ го поддржува развојот на анимирани и ТВ содржини кои се емитуваат низ целата земја и се споделуваат онлајн, за да се опфатат децата кои не посетуваат предучилишни установи и да се помогне во создавањето на јавна побарувачка за можности за социјално и емоционално учење.

За да се поддржи **целосното вклучување на сите деца во редовното образование, УНИЦЕФ** ја поддржа **трансформацијата на специјалните училишта во ресурсни центри**, преку развој на капацитетите на персоналот кој **обучи 500 образовни асистенти**. Покрај тоа, УНИЦЕФ локализира збирка на модули за асистивна технологија и алтернативна комуникација, за поддршка на професионалците во врска со раната идентификација и интервенции за деца со задоцнет развој.

Во однос на **градењето на компетенции на наставниците од предучилишните установи** за обезбедување на квалитетно образование засновано на информираност за доживеани трауми и **поттикнување на социјални и емоционални вештини кај децата на рана возраст во предучилишното образование,** беше завршено со имплементацијата на програмата за социјалното и емоционалното учење (СЕУ) и **сите наставници од предучилишното образование** добија четиримесечна обука и менторство за совладувањето на СЕУ програмата.

Основната група од **190 лидери за колегијална поддршка** продолжува да го поддржува професионалниот развој во другите области на раниот детски развој, со поддршка од Светската банка.

УНИЦЕФ го поддржа Министерството за образование и наука да направи детална анализа на **трансферите од Владата до општините за финансирање на основните и средните училишта**. Новите формули за финансирање врз основа на бројот на ученици и трошоците за постигнување на образовните стандарди се развиени и инкорпорирани во националниот буџет за 2022 година, притоа зголемувајќи ја ефикасноста, подобрувајќи ја транспарентноста и правичноста на финансирањето и воспоставувајќи механизми кои ќе го унапредат квалитетот на наставата. Исто така, се распределуваат соодветни средства за инклузија на децата со попреченост, како и за настава на јазиците на помалите етнички заедници. Новите формули обезбедуваат доволно финансиски средства за училиштата за соодветно одржување, соодветни инвестиции во опрема и наставни помагала, стручна обука и кариерен развој на училишниот кадар, како и зголемен број на стручни соработници.

За прв пат, средствата префрлени на општините за основно образование за 2022 година, и подготвени врз основа на формулите за финансирање, вклучуваат **бесплатни оброци за учениците од прво до петто одделение, со што дополнително се прошируваат универзалните програми за социјална заштита за децата, како и бесплатни таблети за пристап до дигитални образовни ресурси за учениците од семејствата во социјален ризик.**

УНИЦЕФ, исто така, го поддржа изготвувањето на **плановите за оптимизација на општинските училишта,** кои имаат за цел да ги идентификуваат потенцијалните начини за подобрена распределба на ограничените ресурси за да се обезбеди дека наставата во сите основни училишта е во согласност со националните стандарди, закони и образовни концепти. Беше изработен **индекс за оптимизација на училиштата** кој ги мери празнините за секое основно училиште и општина за исполнување на образовните и инфраструктурните стандарди, како и празнините во реалните трошоци по ученик и стандардизираните трошоци, со што се открива и нивото на финансиска ефикасност. За секоја општина каде што е потребно дејствување, се изготвува детален план за прилагодување на инфраструктурниот и образовниот капацитет, а финансиската ефикасност ќе се подобри со користење на новата формула за финансирање на училиштата. Спроведувањето на овие планови ќе: **воспостави правичен систем за основно образование; ќе создаде еднакви услови за настава во сите училишта; ќе овозможи имплементација на новата концепција за основно образование; ќе обезбеди ефикасна распределба на ресурсите.**

Во консултација со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието (БРО), **УНФПА** потпиша Меморандум за разбирање во кој се наведени клучните области за соработка и поддршка во **воведувањето на сеопфатно сексуално образование,** од пилотирањето во 2021 година, до целосното спроведување до крајот на 2025 година, вклучувајќи и преглед на наставните програми во однос на родовите улоги и стереотипи, чувствителноста за лицата со попреченост, РБН и други теми.

Во рамките на програмата за климатски промени и едукација за животната средина, **УНИЦЕФ** спроведе еден циклус на **UPSHIFT** посветен на оваа тема. **10 тимови** составени од 46 млади луѓе од средните училишта во земјава ја завршија **тридневната работилница за осмислување на дизајн,** додека на пет тимови им беше доделено финансирање за **унапредување на нивните социјални иновации во однос на климатските промени и заштитата на животната средина.** Со оваа програма, младите дополнително ќе бидат ангажирани во соработка со Младинскиот културен центар на Град Скопје. Во рамките на овогодинешните изданија на филмскиот фестивал CineDays и музичкиот фестивал Здраво Млади, младите уметници ќе учествуваат на голем број работилници и предизвици, нудејќи им можност да ја искористат својата креативна енергија во облик на залагање за одржлив развој и ублажување на климатските промени.

**УНХЦР** во соработка со Македонското здружение на млади правници и МТСП работеа заедно со други релевантни субјекти (училишта, невладини организации и меѓународни организации) на идентификување на предизвиците, можностите и постоечките добри практики во обезбедувањето **квалитетно образование на децата баратели на азил и децата бегалци.** Дополнително, УНХЦР и партнерите обезбедија часови по македонски јазик, менторска образовна поддршка и часови за надополнување на знаењето на **30 баратели на азил и 6 бегалци**, со што ги поддржаа властите за прием и интеграција во обезбедувањето на инклузивна и прифатлива средина за бегалците.

Воспоставена е нова соработка помеѓу ОН, МТСП и **Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ за развој на Онлајн јазична платформа за изучување на македонскиот јазик** за барателите на азил и бегалците кои се одлучуваат да се вклучат во локалните заедници, истовремено отворајќи ја за сите други заинтересирани за изучување на основен македонски јазик. Капацитети за онлајн настава им беа обезбедени на 13 наставници и воспитувачи од ОУ „Климент Охридски“, Скопје кое е домаќин на децата бегалци, Меѓународното училиште Нова и Младинскиот образовен форум, обезбедувајќи основна свест и разбирање на работата со учениците од бегалско и мигрантско потекло, како и запознавање со ресурсите кои можат да се искористат во училницата за негување на хармонијата и припадноста како дел од поголемите напори за добредојде и целосна интеграција на новодојдените во заедницата.

## 2.3. СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА

**УНХЦР** го поддржа МТСП и релевантните институции за социјална заштита одговорни за спроведување на политиките и законските решенија поврзани со бегалците, што резултираше со воспоставување на **национална координативна структура за интеграција на бегалците.** Тоа дополнително го зајакна владиниот капацитет за алтернативни начини за згрижување и интеграција и егзистенција на бегалците преку соработката југ-југ со властите од Неапол и Словенија. Покрај тоа, беше поддржано градење на капацитетите за обезбедување интеграција и егзистенција на надлежните органи и ГО кои работат на интеграција на бегалците, како и на девет општини за правата на бегалците и локалните политики и стандарди за интеграција. Како резултат на тоа, општините, од кои две веќе имаат прифатено бегалци, се подобро опремени со знаење за националната правна рамка, како и за улогата на локалните власти во интегрирањето на бегалците и барателите на азил.

Правната поддршка за лицата без државјанство во случај на одбивање на пристап до социјални услуги беше обезбедена од УНХЦР преку нејзините партнери. Надлежните органи беа поддржани во спроведувањето на Законот за недокументирани лица и активностите за подигнување на свеста кај засегнатата популација.

**УНИЦЕФ** го рестартираше **развојот на капацитетите за водењето на предмети за социјална работа** коешто беше во прекин поради пандемијата, преку менторство на 40 социјални работници и 30 работници на тријажа, развој на методологија за дефинирање на поимот „предмет“ со индикатори за активни, неактивни и сложени предмети, како и помош на 30 центри за социјална работа (ЦСР) во распределбата на работата на предмети. Дополнително, анализата на корисниците на социјални услуги даде корисни, и диференцирани податоци по возраст/род коишто ќе се користат за изработка на препораки за политиките за подобрена работа којашто е сензитивна на родовите прашања и децата, подобро планирање на работата на предмети, и подобрување на статистичкиот систем на центрите.

Препознавајќи дека секое дете во развој има потреба од нега и грижа, добро здравје, оптимална исхрана и стимулирачка и безбедна средина која нуди голема поддршка за рано учење, **УНИЦЕФ** започна неколку **иницијативи за поддршка на родителството и обезбедување најдобар почеток за децата.** За да се

надминат недостатоците во знаењето и потребите за услуги во раното детство, УНИЦЕФ нарача Анализа на ситуацијата за рани интервенции во детството за да се генерираат докази за постоечките силни страни и капацитети на национално ниво, релевантните потреби и можностите за воспоставување и поддршка на современи и одржливи програми за рани интервенции во детството за деца на возраст од 0-6 години, со акцент на деца од 0-3 години кои се изложени на ризик или имаат тешкотии во развојот, вклучително и попреченост.

Разбирајќи ја важноста на градењето на семејната отпорност и обезбедувањето на превентивни услуги и рани интервенции, и гледајќи го потенцијалот во услугите за советување за предучилишна возраст, УНИЦЕФ во соработка со МТСП соработуваше со Mellow Parenting за да обезбеди **програма за родителство**. 30 практичари од предучилишните установи и линијата за помош на родители беа обучени да ја реализираат програмата врз основа на психолошките теории за приврзување, социјално учење и когнитивната бихејвиорална терапија. Практичарите ја спроведоа 8-неделната онлајн програма за родителство на 27 родители на деца од предучилишна возраст. Родителите кои има потреба од поддршка за време на стресниот и предизвикувачки период предизвикан од пандемијата, имаа корист од лесен пристап до релевантни и сигурни совети преку **Националната телефонска линија за помош за родителство**. Операторите обезбедија поддршка за **245 родители и 22 деца, меѓу кои и 28 родители на деца со попреченост,** со цел спречување и справување со потенцијалните негативни секундарни влијанија од КОВИД-19, психосоцијални тегоби, запоставување и недостаток на родителска грижа, зголемена изложеност на насилство. 370.000 луѓе беа опфатени преку социјалните мрежи со совети за позитивни родителски техники.

**УНИЦЕФ**, исто така, продолжи да го поддржува воведувањето на **функционална проценка врз основа на Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ)** како единствена влезна точка за децата и младите за пристап до различни услуги за поддршка во областа на здравството, образованието и социјалната заштита. Како резултат на прогресивното застапување, двете тела за функционални проценки врз основа на МКФ, кои го покриваат Скопскиот регион, и Националното стручно тело за функционална проценка и основано со поддршка на УНИЦЕФ, беа преземени од страна на државниот здравствен систем.

Центарот за јавно здравје (ЦЈЗ) Скопје отвори **нова Служба за функционална проценка на деца и млади до 26 години**, а од јануари 2021 година започна со обезбедување на редовни проценки на деца и млади од Скопскиот регион. Во периодот од мај-октомври 2021 година, во Пелагонискиот, Полошкиот и Југозападниот регион беше спроведена обука и менторство за функционална проценка врз основа на МКФ, во која беа вклучени речиси педесетина професионалци. ЦЈЗ Скопје ангажираше дванаесет од лицата чии капацитети се развиени за да се формираат три нови регионални тела за функционална проценка во Струмица, Битола и Гостивар.

УНИЦЕФ, исто така, го поддржа (преку 15 работилници) **воведувањето на новиот модел за функционална проценка на давателите на услуги** – вклучувајќи ги Центрите за социјална работа (ЦСР), училиштата и градинките – како и родителите во трите целни региони.

Во координација со министерствата и другите релевантни институции, се работеше и на изготвување на **измени и дополнувања на Законот за социјална заштита,** Законот за детска заштита, Законот за здравствено осигурување, Законот за здравствена заштита и Законот за основно образование со цел да се консолидира обезбедувањето на функционални проценки за децата и младите во согласност со МКФ. Амандманите беа одобрени од Владата и беа ставени на дневен ред на Собранието во декември 2021 година.

Тоа беше преземено заедно со **ревизијата на нацрт Правилникот за проценки на попреченоста врз основа на МКФ**, со цел усогласување со трите ресорни министерства – за здравство, образование и наука, и за труд и социјална политика – како и со други релевантни институции.

Иако беа формирани телата за функционална проценка кои покриваат четири од осумте региони на Северна Македонија, за децата и младите надвор од опфатените региони не можеше да се заврши ваквата проценка и со тоа тие не можеа да добијат пристап до образовни и лични асистенти. Тоа резултираше со тешкотии во остварувањето на нивното право на образование, како и проблеми во извршувањето на нивните секојдневни активности. За да се надмине тоа, УНИЦЕФ го поддржа формирањето на **специјален тим** за спроведување на проценка на попреченоста заснована на МКФ **за децата од ранливите заедници на локации кои не се опфатени од регионалните тела за проценка.**

За справување со **новонастанатите ризици по менталното здравје на децата** за време на КОВИД-19, Универзитетската клиника за психијатрија обезбеди поддршка за **750 деца, млади луѓе, родители и негуватели** преку линијата за помош, додека 45 згрижувачи и 30 деца во згрижувачки семејства добија наменска и индивидуална поддршка. Видеата со совети и информации поврзани со психосоцијалната поддршка допреа до 77.967 луѓе преку социјалните мрежи. **60% од сите деца во малите групни домови имаа корист од креативни и едукативни активности** насочени кон подобрување на нивното **ментално здравје**, додека **59 професионалци** кои работат со деца и адолесценти имаа корист од прилагодената програма за обука за ефикасни, културолошки сензитивни и прилагодливи методи за минимизирање на ризикот од насилство кон адолесцентите.

Покрај тоа, како одговор на глобално растечкото **родово базирано насилство**, близу **100 вработени во социјалните служби беа запознаени со услугите за превентивна поддршка на менталното здравје,** родово специфичните влијанија на пандемијата и родово базираното насилство. 200 деца со попреченост и нивните семејства имаа корист од индивидуализирана онлајн поддршка, преку специјално развиена онлајн платформа за даватели на услуги. Интервенциите вклучуваа бесплатна поддршка за децата со попреченост и нивните родители/негуватели, како за образовни, така и за психосоцијални цели и рехабилитација, низ целата земја. Обезбедувањето онлајн услуги беше презентирано пред **104 официјални претставници на национално и локално ниво**, со цел да се олесни постојниот јаз во недостаток на обезбедување услуги во земјата, особено во помалите заедници, и да се утврдат начините за обезбедување одржливост на услугата. Дополнително, стручните лица од **80 дневни центри, градинки и центри за социјална работа**, се здобија со знаење за тоа како да ја користат платформата и да ја инкорпорираат како елемент за информирање во нивната секојдневна работа со деца со попреченост.

Во насока на решавање на потребите на **семејствата кои се соочуваат со потешкотии за време на пандемијата,** обезбедено е мапирање и обезбедување на услуги за социјална заштита за **260 семејства, 928 лица, 487 деца во социјален ризик од десет општини**, од страна на **седум мобилни тимови** составени од адвокати и социјални работници, во тесна соработка со центрите за социјална работа, што дополнително резултира со **87 семејства кои за прв пат аплицираа за социјална помош.** Седум локални ГО се обучени за обезбедување поддршка на семејства во ризик.

УНИЦЕФ ја водеше имплементацијата на почетната фаза од заедничката **програма на ОН за правата на лицата со попреченост**, што резултираше со стекнување на клучно знаење и докази за остварувањето на основните човекови права на лицата со попреченост, користејќи ја Конвенцијата за правото на лицата со попреченост. Имајќи ги предвид претходните случувања и достигнувања, **ситуационата анализа** помогна да се идентификуваат клучните пречки и предизвици и даде препораки, отворајќи го патот за идните инвестиции и програми. Програмата, исто така, поддржуваше различни чинители и носители на права за подобро разбирање на **Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП)** и инклузивните цели за одржлив развој (ЦОР).

Напорите за застапување и техничката поддршка обезбедени преку програмата гарантираа дека на крајот на 2021 година, Северна Македонија продолжува да

**одржува состојба со ниедно дете сместено во големите институции**, и покрај предизвиците за враќање кон старите трендови, вклучувајќи ја и растечката сиромаштија. Долгорочната поддршка на **УНИЦЕФ** за Владата даде резултати во **подобрувањето на квалитетот на услугите што им се пружаат на децата сместени кај згрижувачи и во роднинско згрижување.**

Поконкретно, МТСП пренасочи значителни човечки и финансиски средства од институционална грижа кон грижа во заедницата и семејството, вклучително и за **воспоставување на центри за поддршка на згрижувањето** за првпат во системот. **Во Скопје и Битола почнаа да функционираат два новоформирани центри** за поддршка на згрижувачки семејства, кои ги опфаќаат сите згрижувачки семејства и роднински згрижувачи низ целата држава, како клучен елемент во системот, кој за прв пат се воведува врз основа на Законот за социјална заштита од 2019 година. **Сите дванаесет новоангажирани вработени во овие центри** се стекнаа со знаење потребно за извршување на нивната улога за промовирање на услугата за згрижувачки семејства, оценување и едукација на потенцијалните и идните згрижувачки семејства, како и за набљудување и поддршка на постојните згрижувачки семејства и роднински згрижувачи.

Од **Студијата за повеќедимензионалната детска сиромаштија**, нарачана од УНИЦЕФ, произлезе индекс кој опфаќа **12 димензии на детската сиромаштија и 27 индикатори**. Користејќи ги податоците од Мултииндикаторско кластерското истражување, се покажа дека **12% од децата на возраст од 5 до 17 години и 9% од децата под 5 години се засегнати**. Лишеноста од образованието, раниот детски развој, исхраната, безбедноста и љубовта и грижата беа меѓу првите пет фактори кои придонесуваат за детската сиромаштија, притоа укажувајќи на области каде што е најпотребно подобрување во распределбата на јавните финансии и обезбедувањето на услуги. Студијата обезбедува докази за потребниот фокус на најранливите групи, вклучително и во поглед на етничката припадност и локацијата. Ромските деца се значително поранливи – најмалку едно од три ромски деца се соочува со повеќедимензионална сиромаштија, во споредба со едно од девет деца во целокупната популација.

Во Источниот и Југоисточниот регион се забележува голема распространетост на повеќедимензионална сиромаштија, при што Полошкиот и Скопскиот регион, исто така, покажуваат висока ранливост. Студијата за повеќедимензионалната детска сиромаштија претставува солидна основа за идните ангажмани кои се однесуваат на повеќеслојната детска сиромаштија. Со воведувањето на новиот Мултидимензионален индекс на детската сиромаштија за земјата, се создава можност за збогатување на официјалната статистика со дополнителни податоци за детската сиромаштија, којашто во моментов е ограничена на паричната/приходната сиромаштија, и недостасува важна расчленетост, вклучително и географска и според возраста на децата.

Објавувањето на студијата за повеќедимензионалната детска сиромаштија беше направено во соработка со Претседателот на Северна Македонија – бидејќи се однесува на надлежностите на различни ресорни министерства – и Оксфордската иницијатива за сиромаштија и развој на човекот. Како резултат на ова партнерство, Северна Македонија е поканета да се приклучи на глобалната мрежа за повеќедимензионална сиромаштија. Мрежата е формирана со цел да обезбеди информации за спроведување на повеќедимензионални мерки и за размена на искуства, како и за техничка и институционална поддршка. Учесници во мрежата се министри и високи функционери од 60 национални влади и 19 регионални и меѓународни институции, вклучително и Светската банка, ОЕЦД, СИДА, УНДП и ВФП.

**УНДП** ја поддржа **испораката на социјални услуги преку интервенции во економијата на грижа**, овозможувајќи им на жените кои се моментално зафатени со обезбедувањето на нега во рамките на нивните семејства да добијат **официјално признавање** на нивната работа. Фокусот на УНДП е надополнет со друга работа во областа на вработувањето и социјалните услуги - работа со ОЛП и други страни за да подобро се разбере што е тоа што го овозможува однесувањето и пречките за лицата со попреченост да станат успешни баратели на работа, претприемачи, вработени со скратено работно време итн., со посебен фокус на родовите димензии. Повеќе детали за овие активности може да се најдат во резултатот 1.

### 2.4. ЕЛИМИНИРАЊЕ НА СИТЕ ФОРМИ НА НАСИЛСТВО

**Давателите на општи и специјалистички услуги за поддршка на жртвите на сите форми на насилство** сега имаат капацитет да ги спроведат стандардите утврдени во ЦЕДАВ и Истанбулската конвенција. Од страна на партнерите на ОН Жени, граѓанската организација-Асоцијација за здравствена едукација и истражување, беа реализирани четири обуки за градење на капацитетите на општите и специјализираните даватели на услуги од општините Струмица, Штип и Велес, за да се зголемат нивните капацитети за обезбедување на советување и психо-социјална поддршка во согласност со ЦЕДАВ и Истанбулската конвенција. Во Струмица, Штип и Велес беа формирани три локални повеќесекторски групи за лица кои доживеале насилство, со цел да се обезбеди редовна соработка и квалитет на услугите кои им се даваат на лицата кои доживеале насилството. Покрај тоа, Асоцијацијата за истражување, развој и комуникации – ПАБЛИК ги градеше капацитетите на социјалните ментори за работа на интеграциските процеси за ранливите групи, вклучувајќи ја и работата со жени кои доживеале насилство.

Десет модули и пет обуки беа одржани во **шест средни училишта** низ различни општини во Северна Македонија, со цел да се **зајакнат учениците и наставниците за штетното родово стереотипизирање,** насилството врз жените (НВЖ) и семејното насилство (СН), од страна на Здружението на млади правници на Македонија. 68 новинари и други медиумски професионалци кои работат низ целата земја беа обучени за родово сензитивно известување за НВЖ од страна на граѓанската организација Опции за здрав живот Скопје. Над **300 посети од врата на врата и пет дијалог сесии со цел зајакнување на ромската заедница** (жени, мажи, момчиња и девојчиња) за НВЖ, СН, штетни родови стереотипи и предвремени бракови беа спроведени од партнерската организација на ОН Жени, Националниот ромски центар.

Беа изградени капацитетите на граѓанските организации за застапување за развој и **имплементација на закони и политики во согласност со ЦЕДАВ и Истанбулската конвенција.** За измена на Кривичниот законик беа поднесени 24 предлог-амандмани и 38 коментари, а беа изготвени 10 амандмани за Законот за здравствена заштита и Законот за заштита на правата на пациентите во согласност со Истанбулската конвенција, од страна на граѓански организации поддржани од ОН Жени. Девет граѓански организации- членки на Платформата за родова еднаквост сега имаат зголемени капацитетите за следење, врз основа на докази, на имплементацијата на Истанбулската конвенција и подготовка на извештаи во сенка за ГРЕВИО. Беа организирани две кампањи за подигнување на свеста и застапување за измена на Кривичниот законик во согласност со Истанбулската конвенција и одредбите од новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.

Со поддршка на UN Women и УНФПА, **новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство** и шест (6) нови подзаконски акти беа изработени од страна на група експерти и консултанти, преку партиципативен процес со различни национални соработници и беа иницирани нови партнерства.

Исто така, беа м**обилизирани и јавни личности/лидери на заедницата за унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените** преку културолошки прифатливи пристапи. Реализирани се еден голем настан и една кампања (настан за започнување на кампањата 16 дена активизам). **Заедничката кампања на ОН за 16 дена активизам за ставање крај на насилството врз жените и девојчињата** беше успешно спроведена со над 1.1 милион корисници само на Фејсбук.

РЕЗУЛТАТ 3

# Здрава животна средина

*До 2025 година, луѓето во Република Северна Македонија ќе ги користат придобивките од амбициозна климатска акција, одржливо управувани природни ресурси и добро сочуван биодиверзитет преку правилно управување со животната средина и заедници отпорни на катастрофи*

*Придонес кон ЦОР:*

15. Енергија;
27. Животна средина

*2021 буџет на ОН*

**$9,169,225**

*Партнери:*

Министерство за животна средина и просторно планирање; Министерство за здравство; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Министерство за финансии, Министерство за образование; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија; Кабинет на заменик претседател на Владата задолжен за економски прашања; Центар за управување со кризи; Дирекција за заштита и спасување; Единици на локална самоуправа; Здруженија на земјоделци; Стопански комори; НВО, приватен сектор, Балканска фондација за одржлив развој, Биро за образование, Град Скопје, Канцеларија на организацијата - Поврзување на природните вредности и луѓето, ДЕКОНС ЕМА, Управа за е-здравство, Агенција за храна и ветеринарство, Фонд за иновации и технолошки развој, Меѓународен сојуз за заштита на природата – канцеларија за Источна Европа и Централна Азија, Македонско еколошко друштво, Општина Ресен, Институт за јавно здравје, Национална комисија за УНЕСКО, Национална федерација на фармери, Земјоделски институт

### 3.1. РАЗВОЈ СО НИСКИ ЕМИСИИ И ОТПОРНОСТ НА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

**Четврта национална комуникација до УНФЦЦЦ (УНДП)**: Третиот ажуриран двегодишен извештај беше усвоен од Владата и доставен до УНФЦЦЦ во јуни 2021 година. Најамбициозната цел за ублажување досега од 3-тиот двегодишен извештај, односно, 82% намалување на нето емисиите во 2030 година во споредба со нивоата од 1990 година е преточена во најамбициозниот НДП (Национален доброволен придонес) во регионот. Развојот на 4-тата национална комуникација за климатските промени добро напредува со мали одложувања на некои од аналитичките извештаи. Квалитетот на инвентарот на стакленички гасови е значително подобрен во областите на земјоделството, сточарството, шумарството и користењето на земјиштето, со користење на иновативни алатки како што е ГИС за далечински истражувања. Изготвени се анализи на историски екстремни климатски настани за земјата, а анализирани се и резултатите од мезометеоролошките мерења во Скопската котлина за периодот 2011-2020 година. Изработен е индекс на ранливост во однос на климатските промени, кој помага да се идентификуваат најранливите општини на климатските промени во земјата.

Партнерството воспоставено со Центарот за управување со кризи во областа на климатските промени резултираше со вградување на нови модули во нивните постоечки Е-платформи за проценка на повеќе ризици и повеќе опасности низ целата земја. Новите модули ќе поддржат собирање и анализа на податоци релевантни за известување кон УНФЦЦЦ, Сендајската рамка за намалување на ризикот од катастрофи и ЦОР. Примарниот информативен портал за климатски промени, односно националната веб-страница за климатски промени (www.klimatskipromeni.mk) е редовно ажурирана. Повеќе од 170 вести/блогови/извештаи/климатски активности се објавени на веб-страницата, а 14 билтени се споделуваат со растечката мрежа на следбеници.



*Чистење на базенот на реката Боговиње како дел од сет на активности за подобрување на отпорноста кон поплави во Полошкиот регион. Фотографија: УНДП*

**Сеопфатна и транспарентна Платформа за мониторинг, известување и верификација на климатските промени (MRV) (УНДП):** Платформата MRV, која е дизајнирана со поддршка од УНДП, ќе ја поддржи земјата да ги исполни зајакнатите барања за транспарентност, како што е дефинирано во член 13 од Парискиот договор. Платформата овозможува ефикасна координација и составување на информации неопходни за редовно известување до УНФЦЦЦ за напредокот на климатските активности во земјата. MRV платформата, исто така, ќе го олесни известувањето до УНФЦЦЦ и ЕУ /Енергетската заедница во областите на енергијата и климатските промени. Усогласеното дигитално собирање на овие суштински податоци ќе ја олесни работата на сите чинители вклучени во процесот на транспарентност и ќе обезбеди подобрени и попрецизни податоци. Платформата MRV е во фаза на тестирање. Барањата на MRV се инкорпорирани во предлог Законот за климатска акција и подготвени се подзаконски акти за платформата на МРВ, со што се обезбедува одржливост на обезбедувањето на податоци. Повеќе

од 50 обуки и вебинари беа спроведени насочени кон широк спектар на чинители, почнувајќи од носителите на одлуки на високо ниво и државните службеници одговорни за климатската политика и известувањето од MRV до фокалните точки за родови прашања, младите и граѓанското општество, што резултираше со повеќе од 3000 учесници (61% жени) кои се сензибилизираа и имаат зголемено разбирање и знаење за прашањата поврзани со климатските промени.

**Патоказ за намалување на ризикот и стратегија за финансирање за ажурираниот Национален доброволен придонес (НДП) (УНДП):** Зајакнатиот национален придонес во Северна Македонија, развиен со поддршка на УНДП, поставува национална цел за постигнување на 51% намалување на емисиите на стакленички гасови до 2030 година во споредба со емисиите од 1990 година, со што се поставува сцената за развој на ниска емисија на јаглерод во земјата. Националниот придонес беше придружен со Патоказ за имплементација и Стратегија за финансирање на македонскиот зајакнат национален придонес. Двата документи предвидуваат решавање на најголемиот предизвик и приоритет за имплементација на аНДП - одвојување на емисиите поврзани со енергијата од растот на БДП. Исто така, политиката и финансиското намалување на ризик за сите сектори од зајакнатиот аНДП и патоказот за воведување на данок на јаглерод во земјата дополнително го унапредуваат поволниот амбиент за имплементација на мерките и активностите дефинирани во ажурираниот НДП. Методологијата за

климатско означување на буџетот, која ја започна УНДП, ќе помогне во интегрирањето на климатските промени во националниот систем за управување со јавните финансии. Министерството за финансии го вклучи означувањето на климата во соодветниот нацрт-закон.

**Пристап до зелени финансии за МСП и целна група на поединци/домаќинства (УНДП, ИОМ, УНЕЦЕ, ЕБОР):** Предлог проектот „Зелен финансиски фонд за подобрување на квалитетот на воздухот и борба против климатските промени во Северна Македонија“ заеднички изработен од УНДП, ИОМ, УНЕЦЕ и ЕБОР беше доставен до Фондот за ЦОР. Агенциите на ОН во соработка со ЕБОР ќе ја поддржат земјата да развие и операционализира Инструмент за зелено финансирање како нов начин на финансирање, со коешто значително ќе се подобри пристапот до достапно зелено финансирање за МСП и целните групи на поединци/домаќинства за инвестиции во обновливи извори на енергија (ОЕ) и решенија за енергетска ефикасност (ЕЕ), како и ќе поттикне иновации во секторот за ОЕ и ЕЕ. Инструментот овозможи забрзано усвојување на решенија за ОЕ и ЕЕ коишто ќе придонесат за намалување на емисиите на стакленички гасови и загадувањето на воздухот и ќе го зајакнат локалниот екосистем за иновации и зелени финансии.

**Развој на Предлог проект за Национален план за адаптација (УНДП):** Предлогот за развој на Национален план за адаптација е во напредна фаза. Голем број консултативни состаноци за нацрт предлогот беа организирани со ресорните министерства, локалната власт, граѓанските организации, а добиените коментари и сугестии беа вклучени во финалниот нацрт кој беше споделен со Национално назначениотт орган (ННО). Предлогот не беше поднесен до Зелениот климатски фонд, бидејќи ННО сакаше да спроведе дополнителни консултативни состаноци. Сепак, локалните избори и политичката криза што следеше, не обезбедија поволен амбиент за организирање на вакви консултации.

**Забрзување на иновациите во чисти технологии и зелени работни места со користење на пристап за климатски паметен урбан развој (УНДП):** Финализирањето на PIF за проектот „Забрзување на иновациите во чисти технологии и зелени работни места со користење на пристап за климатски паметен урбан развој (КПУР)“ е одложено поради прашањата поврзани со начинот на имплементација на проектот на ГЕФ. Целосниот модалитет на спроведување на национално ниво не е претпочитан ниту од Министерството, ниту од канцеларијата во земјата, и прашањето за партнер за имплементација на проектот сé уште не е решено.

**Насоки и најдобри практики за МСМП во Северна Македонија во испорака на енергетски ефикасни производи и во обезбедување на опрема за обновлива енергија (УНЕЦЕ):** Прилагодување на претходно развиените Упатства и најдобри практики за МСМП во испорака на енергетски ефикасни производи и во обезбедување на опрема за обновлива енергија за Северна Македонија.

**План за управување со постепена елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFC) (УНИДО).** Оваа активност е во поддршка на обврските на земјата според Монтреалскиот протокол. Изготвување и усвојување на легислативата поврзана со управување/постепено намалување на контролирани супстанции:

- Наредба за забрана на трговија со HCFC-141b и соединенија кои содржат HCFC-141b

- Наредба за ограничување на увоз (квота) на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs)

- Наредба за забрана на трговија со HCFCs

- Нацрт-правилник за видови на категории на лиценци за управување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење.

- Предлог-уредба за забрана на увоз и извоз на користени фрижидери, замрзнувачи, клима уреди, топлински пумпи и друга опрема за ладење и замрзнување, електрични и други.

- Нацрт-правилник за програмата за испитување за управувањето со средства за ладење и опрема што содржи средства за ладење.

- Следење и постојана контрола на потрошувачката на HCFC и други супстанции контролирани со Монтреалскиот протокол за супстанциите кои го исцрпуваат озонскиот слој (евалуација на 40 увозни лиценци)

- Следење на шемата за обновување и рециклирање: 36.115,05 килограми контролирани супстанции и нивни мешавини обновени и рециклирани во 2021 година.

**Национални системи за надзор на растителни штетници и фитосанитарна сертификација (ФАО):** Во 2021 година, ФАО придонесе за зајакнување на техничките знаења на националните органи за надзор на растителни штетници и фитосанитарна сертификација во земјата, вклучувајќи ги и Фитосанитарната управа при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Државната фитосанитарна лабораторија, преку изработка и ставање на располагање на технички прирачник за Интегрално управување со штетници, посветен на зајакнување на националните капацитети за заштита од растителни штетници, на некои од економски најважните култури во Северна Македонија. Прирачникот „Интегрална заштита на виновата лоза, пиперката и доматот од позначајните штетници и болести во Северна Македонија“ е достапен на **англиски**, **македонски** и **албански** јазик.

Ова беше последна активност од проектот на ФАО која придонесе за зајакнување на капацитетите на околу 20 претставници на Националните организации за заштита од растителни штетници за националните системи за надзор на штетници, дијагностика на штетници и за фитосанитарна сертификација, врз основа на меѓународните стандарди за фитосанитарни мерки усвоени со Меѓународната конвенција за заштита на растенијата.

**Климатски паметно земјоделство и агроекологија - одржлив раст на продуктивноста во земјоделството преку висококвалитетни податоци за донесување одлуки (ФАО):** Со поддршка на ФАО во 2021 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство започна со интегрирање на податоци од различните национални платформи и бази на податоци за животната средина (национални збирки на податоци и мапи за климата, почвите, теренот, статистиката и друго) со различни постоечки глобални податоци во единствена платформа за Земјина мапа (развиена од ФАО и Google) за да послужи за навремено и ефикасно формулирање на политиките, донесување одлуки и интервенции за одржливо земјоделство, како и за исполнување на меѓународните обврски како што е известувањето во однос на ЦОР.

**Стратегија за намалување на загуби и отпад од храна (ФАО):** едукативниот пакет на ФАО за намалување на загуби и отпад од храна за деца – „Направи добро: спаси храна!“ беше адаптиран на македонскиот јазик во 2021 година. Наставните материјали се наменети за деца и млади на возраст од пет до четиринаесет години, за подигнување на свеста за економските, социјалните и еколошките последици од загубите на храна, предностите од спречувањето на отпадот од храна, активностите кои децата можат да ги преземат за намалување на отпадот од храна и добрите навики кои можат да ги развијат и пренесат на своите пријатели, семејства и заедници за намалување на отпадот од храна. Едукативниот пакет придонесува за постигнување на пот-целта 12.3 од глобалните Цели за одржлив развој - преполовување на глобалниот отпад од храна по глава на жител на ниво на малопродажба и потрошувачи и намалување на загубите на храна во синџирите на производство и снабдување до 2030 година - како и постигнување на други поврзани цели поврзани со неисхранетоста, климатските промени и зачувувањето на природните ресурси. Публикациите се достапни тука (**Направи добро: спаси храна 1**, **Направи добро: спаси храна 2**, **Направи добро: спаси храна 3**, **Направи добро: спаси храна 4**). Исто така, беше изработена и објавена и македонска верзија на **упатството на ФАО за намалување на отпадот од храна од страна на потрошувачите**.

**Работна програма за Зелениот климатски фонд за земјата и зајакнување на капацитетите за адаптација и ублажување на климатските промени (ФАО):** Во 2021 година, ФАО го поддржа Кабинетот на заменик

претседателот на Владата задолжен за економски прашања, да ја развие и достави до ЗКФ првата работна програма за земјата за ЗКФ. Како дел од развојот на програмата на земјата за ЗКФ, беше спроведена проценка на потребите за подготвеност и развој на капацитетите. Врз основа на Проценката на потребите за капацитети, ФАО подготви детална наставна програма за обуки во областа на климатските промени и ангажман со Зелениот климатски фонд во Северна Македонија, особено во областите на: 1) Ангажирање на приватниот сектор во финансирањето на ЗКФ; 2) Влијанија на климатските промени, мерки и улогата на ЗКФ во поддршката на климатската акција; 3) Родот и климатските промени; 4) Климатско финансирање; 5) Климатски технологии; 6) Процес на ЗКФ/национална акредитација; 7) Национален координативен механизам и процедура „Без приговор“ за финансирање од ЗКФ во Северна Македонија и 8) Процес на формулирање проекти за ЗКФ. Обуките се достапни за сите заинтересирани страни за ЗКФ на www.greendevelopment.mk.

Изработен е нацрт-каталог за климатските технологии од сите девет приоритетни сектори. Беше спроведен процес на брза проценка на потенцијалните национални субјекти за директен пристап до ЗКФ, предлагајќи три различни сценарија за национална акредитација за ЗКФ кај НОО. ФАО работеше со Владата на мапирање на чинителите од приватниот сектор во Северна Македонија и им помогна целосно да ги искористат можностите на ЗКФ, вклучително и преку развој на методологија за ангажман на приватниот сектор, онлајн анкета, прирачник за ангажман на приватниот сектор и тесна соработка со Фондот за иновации и технолошки развој.

**Зајакната климатска отпорност во земјоделството (систем на отпорен семенски материјал) (ФАО):** Во 2021 година, ФАО ја поддржа Владата на Северна Македонија за унапредување на системот за семенски материјал во земјата преку подобрување на домашното производство на висококвалитетни и климатски отпорни семиња на стратешките култури и градење на национални капацитети за да се обезбеди соодветно снабдување на земјоделците со семенски материјал.

Во соработка со Земјоделскиот институт при УКИМ, во општините Кочани, Скопје и Лозово беа формирани теренски демонстративни парцели за размножување на климатски отпорни сорти на грав, пиперка и пченица и за обезбедување на обуки на фармите за зајакнување на капацитетите на земјоделците за квалитетно производство на семе за зголемена отпорност и постигнување на оптимални приноси во услови на променлива клима.

Како дел од иницијативата, повеќе од 35 земјоделци и земјоделски производители, како и претставници на фармите за семе, земјоделски задруги и Националната агенција за поттикнување на развојот на земјоделието, беа обучени како да селектираат, тестираат и одгледуваат висококвалитетни семиња за секоја култура, со цел да се постигнат оптимални приноси во услови на променлива клима. Покрај тоа, ФАО спроведе проценка на националниот систем на семе во Северна Македонија, вклучувајќи и преглед на националните програми за производство, сертификација, дистрибуција, проценка на квалитетот, и програми за ex situ конзервација и одгледување на растенија.

**Комуникација базирана на докази за развојни иницијативи за климатска акција предводена од младите (УНИЦЕФ):** За понатамошно засилување на гласот на младите, УНИЦЕФ, исто така, воспостави U-Report во земјата и во овој период за извештајот, беше создадена група од 300 U-репортери и беа објавени 9 анкети. Во овие активности беа ангажирани голем број волонтери на УНИЦЕФ и тие ќе продолжат со активностите за проширување на U-Report.

**Образование за животната средина и климатските промени (УНИЦЕФ):** Со финансиски средства од Шведската агенција за меѓународен развој, УНИЦЕФ стави зголемен фокус на образованието за животната средина и климатските промени. Беа воспоставени нови партнерства со владини и граѓански организации, а содржините за животната средина и климатските промени беа вклучени во новите наставни програми за 1 и 4 одделение. За поддршка на капацитетите на наставниците, над 60 наставници од предучилишното и основното образование поминаа програма за обука за искуствено учење и вклучување на еколошките концепти во наставата, коишто ќе ги пренесуваат преку заедниците за професионално учење.

**Искуствено учење за еколошките практики (УНИЦЕФ):** Со поддршка од Владата и во партнерство со младите и кабинетот на Претседателот на Северна Македонија, постигнат е напредок со новата програма за климатски промени на канцеларијата на УНИЦЕФ во земјата за помалку од 10 месеци. До ноември, Младинската климатска декларација, подготвена од младите луѓе, беше поддржана од Претседателот на земјата и претставена на Конференцијата на ОН за климатски промени во Глазгов.

**Моделирање на иновативни решенија за животна средина по мерка на климата - капацитети и финансирање за млади луѓе (УНИЦЕФ):** Во рамките на програмата за образование за климатски промени и животна средина, УНИЦЕФ спроведе еден циклус на UPSHIFT посветен на темата. 10 тимови од 46 млади луѓе од средните училишта во земјава ја завршија тридневната работилница за осмислување на дизајн. На пет тимови им беа доделени средства за унапредување на нивните социјални иновации за климатски промени и заштита на животната средина.

### 3.2. ИНТЕГРИРАНО, ОДРЖЛИВО И ИНКЛУЗИВНО УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

**Планирање на користењето на земјиштето и индустриска безбедност за Југоисточна Европа (УНЕЦЕ)**: Подрегионалната работилница за планирање на користењето на земјиштето и индустриска безбедност за Југоисточна Европа обезбеди платформа за земјите од Југоисточна Европа (Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија) да ги споделат своите искуства и добри практики во координирањето на нивните процедури за планирање на користењето на земјиштето и индустриска безбедност и да се поддржи соработката помеѓу релевантните експерти за спречување на индустриски несреќи, вклучително и во прекуграничен контекст. Под-регионалната работилница за планирање на користењето на земјиштето и индустриска безбедност за Југоисточна Европа се одржа од 27-29 октомври 2021 година, во Белград .

**Пакет политики за управување со животната средина (УНЕЦЕ):** 1) Направена анализа и подготвен предлог за соодветни политики и управување во сектори со потенцијал за ублажување на емисиите на стакленички гасови, придонесувајќи за постигнување на ЦОР и интегрирање на климатските промени за поамбициозна посветеност на национално ниво, вклучувајќи ја и борбата против пандемиите; 2) Обезбедена техничка поддршка за воспоставување рамка за мониторинг и евалуација за тековните и идните документи за политики за управување со квалитетот на воздухот. Воведување на модел за планирање, мониторинг и евалуација на документите за политиките за квалитет на воздухот; 3) Документ со којшто се овозможува и се придонесува за градење на капацитетите (воспоставување на ефективна рамка) на единиците на локалната самоуправа за имплементација на законодавството за животна средина и препораките на Прегледот за постигнувањата во животната средина, како и подобрување на координацијата помеѓу централната и локалната власт во имплементацијата на законодавството за животна средина. Документот, исто така, треба да ги опфати и предизвиците на локалната самоуправа за време на кризата со КОВИД-19; 4) Оценка за тековното ниво на имплементација на постојните регионални планови за управување со отпад. Оценка на капацитетот на јавните комунални претпријатија во општините за собирање и транспорт на отпадот до трансферните станици или регионалниот центар. Развивање на стручни упатства за општините и регионалните центри за управување со отпад; 5) Проценка на капацитетот за имплементација и спроведување на плановите за управување со речните сливови со цел да се подготви план за зајакнување на капацитетот за имплементација и план за процедура за јавни консултации за развој и одобрување на документите за управување со речниот слив.

**Одржливо управување со земјиштето и шумите (УНЕП):** За зајакнување на правните и институционалните капацитети на национално ниво за одржливо управување

со земјиштето и одржливо управување со шумите наменето за партнерите на проектот, како што се МЖСПП и МЗШВ, Национални шуми, ЈП за стопанисување со пасишта, Управата за хидрометереолошки работи, единиците на локалната самоуправа (општини), истражувачките институции и универзитети, граѓанските организации и други засегнати страни во проектот, УНЕП започна да го планира и подготвува концептот и наставната програма за обуката за градење на капацитети, како и студиските посети.

**Стратегија за заштита на почвата и Упатство за воспоставување на Програма за мониторинг на квалитетот на почвата (УНЕП):** За надминување на празнините и слабостите во политиката за користење на земјиштето и деградација на земјиштето и за да се забрза постигнувањето на неутралност на деградацијата на земјиштето, УНЕП ја започна постапката за подготовка на стратегија за заштита на почвата и упатства за мониторинг.

**Програма за обука за управување со заштитени подрачја + упатства за поддршка на ревизијата на Националниот просторен план (УНЕП):** Обуката за градење на капацитети за ренџерите на заштитените подрачја којашто вклучуваше четири модули (Законска регулатива за зачувување на природата; Конзервација и мониторинг на природните вредности; Меѓуинституционална соработка со инспекторатите; Подобрување на комуникациските и личните вештини), придонесе за подобрување на вештините и знаењата за одржливо управување со природните ресурси, подобрување на зачувувањето на биодиверзитетот и мониторинг. Изготвени се два прирачника: (1) за поголемо вклучување на биодиверзитетот во просторното планирање во Северна Македонија и (2) за одржливо управување со шумите во земјата.

**Пилот коридори од предложената Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН) (УНЕП):** За да се постигне заштита на биодиверзитетот преку создавање и ефикасно управување со заштитените подрачја и интегрирање на биодиверзитетот во планирањето на користењето на земјиштето, УНЕП им помогна на релевантните државни органи во подобрувањето на поврзаноста на заштитените подрачја со подготовката на документација за два био коридори: 1. Еколошки коридори: Буковиќ (Сретково) и Буковиќ (Колари), како продолжение на прекуграничниот еколошки коридор Маврово (МК) - Кораб Коритник (АЛ) - планината Мунела (АЛ) и 2. Еколошки коридори: Селечка Планина, Дрен - Витолиште и Козјак (Плетвар), како дел од поголемиот еколошки коридор Ниџе - Кожуф - Јакупица (МК). Достапни се две промотивни видеа – видео 1 и видео 2.

**Црвени листи за рептили и амфибии (УНЕП):** Подготвени се првите национални Црвени листи на рептили и амфибии, кои даваат клучни информации за ризиците од изумирање. Создавањето на првите Национални црвени листи обезбедува увид во ризиците од изумирање на национално ниво и помага да се процени влијанието на мерките за зачувување на биодиверзитетот. Црвените листи се очекува да го подобрат креирањето на националните политики, да помогнат во поставувањето на целите за зачувување и да го измерат напредокот кон постигнувањето и спроведувањето на директивите на Европската унија во областа на заштитата на природата, како и идниот Зелен договор на ЕУ. Податоците, исто така, ќе се користат за известување за мултилатералните договори, како што е Конвенцијата за биолошка разновидност. Создавањето на Националните црвени листи се одвиваше во рамките на Проектот Постигнување на зачувување на биодиверзитетот преку создавање и ефикасно управување со заштитените подрачја и интегрирање на биодиверзитетот во планирањето на користењето на земјиштето, иницијатива спроведена од УНЕП заедно со Министерството за животна средина и просторно планирање на Северна Македонија, со финансии од Глобалниот еколошки фонд. Врз основа на наодите од ЦЛ и со некои дополнителни теренски работи, исто така се изработени Црвени книги за рептили и амфибии.

**Идентификација на шумите со висока природна вредност на национално ниво (УНЕП):** УНЕП го финализираше процесот за идентификација на 188 шуми (55988 ха) со високи природни вредности и подготви упатства за одрживото управување. Шумите се погодни живеалишта за многу растенија, птици и други животински видови поради нивната структурна и функционална сложеност, а овие видови честопати се многу зависни од квалитетот на шумите. Шуми со висока природна вредност се „шуми со целосна природна вредност и оние полуприродни шуми во Европа каде што управувањето (историско или сегашно) поддржува голема разновидност на матични видови и живеалишта, и/или оние шуми кои поддржуваат присуство на видови за кои постои загриженост за нивното зачувување на европско, и/или национално, и/или регионално ниво" дефинирано од Институтот за европска политика за животна средина.

**Идентификувани квоти за еден вид на национално ниво (УНЕП):** Важноста на не-дрвените шумски производи во локалната економија и вредностите на биодиверзитетот имаат различна, но важна улога. Дефинирањето на квотите на надлежните тела за олеснување на трговијата (НТОТ) може значително да влијае на рамнотежата и одржливоста на видовите во земјата. Со цел да се воспостави одржливо управување на НТОТ, УНЕП подготви Проценка на состојбата со мечкино грозје (идентификација на квотите на национално ниво) и го подготви Извештајот за користење од страна на НТОТ во Македонија со социоекономски преглед и правна анализа, заедно со Проценката на ресурсите на модрата смрека (Juniperus communis) во шумарско-стопанската единица Умлена. За да се постигне одржливост на НТОТ, беше спроведена обука за градење на капацитети за собирачите на НТОТ. Врз основа на наодите и препораките поврзани со мечкиното грозје, МЖСПП издаде Наредба за ограничување на собирање, користење и трговија со овие видови и промотивно видео за мечкино грозје.

**Развој на мапи на шумска вегетација (УНЕП):** Трите пилот области опфатени со изработката на мапа на шумска вегетација во рамките на овој проект се наоѓаат во источните делови на Северна Македонија и вклучуваат поголем дел од Малешевските Планини и планината Огражден. Вкупната проектна површина изнесува 55.777,0 ха или 2,17% од територијата на државата. Најголем дел од шумите во границите на проектната област се во државна сопственост и управувани од ЈП Национални шуми, и подружниците во Пехчево, Берово и Струмица, но и приватни шуми.

**Развој на база на податоци за брзината на запечатување на почвата и загубата на органски материи во почвата (УНЕП):** УНЕП ги собра потребните податоци за брзината на запечатување на почвата и загубата на органски материи во почвата со пилотирање на три локации во регионот на Струмица, Прилеп и Охрид. Доказите покажаа опаѓање на органските материи на почвата на сите три локации, особено на земјоделското земјиште, што е резултат на несоодветните практики на управување кои се применуваат во пилот регионите.

**Национална мапа на ерозија и чувствителност на суша (УНЕП):** Преку процес на теренски истраги, моделирање на ерозија, моделирање на интензитетот на ерозија, УНЕП ја подготви националната мапа на ерозија и чувствителност на суша и идентификување на високоризичните зони и нивното влијание врз биодиверзитетот.

**Планови за управување со заштитените подрачја според нови методологии (УНЕП):** УНЕП, во соработка со национални и меѓународни експерти преку партиципативен процес на консултации, ги подготви нацрт-плановите за управување со Националниот парк Шар Планина и Охридското Езеро, земајќи ги предвид сите податоци и приоритети од Студиите за валоризација.

**Студија за валоризација на Охридското Езеро (УНЕП):** УНЕП со експертиза од Меѓународната унија за заштита на природата и преку партиципативен процес на консултации ја подготви Студијата за валоризација на природните вредности на Охридското Езеро. Студијата за валоризација беше искористена како основна информација за подготовка на нацрт-планот за управување и исто така ќе придонесе за повторното прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата.

**Развој на капацитетите на земјоделците во сливот на реката Струмица за добри земјоделски практики (ДЗП)**

**(УНДП): З**авршија интервенциите за обнова на коритото на реката Струмица кои започнаа во 2015 година. Успешно се финализирани преостанатите активности како поврзување на 25 индивидуални домаќинства со системот за собирање на отпадни води, целосна операционализација на пречистителната станица за отпадни води во с .Едрениково, како и третиот циклус на грантисти за воведување на нови агроеколошки земјоделски практики во кој беа вклучени 60 земјоделци/грантисти кои добија целосно стручно знаење и теоретски и практични вештини за воведување на агроеколошки земјоделски практики и целосен сет на неопходна земјоделска опрема.

**Урбана отпорност во Скопскиот регион (УНДП):** Проценката на опасностите за градот Скопје е ажурирана, а во тесна соработка со надлежните служби на градот Скопје се изработени План за противпожарна заштита и План за подобрување на капацитетите на Противпожарната бригада на градот Скопје. Исто така, изготвена е и техничката документација за реализација на проектот за антиерозивни мерки на Скопска Црна Гора. Спроведувањето на предложените мерки треба да спречи голем настан на поплави како оној што го погоди овој регион во 2016 година. Идентификувани се можните преносни патеки на шествалентен хром во подземните води на Жеденската Планина и нивното влијание врз изворот Рашче. Покрај тоа, поставени се и пет автоматски безжични станици (нуркачи) на пиезометрите на новата мониторинг мрежа во бунарското подрачје Нерези – Лепенец за да се воспостави континуиран, навремен и прецизен мониторинг на подземните води.

80 вработени во градската администрација беа обучени да користат дизајн, алатки и методи фокусирани на човекот за подобрување на јавните услуги, а 5 услуги беа редизајнирани и подобрени. Изградениот зелен покрив на Домот на културата „Кочо Рацин" придонесува за намалување на температурата во урбаните блокови во центарот на градот и обезбедува простор за организација на јавни настани. . Исто така, **Зелениот катастар на град Скопје** е надграден со дополнителни 12.537 **гео-референцирани и попишани дрвја и грмушки**. Напорите за понатамошно подобрување на транспарентноста на јавната администрација беа поддржани преку развој на Податоците за Отворено владино партнерство (ОГП) за Град Скопје, организација на обуки за соодветните одделенија и развој на соодветни насоки.

**Климатска отпорност на земјоделското производство во Југоисточниот регион (ФАО):** ФАО, во тесна соработка со МЗШВ и Министерството за животна средина и просторно планирање, подготви и достави проект на Северна Македонија до Фондот за адаптација, со цел градење на климатска отпорност на земјоделското производство во Радовишкиот регион преку подобрено управување со наводнување, земјиште и вода, со буџет од 9,9 милиони американски долари. Одобрен е концептот за проектот, а целосниот предлог проект е во тек на изработка. Развојот на предлог проектот вклучуваше широки консултации со засегнатите страни на локално и централно ниво, вклучувајќи консултации со заедницата, со мажи и жени земјоделци и локалната самоуправа во целниот регион, како и технички консултации со државните претпријатија за водостопанство, МЗШВ и МЖСПП (како Национално назначен орган за Фондот за адаптација).

**Одржливо управување со слатководните риболовни ресурси (ФАО):** Проектот директно придонесе за егзистенцијата на рибарската заедница, со цел подобрување на одржливоста на целиот сектор за слатководен риболов преку подобро собирање и управување со податоците. Сега се достапни важни податоци и методологии, кои им овозможуваат на земјите со заеднички езерски ресурси да развиваат заеднички планови за управување, да го намалат нелегалниот, непријавен и нерегулиран риболов на слатководните водни текови и да ја подобрат координацијата меѓу различните чинители на заедничките внатрешни водни тела. „Упатства за добри практики за системи за податоци за поддршка на одржлив слатководен и рекреативен риболов во регионот на Западен Балкан" (англиски, македонски, албански и црногорски) беа изработени и доставени до Владата и за користење од страна на клучните национални чинители.

**Национална структура за Кодекс (ФАО):** Имајќи ги предвид предизвиците наметнати од пандемијата на Ковид-19, беа одложени голем број на клучни проектни активности, вклучувајќи и конференции за подигнување на свеста, подготвителни состаноци, обуки на работното место, за кои е потребно физичко присуство на експерти, особено со оглед на фактот дека Северна Македонија е земја со ограничено искуство со Кодекс за да може да се следат активностите онлајн.

**Стандарди за безбедност и квалитет на храната во млечниот сектор (ФАО):** ФАО го поддржа МЗШВ и релевантните чинители во синџирот на вредности на млечните производи да развијат и воведат стандарди за квалитет на храната во млечниот сектор со фокус на шемите за исплата за млеко базирани на квалитет. Врз

основа на проценка на структурните празнини и потребите за развој на капацитетите за имплементација на принципите на Заедничката организација на пазарот во млечниот сектор, беа изработени следните документи за поддршка на политиките со цел да се поддржи развојот и воспоставувањето на шема за исплата на млеко врз основа на квалитет во земјата:

1. Концепт за шемата за плаќање на млеко, во кој се наведени неопходните чекори и механизми, политики, законска и институционална поставеност за операционализација на системот.

2. Упатство за производители на млеко; за земање примероци од млеко и за преработувачи на млеко за стандардите за квалитет, врз основа на добрите хигиенски практики, како предуслов за хигиенско производство на млечни производи.

**Охридското езеро како светско наследство на УНЕСКО - иницијативи предводени од младите за да се помогне заштитата и одржливиот развој (УНЕСКО):** Оваа активност е финансирана од Програмата за учество на УНЕСКО (ПП), која обезбедува начини за поддршка на националните, подрегионалните или регионалните активности на земјите-членки кои се во согласност со програмските приоритети на Организацијата.

**INNS управување на Охридско езеро како светско наследство на УНЕСКО (УНЕСКО):** Оваа активност е финансирана од Програмата за учество на УНЕСКО (ПП), која обезбедува начини за поддршка на националните, подрегионалните или регионалните активности на земјите-членки кои се во согласност со програмските приоритети на Организацијата.

## 3.3.НАМАЛЕНО ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ ВО УРБАНИТЕ ОБЛАСТИ

**Јавна свест за причините и ефектите на загадувањето на воздухот (УНДП):** Во соработка со Здружението на новинари (ЗНМ), УНДП воспостави награда за новинарски статии, видео или истражувачки стории за загадувањето на воздухот. Тоа придонесе да се насочи вниманието на тема којашто не е многу присутна во медиумите, освен во зимскиот период кога загадувањето на воздухот обично достигнува највисоко ниво. Сторијата „Заговор против воздухот" од Истражувачка репортерска лабораторија – ИРЛ на која ѝ беше доделена првата награда, го разгледува прашањето на загадувањето на воздухот од различен агол бидејќи идентификува директна поврзаност на лошиот квалитет на воздухот со коруптивните практики.

Најмалку 20 претставници на граѓанските организации присуствуваа на обуката и го зголемија своето знаење и разбирање за релевантните прашања поврзани со изворите на загадување на воздухот, следењето на квалитетот на воздухот и индексите, мерките за справување со загадувањето на воздухот, а со тоа и овозможувајќи им да се залагаат за одредени решенија/политики. Исто така, најмалку 15 трговци на мало на уреди за греење го зајакнаа своето знаење како аргументирано да ги промовираат енергетски ефикасните карактеристики на новите енергетски ефикасни уреди и на тој начин да влијаат на одлуката на своите клиенти за избор на овие производи.

**Загадувањето на воздухот од греењето на домаќинствата, како доказ за концепт мерките (УНДП):** Вкупно 128 куќи во населбата Лисиче, Аеродром, се поддржани за замена

на неефикасните печки на дрва со нови клима уреди, топлински пумпи, печки на пелети за намалување на загадувањето во внатрешноста и на отворено, како и мерки за енергетска ефикасност во голем број домаќинства, како што е поставување на нова фасада, замена на покриви, прозорци и врати. Побогатите корисници ги споделуваат трошоците за овие интервенции, а за најранливите домаќинства трошоците беа целосно покриени. Посебно внимание при селекцијата на домаќинствата корисници беше ставено на социо-економскиот статус на семејствата и на семејствата со белодробни заболувања, децата и домаќинствата кои ги водат жени.

**Регулаторни промени кон енергетски систем за домаќинствата со ниски емисии (УНДП):** Во координација со Министерството за економија и преку консултативен процес со релевантните институции и заинтересираните клучни чинители, УНДП го поддржа развојот на 15 дописни табели (ЕУ-МК форма и МК-ЕУ форма) за Правилникот за означување на производи поврзани со енергија.

**Сеопфатен систем за следење на загадувањето на воздухот во Град Скопје (УНДП):** Збирки од податоци беа обезбедени од фиксните мониторинг станици поставени во населбите Лисиче и Карпош и мобилните мониторинг станици кои беа поставени на различни локации утврдени како критични во границите на Град Скопје. Овие податоци ќе бидат моделирани и анализирани како дел од Студијата за извори на загадување во Скопје, којашто е изработена од Универзитетот „Гоце Делчев", Штип. Податоците добиени од студијата за мониторинг се визуелно претставени на Платформата за загадување на воздухот: www.cistvozduh.mk. Веб-базираната платформа обезбедува сигурно прикажување на податоците за загадувањето на воздухот, презентира активности за загадувањето на воздухот во земјата и креира и соопштува релевантни настани. Покрај тоа, во избраните домаќинства во Лисиче времено беа инсталирани пет уреди за мониторинг во затворени простории, со цел да се измери моменталниот квалитет на воздухот во затворените простории.

Дискусиите за форматот на координација на платформата сѐ уште се во тек. Првичната цел на оваа платформа беше да ја поддржи Меѓусекторската работна група за мониторинг на квалитетот на воздухот во зајакнување на ефикасноста на координативните активности во различни фази, која, за жал, подолг период не е функционална.

**Примена на функционални наночестички и структури во маските за лице и филтрите за заштита од Ковид 19 (УНЕСКО):** Оваа активност е финансирана од Програмата за учество на УНЕСКО (ПП), која обезбедува начини за поддршка на националните, подрегионалните или регионалните активности на земјите-членки кои се во согласност со програмските приоритети на Организацијата.

## 3.4 ЕФЕКТИВНО НАМАЛУВАЊЕ И ОДГОВОР НА РИЗИЦИТЕ ОД КАТАСТРОФИ

**Политики засновани на информации за ризик преку собирање и анализа на податоци на под-национално ниво (УНДРР):** ОН го поддржаа зајакнетото донесување на одлуки засновани на докази за намалување на ризици од катастрофи, преку воспоставување на под-национален модел на индекс на ризик INFORM, мапирање на ранливоста, изложеноста и капацитетот за справување кај поднационалните субјекти во Северна Македонија. Развојот на под-национален модел на индекс на ризик INFORM е направен во соработка со Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија, а и резултатите се достапни онлајн тука.

**Отпорноста на заедниците во Полошкиот регион на ризик од поплави (УНДП):** Планот за управување со ризикот од поплави во горниот тек на реката Вардар беше ажуриран со податоци и информации од новите студии спроведени за Полошкиот регион. Ваквиот пристап беше избран бидејќи Планот за управување е најважниот плански документ за идните интервенции за ублажување на ризикот од поплави во регионот и мора да обезбеди точни и сигурни податоци и информации. Идентификувани се мерки за зголемување на отпорноста на двата најголеми урбани центри во Полог, градовите Тетово и Гостивар. Идентификувана е подготвеноста за поплави и други поврзани гео-закани, а подготвен е и нацрт-концепт за воспоставување систем за рано предупредување во Полошкиот регион. Идентификувани се главните извори на седимент (свлечишта и поројни потоци) во регионот заедно со пристапите за нивно идно управување, а за 8-те најкритични локации се изготвува техничка документација за нивна стабилизација. Финализирана е техничката документација за стабилизација на поројот во Шипковица и за регулација на речното корито на Боговињска Река.

**Интегрирано климатски отпорно и прекугранично управување со ризикот од поплави на сливот на реката Дрим (УНДП):** Со поддршка од УНДП, хидролошката и метеоролошката мониторинг мрежа на македонската страна на речниот слив Дрим беше проширена со нови 17 хидролошки и 9 метеоролошки станици кои работат и се целосно функционални. Покрај тоа, врз основа на потпишаниот Меморандум за разбирање со Управата за хидрометеоролошки работи, беа споделени историски временски серии на хидролошки и метеоролошки податоци од постојните хидролошки и метеоролошки станици во регионот кои го опфаќаат периодот од 1960 година и понатаму. Оваа многу важна датотека е од клучно значење за калибрацијата и точноста на предвидениот хидрауличен модел што треба да се развие за сливот на реката Дрим, што е предуслов за развој на алатки за мапирање на опасноста и ризикот од поплави со цел да се изврши проценка на ранливоста, да се изработат мапи на ранливоста кои ќе вклучуваат проценки на штети и загуба на живот и да се тестираат опциите за управување со поплави. Метод на истражување на LiDAR (детекција на светлина и опсег) за подготовка на DTM (дигитален висински модел) и DSM (дигитален површински модел) беше спроведен за македонскиот дел од коритото на реката Дрин во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности со користење на софистицирана технологија (површина од приближно 4.125 км2). Создадениот дигитален модел на терен со висока резолуција (DTM) ќе се користи како основна алатка со подобрување на точноста на симулациите и проценките на ризикот од поплави и предвиденото планирање на опасноста и управувањето со ризикот од поплави. Изготвена е техничка документација за реставрација на река Сатеска и пренасочување во нејзиното природно речно корито и започната е административна постапка за дозвола со клучните засегнати чинители/корисници (општините). Реализацијата на структурните мерки директно ќе придонесе за подобрување на квалитетот на водата и екосистемите на Охридското Езеро, кое претставува Споменик на природата и ќе се осврне и на една од препораките на реактивната мисија на УНЕСКО.

**Намалување на ризикот од катастрофи во земјоделскиот сектор (ФАО):** Во 2021 година, ФАО го поддржа ажурирањето на претходната сеопфатна анализа на националните системи за намалување на ризикот од катастрофи во земјоделскиот сектор, идентификувајќи ги силните страни и недостатоците во капацитетите во легислативата, административните структури и институционалната поставеност поврзана со намалувањето на ризикот од катастрофи и управувањето, за да се дадат препораки за зајакнување на постојниот систем. Во декември 2021 година беше финализирана студија за намалување на ризикот од катастрофи за земјата, со фокус на македонскиот земјоделски сектор, која беше доставена на валидација до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Отпорност на земјоделскиот сектор преку климатски паметни земјоделски практики (ФАО):** Во 2021 година, ФАО го поддржа Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја изготви својата прва „Национална стратегија за одводнување и наводнување 2021-2031", нов документ во кој земјата за првпат ќе вклучи наменски план/документ за стратегиска политика за одводнување и наводнување, со цел справување со управувањето со природните ресурси, поточно со водата во соочувањето со предизвиците од климатските промени.

Во рамките на истиот проект, ФАО го поддржа воведувањето на нови и иновативни климатски паметни технологии во земјоделството од страна на локалните земјоделски заедници, преку воспоставување на три пилот демонстративни локации, во Струмица, во село Миравци

(општина Гевгелија) и во Ресен. Беа пилотирани неколку нови технологии за климатски паметно земјоделство и климатска отпорност во земјоделското производство, вклучувајќи: i) заштита од УВ зрачење и град за еспресирано трпезно грозје на површина од 0,4 хектари во село Миравци; ii) затворено/покриено високотехнолошко комерцијално производство на разновиден зеленчук во контролирана средина (современ пластичен висок тунел, со електрично греење, капково наводнување и контрола на влажноста) во Миравци; iii) хидропоника и супстратна култура на зеленчук во затворена и контролирана средина во струшката гимназија „Димитар Влахов"; iv) технологија за зачувување и наводнување на подземни води во Ресен за паметно производство на лешници. За време на воспоставувањето на пилот локациите, се одржаа два круга на обуки за секој локалитет кои опфатија 55 локални земјоделци кои беа обучени на различни теми како што се: производство на супстратна култура, контролирано климатско производство, производство на малини, подпочвено наводнување и распоредување и заштитени структури за лозови насади.

ФАО поддржа детална проценка на состојбата на постојниот национален информациски систем за штети и загуби, и неговата поврзаност со методологијата за штети и загуби на ФАО и преглед на квалитетот на податоците во секоја институција на засегнатите страни во однос на потребите од податоци, и даде препораки за подобрување на постојниот информациски систем за проценка на штетите и загубите во земјоделскиот сектор.

ФАО, исто така поддржа темелен преглед на сите национални политики и планови поврзани со климатските промени и земјоделството, што резултираше со извештај со препораки за приоритетните интервенции во националните политики и планови релевантни за адаптација и ублажување на климатските промени во земјоделскиот сектор, со цел да се поддржи усогласувањето на избраните национални политики и планови релевантни за климатските промени и земјоделството со регулативата на ЕУ.

**Подготвеност за здравствени вонредни состојби и проценка на ризик, вклучувајќи епидемии и пандемии (СЗО):** Интра-акцискиот преглед, помогна да се идентификуваат итни, среднорочни и долгорочни активности што треба да се преземат за подобрување на тековниот одговор на КОВИД-19 и зајакнување на подготвеноста и одговорот на Северна Македонија на епидемиите воопшто. Меѓусекторските препораки истакнати од учесниците се однесуваа на: i) инвестирање во одржливост на човечките ресурси и развиените технички капацитети за време на пандемијата, ii) континуирано градење на капацитети и обуки (со редовни симулациски вежби), iii) ажурирање на легислативата поврзана со вонредни состојби и заразни болести, iv) подобрување на комуникацијата помеѓу давателите на здравствени услуги на сите нивоа и v) унапредување на тековната дигитализација на здравствените информациски системи.

**Одговор на Ковид - 19 преку зајакната подготвеност за здравствени вонредни состојби (СЗО):** СЗО ја продолжи поддршката за активностите за зајакнување на капацитетите за детекција на SARS CoV 2 на националните јавно-здравствени лаборатории преку обезбедување на подготвеност за тестирање на националната лабораторија за вирусологија пред вирусот да се појави во земјата и потоа, за квалитетно непречено тестирање преку набавка на опрема, материјали и лична заштитна опрема за лабораториите, врз основа на робусна проценка на капацитетите, како и континуирани неделни обука за тестирање, известување, биобезбедност и биосигурност. СЗО инвестираше во инфраструктура и надградба на серверите за надзор и лабораториски перформанси. Националната стратегија за секвенционирање на геноми беше финализирана и усвоена од страна на МЗ. СЗО ја поддржа координацијата на лабораториската мрежа за секвенционирање, и ги имплементираше упатствата на СЗО за секвенционирање, како и рутинска обука за генетско секвенционирање за стручните лица од лабораториите од јавното здравство.

Беше отворен Центар за дејствување во услови на епидемии и други јавно-здравствени вонредни ситуации, со што се зголемија капацитетите за стратешко управување и следење на вонредните состојби, зајакната комуникација и координација, како и можности за градење на капацитетите за следење на контактите. Исто така , изработен е Концепт и Оперативен план за мобилизација на ресурси и воспоставување на Функционална мрежа на Центри за дејствување во јавно-здравствени вонредни состојби под координација на МЗ/ИЈЗ и операционализирана е постоечката функционална мрежа и вмрежувањето со регионални оперативни центри. Платформата за онлајн обука за КОВИД-19 е воспоставена за здравствените работници на македонски и албански јазик, обезбедувајќи обука и техничка помош за справување со случаи на пациенти со КОВИД-19, превенција и контрола на инфекции, рехабилитација, ментално здравје и сл. и обезбедувајќи одржлив пристап до акредитирани курсеви и висок степен на прифаќање на различни нивоа на здравствена заштита, со што се постигнаа планираните резултати за градење на капацитети на здравствените работници за подобар одговор на предизвиците предизвикани од КОВИД-19. СЗО ги поддржа активностите за градење доверба со заедниците и зголемено прифаќање на однесување за заштита и превенција од КОВИД-19 меѓу здравствените работници, постарите лица, младите и ромската популација. Капацитетите за управување со инфодемијата се развиваа преку организирана обука за претставници од националните здравствени власти, организациите за проверка на факти, агенциите на ОН и меѓународните партнери. СЗО достави и опрема и медицински материјали (биомедицинска опрема, лична заштитна опрема, опрема за дијагностика и немедицинска опрема во вредност од околу 800.000 американски долари во 2021 година);

СЗО даде и голем придонес за дигитализација и зајакнување на електронскиот здравствен систем: Мој Термин, вклучително и: дигитализација на лабораториите што вршат тестирање за КОВИД и унифицирање на системот на податоци за позитивни тестови и поврзување со матичните лекари и епидемиолозите; дигитализација на системот за следење на контактите; развој на модул за телемедицина за да се продолжи со давањето здравствени услуги; развој на база на модули и податоци за процена на здравствените човечки ресурси и набавките и опремата; Е-епидемиолошки прашалник за КОВИД-19; и комплетна евиденција за пациент со КОВИД-19 со ретроактивно импортирање на податоци и аналитика.

## 3.5 НАМАЛУВАЊЕ НА ОТПАДОТ И ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

**Механизам за одржливо чистење на комплексот на ОХИС (контаминирана локација со линдан) (УНИДО):** Лабораториска опрема за Институтот за јавно здравје беше испорачана и инсталирана. Обуката и тестирањето се во тек. Изградбата на темелите, кои ќе ја ограничат областа каде што ќе се врши ископувањето на загадената почва, е речиси завршена.

**Активности за санација на малата депонија со отпад во комплексот на ОХИС (УНОПС):** Потпишан е договорот за санација на малата депонија на ОХИС и активностите се започнати.

РЕЗУЛТАТ 4

# Добро владеење

*До 2025, луѓето во Северна Македонија имаат придобивки од подобрено владеење на правото; политики коишто се базирани на докази, предвидливи и родово одговорни; поголема социјална кохезија; и ефикасно испорачување на услуги од страна на транспарентни, отчетни и одговорни институции*

*Придонес кон ЦОР:*

Основите на прво место
Поглавје 3. 23 Судството и основните права
Поглавје 3. 24 Правда, слобода и безбедност

*2021 буџет на ОН*

**$9,084,881**

*Партнери:*

Кабинет на Претседателот, Кабинет на Премиерот, Заменик претседател на владата задолжен за европска и евроатлантска интеграција, економски прашања, политички систем и добро управување, Секретаријат за европски прашања, Министерства за внатрешни работи, локална самоуправа, труд и социјална политика, надворешни работи, финансии, информатичко општество и администрација, правда, култура, образование и наука, одбрана, животна средина и просторно планирање, здравство, Собрание, Народна банка, Државен завод за статистика, Државен завод за ревизија, Биро за регионален развој, Центри за развој на 8-те плански региони, Врховен суд, редовно судство, Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Академија за судии и јавни обвинители, Народен правобранител, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Меѓуминистерска работна група за усвојување на миграциската политика, Национален совет за родова еднаквост, Царинска управа, Агенција за млади и спорт, Светска царинска организација, ИНТЕРПОЛ, ОБСЕ, Национална комисија за УНЕСКО, Адвокатска комора, Факултет Јустинијан Први, Македонска академија на науките и уметностите, Здружение на финансиски работници, Здружение на единиците на локалната самоуправа, Мрежа на асоцијации на локалните власти (НАЛАС), Град Скопје, општините Аеродром, Битола, Богданци, Боговиње, Центар, Чашка, Делчево, Гази Баба, Гевгелија, Ѓорче Петров, Гостивар, Карпош, Кавадарци, Кисела Вода, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Македонски Брод, Македонска Каменица, Маврово-Ростуше, Новаци, Охрид, Штип, Старо Нагоричане, Струга, Струмица, Свети Николе, Тетово, Велес, Виница, Македонско здружение на млади правници, Акција Здруженска, организации на лица со попреченост и други граѓански организации.

## 4.1. ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ПРИСТАП ДО ПРАВДА И ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ЗА СИТЕ

Во текот на 2021 година, ОН го зајакнаа своето партнерство со државните и недржавните чинители за да се забрзаат реформите на политиките, и правните и институционалните реформи за **унапредување на владеењето на правото, основните права, родовата еднаквост и пристапот до правда и квалитетни услуги за оние на кои им е потребна помош**. ОН ја вложија својата колективна експертиза во поддршка на базирано на докази, предвидливо и инклузивно креирање на политики и долгорочна стратешка визија, во голема мера засновано на докази и системско собирање и анализа на податоци. ОН дополнително помогнаа во градењето силни, ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа, способни да ги унапредуваат и штитат човековите права за сите, особено групите кои се изоставени.

Експертската и техничка поддршка на ОН беше од централно значење во изработката и имплементацијата на националните стратегии и законодавство во согласност со правото на ЕУ и меѓународните стандарди во областа на почитувањето, унапредувањето и заштитата на човековите права, родовата еднаквост, судските реформи, правдата за деца, граѓанското и кривичното право, обесштетувањето на жртвите, управувањето со миграциите, меѓународната заштита, децентрализацијата, антикорупцијата, контролата на оружјето и борбата против организираниот криминал. ОН придонесоа за развој на 21 политика и 98 закони и подзаконски акти, коишто беа усогласени со правото на ЕУ и меѓународните стандарди за човекови права. Многу од овие нови законски иницијативи се во собраниска процедура. Изработени се голем број на правилници, прирачници, упатства и анализи коишто го поттикнуваат нивното спроведување во пракса.

**УНОПС го поддржа Министерството за правда во спроведувањето на конкретните мерки предвидени во Стратегијата за реформи во правосудниот сектор за 2017-2022 година.** Во таа насока, УНОПС обезбеди законска поддршка во изработката на новиот Закон за парнична постапка и измените на Законот за граѓанска одговорност. Техничка помош беше обезбедена на Јавниот обвинител на Северна Македонија во однос на подготовката и усогласувањето на седум подзаконски акти коишто се однесуваат на работењето на обвинителството. Како резултат на поддршката на УНОПС, беа обучени над 200 државни службеници, судии



*Учесници на работилница за вмрежување организирана од НВО Акција Здруженска, партнерска организација на UN Women во рамки на проектот за родово-одговорно буџетирање, 14-16 јулу 2021, Струга. Фотографија: UN Women*

и обвинители преку над 15 обуки за прашања поврзани со ефикасни истраги и испитување, механизам за граѓанска контрола на работата на полицијата и функционирањето на Националниот превентивен механизам во состав на Народниот правобранител, судската пракса на Европскиот суд за човекови права (конкретни значајни случаи), Конвенциите од Хашката конвенција за меѓународно приватно право и Законот за меѓународна соработка во кривичната материја. НПАА 2021-2025 беше усогласена со стратешките приоритети на Владата, секторските стратегии, приоритетите во Програмата за економски реформи и Агендата 2030. Поддршката во областа на комуникациите за СЕП резултираше со зголемена дигитална и медиумска застапеност на СЕП.

Неколку агенции на ОН придонесоа за **сеопфатна проценка на Предлог-законот за родова еднаквост** и се вклучија во развојот на новата Национална стратегија за родова еднаквост. Проценката ги истакнува областите каде што се потребни подобрувања и дава конкретни препораки за групата подготвувачи предводена од МТСП. Соработувајќи тесно со Министерството за правда и граѓанското општество, ОХЦХР, исто така, ги поддржа законските иницијативи кои имаат за цел подобрување на пристапот до правда и владеењето на правото, вклучувајќи го и новиот закон за олеснување на пристапот и искористувањето на обештетувањето за лицата кои доживеале и се жртви на сите форми на

насилни злосторства, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе и родовото насилство, со што се обезбедува усогласеност со меѓународните норми и стандарди.

По усвојувањето на новиот закон против дискриминација, ОН ги зајакнаа капацитетите на новиот механизам за претставки, и комисијата за спречување и заштита од дискриминација да се вклучи во ефикасно унапредување на заштитата од дискриминација по сите основи признаени од меѓународното право. ОН ги поддржаа националните институции за човекови права и граѓанското општество да го зголемат разбирањето за начините на коишто може да се зголеми побарувачката и суштествено да се вклучат во известувањето на државата и да преземаат последователни активности за процесите, како и да се вклучат со меѓународните механизми за човекови права. Во насока на унапредување на пристапот заснован на правата кон попреченоста, **ОХЦХР го поддржа воспоставувањето на национална мониторинг рамка во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост**, која формално започна во април 2021 година, како стратешко партнерство помеѓу Народниот правобранител и 20 организации на лица со разни типови на попреченост и граѓански организации.

Луѓето кои беа изоставени беа оснажени да ги бараат своите права и ефективно да учествуваат и да влијаат врз донесувањето одлуки. Со **поддршката од УНХЦР се зајакна државниот систем за бесплатна правна помош за да започне да функционира за барателите на азил, бегалците и лицата без државјанство**, по што следеше кампања за застапување и конкретни насоки за подобрена имплементација на соодветната легислатива. Заедничките напори на МЗМП, како партнерска граѓанска организација, резултираа во воспоставување на група од 55 адвокати, од кои 40 беа обучени да обезбедат правна помош.

Во 2021 година, на **курсот по бегалско право, кој го водат Правниот факултет во Скопје и УНХЦР, беше забележан најголем број запишани студенти (33), од три студиски циклуси (додипломци, магистри и докторанти)**. Покрај тоа, два основни модули за обука за меѓународна заштита на бегалците беа дизајнирани за Академијата за судии и јавни обвинители и Адвокатската комора на Северна Македонија, за да станат дел од редовната наставна програма за обука на двата субјекти, и истата ќе продолжи да им се нуди на судиите, обвинителите и адвокатите, како и на другите професионалци во правосудниот сектор. УНХЦР го поддржа МТСП во изготвувањето на стандардните оперативни процедури за локална интеграција на бегалците кои, исто така, вклучуваат елементи на мониторинг и евалуација и управување со интеграцијата (концепт на СОП). УНХЦР набави и донираше ИТ опрема за регионалните единици на граничната полиција, што ќе овозможи навремено собирање на податоци и регистрација на мигрантите кои патуваат во мешовитите движења.

Дијалогот и координацијата на УНХЦР со релевантните национални и меѓународни чинители кои работат на превенција и намалување на бездржавјанството се интензивираа, со цел целосно искоренување до 2024 година. Во рамките на месецот на кампањата # IBelong, на националните телевизии беше емитувано видео со цел да се подигне свеста за важноста на ставањето крај на бездржавјанството во земјата. До крајот на 2021 година, околу 33 лица без државјанство добиле помош за стекнување или потврдување на државјанство, додека на околу 512 лица им било обезбедено правно советување. **УНХЦР продолжи со зајакнувањето на сојузите кон наоѓање на системско решение за ставање крај на бездржавјанството,** во партнерство со различни чинители на националните и меѓународните форуми. Меѓу останатото, овие иницијативи вклучуваа јавни дискусии за првиот нацрт на Стратегијата за интеграција на Ромите 2022-2030, имајќи предвид дека поголемиот дел од регистрираните лица без државјанство се Роми, градење на капацитети, подигање на свеста кај децата, како што е проектот „Отворен ден за граѓанско образование", односно на темата „И јас сум дете и имам права – деца без државјанство".

**УНИЦЕФ придонесе за подобрување на системот за правда за децата, преку правни анализи, подготовка на политики и закони.** Анализата на правниот јаз за Владата обезбеди суштински препораки за ревидирањето на Законот за правда за деца во однос на обезбедување алтернативни решенија за притвор, затвор и потреба од воспоставување на модели за ресторативна правда. УНИЦЕФ ги унапреди предлозите за ревидирање на Кривичниот законик за сите членови од законот кои ги засегаат децата, особено децата жртви на насилство. Овие интервенции имаат за цел значително да се унапреди системот за заштита на децата преку подобра превенција, рехабилитација и ресоцијализација на децата, преку интерсекторски и траума-информиран одговор, во согласност со најдобриот интерес на децата. За соодветно спроведување на ревидираната легислатива, подготвена е повеќесекторска наставна програма за обука за сите релевантни професионалци. 25 професионалци ги имаат стекнато потребните вештини за да дејствуваат како обучувачи и понатаму да го шират знаењето.

Паралелно на тоа, **УНИЦЕФ работеше на воспоставување на систем за мониторинг на децата во судир и во контакт со законот**, како и на понатамошно подобрување на пристапот на децата до правда. За таа цел беше изготвен план за градење на капацитетите на Државниот совет за превенција на детско престапништво (ДСПДП) врз основа на процес на самооценување, заедно со првичните консултации со Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и запоставување, ДСПДП и ДЗС. За да се надминат основните општествени бариери што ги спречуваат децата да пристапат до правдата и да ги уживаат своите права во правосудниот систем, беа завршени две истражувања за проценка на знаењето, ставовите и практиките, од коишто ќе произлезат информации за дизајнот на мултимедијална кампања за надминување на основните општествени бариери што ги спречуваат децата да пристапат до правдата, планирана да се спроведе во 2022 година.

**УНОДЦ ги зголеми капацитетите на практичарите во кривичната правда за сузбивање на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти** и да се вклучат во заеднички активности за соработка на регионално, подрегионално, билатерално и мултилатерално ниво, особено во истрагата и гонењето на овие случаи, истовремено заштитувајќи ги правата на жртвите во согласност со меѓународните стандарди. Како резултат на тоа, 40 претставници на национални чинители и експерти од областа на кривичната правда, меѓу кои и од судството, Јавното обвинителство, МВР, МТСП, трудови инспектори, претставници на невладини и меѓународни организации, синдикати, приватни компании и академската заедница ги унапредија своите знаења преку шест мултидисциплинарни работилници кои го опфатија регионот на Југоисточна Европа. Тие се фокусираа на: 1) пристап до ефективни правни лекови за жртвите на трговија со луѓе; 2) постапување со случаи на трговија со луѓе за целите на трудова експлоатација; 3) справување со побарувачката за трговија со луѓе; 4) трговија со деца, особено за целите на присилен криминал; 5) справување со трговијата со луѓе за проституција преку меѓународна соработка; и 6) ефикасно откривање, истраги и кривично




*УНИЦЕФ започна со иницијатива "Reimagine the future" заедно со Кабинетот на Претседателот на Северна Македонија. Фотографијат: УНИЦЕФ*

гонење на случаи на трговија со луѓе и отежнати кривични дела за криумчарење мигранти од и преку Југоисточна Европа, од перспектива на родот и човекови права. УНОДЦ стана официјален член на оперативните тела на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (нејзиниот Секретаријат и Подгрупа за борба против трговија со деца).

**УНОДЦ презеде сеопфатен преглед на постојните системи и практики за собирање и анализа на податоци за запленето и конфискувано огнено оружје**, делови и компоненти на оружје и муниција низ кривичноправниот сектор. Првите два круга на собирање податоци покажаа дека различни агенции, вклучувајќи ги и агенциите за спроведување на законите, царината, обвинителството и судството, имаат различни методологии за собирање податоци, што не дава можност за добивање споредбени статистички и други прегледи на податоците, што е од суштинско значење за да ефикасно се одговори на сите форми на криминал и да се обезбеди заштита на жртвите. Исто така, овозможена е и вклученост и одговори на институциите за кривична правда на глобалниот Прашалник на УНОДЦ за илегален проток на оружје.

## 4.2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЦЕНТРАЛНАТА И ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

ОН систематски ги унапредува капацитетите на државните и недржавните чинители, вклучувајќи ги и владините претставници, централната и локалната администрација, судството, обвинителството, Народниот правобранител, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, ДЗС, другите независни тела, како и граѓанското општество. Националните капацитети се зголемени за усогласување и спроведување на политиките, законите, планирањето и буџетирањето во согласност со стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди, Агендата 2030 и ЦОР, и давање на добри и квалитативни услуги фокусирани на луѓето. Примарниот фокус беше ставен на спроведување на меѓународните стандарди, стекнување на вештини за преговори за пристапување во ЕУ, унапредување на знаењето за методологијата на проширување на ЕУ и процесот на пристапување, приближување со законодавството на ЕУ во повеќе области, вклучувајќи ја и динамиката на населението, политиката за управување со миграцијата, азилот, меѓународната заштита и децентрализацијата.

Во оваа насока, **експертската и техничка поддршка на ИОМ** резултираше со развој на клучни документи за политиките поврзани со управувањето со миграцијата, како што е **Миграциската политика 2021–2025 и нејзиниот Акциски план**, усвоен со Резолуција на Собранието во декември 2021 година. Друга важна одредница беше Профилот на миграции за земјата. Покрај тоа, ИОМ продолжи да ги унапредува знаењата и вештините на Меѓуинституционалната група за интегрирање и институционализирање на партиципативното, иновативно и напредно планирање и развој на политики во управувањето со миграцијата во претстојните години.

Надоврзувајќи се на добрата соработка со Собранието, **UN Women продолжи да се вклучува во конструктивен дијалог со собраниските тела**, вклучувајќи ја и постојаната Комисија за еднакви можности, Парламентарниот институт и Клубот на жени пратенички за законодавни процеси и политики како промотори и двигатели за систематска примена на родово одговорното буџетирање. 30 (пратеници) ги зајакнаа своите знаења и разбирање за родовата проценка на политиките и законите, како и за надзорната улога на Собранието за унапредување на спроведувањето на обврските за родова еднаквост.

**УНОПС го удвои капацитетот за градење поддршка на СЕП и МНР за процесот на пристапување во ЕУ** преку обука и зголемување на постојните надлежности и знаења за процесот на пристапување. Исто така, зајакнати се и техничките капацитети на собраниската Комисија за европски прашања и административниот персонал за поддршка на целокупниот процес на пристапни преговори. Покрај тоа, капацитетите на клучните владини институции беа зголемени за да се започне процесот на преговори и да се идентификуваат областите на кои им е потребно понатамошно подобрување во рамките на целокупниот реформски процес на Владата. Тоа првенствено беше постигнато преку организирање на настани за градење на капацитетите (56 настани и над 670 обучени државни службеници) кои покриваат различни аспекти на процесот на пристапување во ЕУ (владеење на правото, енергија, земјоделство, животна средина, трговија, образование, финансиски услуги, различни политики на ЕУ итн.). УНОПС, исто така, го поддржа развојот на голем број правилници поврзани со ЕУ, прирачници, упатства и анализи кои овозможуваат нивна практична имплементација.

**Како резултат на континуираната поддршка на ОН Жени, во 2021 година е забележан зголемен број на единици на локалната самоуправа со родово одговорно буџетирање и програмирање** во согласност со заложбата на Владата да овозможи услови за поголема родова еднаквост и услуги кои ќе ги зајакнат жените. Во 10 нови општини беа пилотирани иницијативи за родово одговорно креирање политики и буџетирање. Насоченото градење на капацитетите, стратешкото планирање, менторството и размената на искуства со други 21 општина кои веќе се вклучени во буџетирањето и програмирањето, овозможија општинската администрација да го зголеми разбирањето за релевантноста на родовите статистики и индикатори и собирањето на податоци при подготовката на локалните програми. Повеќе од 300 претставници на локалната администрација од 31 општина го подобрија знаењето и вештините за примена на алатките за родово одговорно буџетирање во процесите на локално планирање и буџетирање, со што покажаа зголемена одговорност кон потребите на жените и оние кои се најранливи.

Во обид да се зајакне улогата на **Националната родова машинерија, UN Women ги градеа капацитетите на Секторот за еднакви можности на МТСП да преземе силно водство** во водењето и координирањето на другите владини институции за родово одговорно креирање политики и буџетирање. Во оваа насока, беше формиран Ресурсен центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање, кој ќе служи како центар за знаење. Назначен административен кадар во 15 министерства и 3 државни агенции помина обука и менторски програми поврзани со вклучување на родовите перспективи во секторските програми. Од нив, 13 ресорни министерства и државни институции продолжија да го применуваат родово одговорното буџетирање во своите секторски програмски процеси во согласност со методологијата на Владата за родово одговорно буџетирање.

Искористувајќи ја позитивната реформска динамика во областа на образованието и животната средина, **УНИЦЕФ** ја започна иницијативата **„Преосмисли ја иднината"** заедно со Кабинетот на Претседателот на државата. Првичната фаза од истражувањето допре до голем број млади луѓе со цел да се идентификуваат клучните области од нивен интерес. Врз основа на мислењето и ставовите на над 700 млади луѓе, беа одржани серија длабоки консултации со младите од целата земја на три различни теми: образование, животна средина и климатски промени, и ментално здравје и благосостојба. Препораките кои произлегоа од дискусиите беа инкорпорирани во Стратегија за млади во акција којашто имаше за цел да ги информира креаторите на политиките. Истата е потпишана и поддржана од Претседателот на државата, ветувајќи дека ќе ги поддржи овие повици во нивно име. ОН го поддржаа учеството на Северна Македонија на вториот глобален предизвик Generation Unlimited, и повторно земјата имаше еден од петте глобални финалисти. Тимот на eBionics се натпреваруваше со нивното решение за проширување на пристапот до протетичка нега со Venus Arm, 3Д бионичка рака со отворен код за луѓе без горни екстремитети. Друг значаен успех што беше постигнат е од еден од второпласираните тимови на локалното натпреварување. Работејќи на апликацијата Воки, тимот „Нешто атипично" доби глобално признание како еден од

седумте добитници на „Идеи за акција 2020“ на Светската банка.

**УНДП придонесе за унапредување на децентрализацијата преку зајакнување на капацитетите на општинските советници и меѓуопштинската соработка.** Над 1.300 општински советници имаа корист од платформата за е-знаење, опремена со повеќе од 200 нови референтни материјали. Иновативните модалитети на обезбедување на дигитализирани услуги беа интегрирани во 7 пилот проекти во кои беа вклучени 26 општини во рамките на меѓуопштинската соработка. Исто така, општинската грантова шема овозможи повеќе од 700 граѓани активно да учествуваат во процесот на донесување одлуки за избор на 12 приоритетни проекти на заедницата.

Понатаму, **со поддршка на УНДП, фискалната децентрализација продолжи да се подобрува** врз основа на иновативни и дигитални алатки за наплата и администрирање на локалните даноци и административни такси, проследени со анализа на најдобрите практики и научените лекции. Овие напори им овозможија на 15 општини и два плански региони (во кои учествуваа 19 општини) да имаат корист од Фондот за техничка документација усогласен со ЦОР. Тие добија поддршка за развој, финансирање и имплементација на 53 комплексни технички документации за најприоритетна развиена инфраструктура. Обезбедена е поддршка во анализа, обука и подобрување на регулативата за трансферни цени и размена на информации за даночни цели на Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

**УНИЦЕФ го поддржа МОН да започне реформа на трансферите во општините со коишто се финансираат основните и средните училишта.** Нови формули за финансирање врз основа на бројот на ученици и трошоците за постигнување на образовните стандарди се развиени и инкорпорирани во националниот буџет за 2022 година, зголемувајќи ја ефикасноста, подобрувајќи ја транспарентноста и правичноста на финансирањето и воспоставувајќи механизми кои ќе го унапредат квалитетот на наставата. Исто така, се доделуваат соодветни средства за инклузија на децата со попреченост, како и за настава на јазиците на помалите етнички заедници. Новите формули обезбедуваат доволно финансиски средства за училиштата за соодветно одржување, соодветни инвестиции во опрема и наставни помагала, стручна обука и кариерен развој на училишниот кадар, како и зголемен број на стручни соработници. По прв пат, средствата префрлени на општините за основно образование за 2022 година, беа подготвени врз основа на формула за финансирање којашто е изработена со поддршка од УНИЦЕФ, и тоа вклучува бесплатни оброци за учениците од прво до петто одделение со што дополнително се прошируваат универзалните програми за социјална заштита на децата, како и бесплатни таблети за пристап до дигитални образовни ресурси за ученици од семејства во социјален ризик.

## РЕЗУЛТАТ 4.3. КРЕИРАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНИ ПОЛИТИКИ ЗАСНОВАНИ НА ДОКАЗИ И ОРИЕНТИРАНИ КОН ПОСТИГНУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ

За транспарентни и партиципативни процеси на креирање политики на сите гранки на власт и нивоа на управување, поголем фокус беше ставен на доказите и податоците, како и мерливите цели и индикатори усогласени со ЦУР. **УНДП го ажурираше Индексот на општински развој,** како најсигурен извор на податоци за социо- економскиот развој на општините во земјата. Истиот е усогласен и со Стратегијата за регионален развој 2021-2031 и Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, и обезбедена е и сензитивност на родовите прашања преку подобрување на родовата статистика и собирање на податоци расчленети по пол.

**УНДП поддржа 34 општини за подобрено планирање и имплементација на развојни проекти.** Граѓаните од 55 единици на локалната самоуправа (од вкупно 81 во земјата) имаа корист од иновативните дигитални решенија коишто овозможуваат инклузивно и базирано на докази креирање политики и унапредена испорака на услуги. Паралелно на тоа, 7 општини беа поддржани за подобрување на соработката со граѓанските организации и ангажирање на надворешни даватели на услуги. Над 130 претставници на општинската администрација и општински советници ги зголемија своите знаења за родово одговорно буџетирање, родова статистика и родови индикатори преку обуки организирани од страна на Здружението на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

**УНФПА ја поддржа имплементацијата на комуникациската стратегија на ДЗС за пописот,** коешто имаше позитивно влијание врз процесот на собирање на расчленети квантитативни и квалитативни податоци за време на пописот во 2021 година. Исто така, капацитетите за анализа и известување на ДЗС беа зголемени во однос на индикаторите за ЦОР, особено индикаторот за ЦОР 5.1.1. со вклучување на индикатори поделени по пол, како и дел од групата Вашингтонски прашања за самопроценка на попреченоста при собирањето на податоци. ОН продолжија со обезбедување податоци и аналитички истражувања за социо-економското влијание на КОВИД-19 врз децата, жените, жртвите на насилство и другите ранливи групи.

**UN Women ја поддржаа Владата во транспонирањето на правото на ЕУ за родова еднаквост.** Преку тесна соработка со СЕП, заеднички и структуриран пристап и експертиза се постигна подобрување во вклучувањето на родовата перспектива во интегративните процеси во ЕУ. Обезбедена е конкретна родова експертиза за претпристапниот дијалог со ЕУ, преку интегрирање на родовата перспектива низ 15 стратешки одговори на земјата. Анализите поддржани од ОН Жени за претходните 10 изданија на статистичката публикација „Жените и мажите во Република Македонија/Северна Македонија“, даваат јасен преглед на постигнатиот напредок во преземените мерки за подобрување на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените во периодот 2008-2020 година. Тоа дава препораки за тоа како објавувањето на ДЗС подобро да се усогласи со индикаторот за ЦОР 5.1.1 и индикаторите расчленети по род и пол во повеќе области.

**„Анализата на случаи на фемициди во Северна Македонија 2017-2020 спонзорирана од УНДП,** откри висок број на жени жртви, притоа повикувајќи ги одговорните власти да преземат одлучна акција. Повеќе од 1.000 корисници ја симнаа мобилната апликација „Биди безбедна“. Апликацијата, заедно со кампањите на социјалните мрежи за информирање во руралните средини, ја подобри свеста и пристапот до услугите за РБН. Со оглед на тоа што дигитализацијата обезбедува поширока информираност, направени се напори да се прошири информирањето во руралните средини и на сите демографски групи на жени преку кампања на социјалните мрежи.

**УНИЦЕФ го поддржа процесот на формулирање на Национална стратегија за правда за децата,** предлагајќи сеопфатна и прагматична програма на активности за постепено постигнување на позитивна промена за децата во контакт или судир со законот. За понатамошно зајакнување на капацитетите на Државниот совет за превенција на детско престапништво беше спроведена проценка, во која беа дефинирани областите за професионален развој. Силен акцент беше ставен и на учеството на децата во создавањето решенија за пристап до правдата. 60 деца беа избрани да бидат дел од програмата, со што станаа застапници за правда за децата и младите. УНИЦЕФ го поддржа Ажурирањето на студијата за социјалните и економските ефекти од КОВИД-19 врз децата за 2021 година, каде што се проценува дека релативната детска сиромаштија ќе се зголеми од 27,8% пред пандемијата на 32,4%, со што дополнителни 19.000 деца ќе бидат изложени на ризик. Нарушувањата на социјалната заштита и образовните услуги и намалената побарувачка за здравствени услуги ги изложуваат децата на понатамошен ризик додека трае пандемијата.

**ИОМ, УНХЦР и УНФПА, во тесно партнерство со клучните национални чинители, започнаа нова заедничка програма** која има за цел зајакнување на капацитетите и системите за иновативно и предвидливо управување со миграциите. Заврши мапирањето на клучните национални чинители, а беа спроведени и 8 интервјуа со национални институции, агенции на ОН и невладини организации застапени во Меѓувладиното тело за развој и имплементација на миграциската политика 2021-2025, и истото беше усвоено во декември 2021 година. Во рамките на друга компонента на заедничката програма, која има за цел подобрување на системското собирање и анализа на податоци, беше подготвен концепт којшто обезбедува анализа на дознаките. Оваа анализа обезбедува сознанија и насоки за политиките, како во однос на мерење на миграцијата, така и за пресметување на дознаките. Специфичниот фокус на тековите, обемот, механизмите за трансфер и користењето на дознаките укажува на многу предности во однос на дизајнот на политиката кои можат да обезбедат поцелосно искористување на нивниот економски и социјален потенцијал. Дополнително, работата на приливот на дознаки преку неформални канали резултираше со методологија и инструменти за истражување. За еден месец, 4 видеа од кампањата на социјалните мрежи имаа повеќе од 740.000 прегледи или опфатија 450.000 лица, што е скоро 45 пати повеќе од поставената цел, и кампањата беше прикажана и на националните медиуми низ целата земја.

## 4.4. СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА

Во текот на 2021 година, поголема општествена кохезија и позитивен став на јавноста кон ранливите и исклучените групи се промовираа преку застапување, комуникациски стратегии, конкретни активности и напори за вклучување и интеграција на луѓето кои се најизоставени, вклучувајќи ги и жените, мигрантите, бегалците, барателите на азил, лицата без државјанство и одредени етнички малцинства.

Важна алатка за трансформирање на наративот во општеството е **Стратегијата за комуникација за социјални промени, која беше изработена од страна на УНХЦР** со експерти од Универзитетот во Кентаки. За да се помогне натамошното спроведување на Стратегијата, УНХЦР формираше Советодавно тело кое го сочинуваат претставници од различни сектори на општеството, како и Комуникациски центар, група на комуникатори од сите области со цел градење на меѓусебен капацитет и заедничко дејствување за општествени промени.

Комуникациската стратегија за социјални промени ги идентификува клучните пораки и алатки насочени кон промена на однесувањето и поттикнување на позитивниот став за бегалците и мигрантите како двигатели на развојот. Со спроведување на стратегијата со различни партнери, имено со Институтот за хуманитарно право во Сан Ремо, се овозможи обука на 161 службеници, претставници на граѓанското општество, новинари (61% жени). Кампања за поттикнување на позитивни чувства кон бегалците, мигрантите и лицата без државјанство беше организирана под слоганот „Не мрази – изгради став". **Кампањата, заедно со другите иницијативи како што се Скопскиот џез фестивал, наградата за новинарство, Медиумскиот фестивал Скопје, допреа до 555.173 лица во текот на целата 2021 година.**

**UN Women го засилија застапувањето за зајакнување, учество и еднакви можности на жените, особено на оние најранливите.** Партнерството со 16 општини резултираше со 36 мерки за политики со коишто се обезбедуваат услуги сензитивни на родот, возраста и попреченоста во здравството, социјалната заштита, јавниот превоз, како и за родово базирано насилство. Со поддршка на ОН, над 3.300 жени беа директно вклучени во информирањето и подигнувањето на свеста спроведено од страна на граѓанските организации и организациите на жените и 128 жени ги зајакнаа своите вештини за застапување и лидерство на локално ниво. Овие активности резултираа со 216 мерки на политики, предложени од жените до 13 општини.(https://bit.ly/3f3cVhx) и визуелни прикази на приоритетите на жените доставени до општините (https://bit.ly/3t9yhST) во рамките на кампањата „Биди гласна и јасна".

**Поддршката на УНДП резултираше со дигитални иновативни решенија коишто ја зголемија транспарентноста и отчетноста на локалната власт**. Овие иновативни решенија овозможија поголема искористеност на меѓуопштинската соработка како ефикасен алтернативен механизам за испорака на услуги за време на Ковид-19, и којшто го освои 3-тото место на Глобалниот самит за отворено владино партнерство (ОГП) за влијание врз подобрувањето на животот на луѓето и квалитетот на демократијата. Специјалните медиумски грантови овозможија 140 телевизиски форуми да служат како механизам за директно учество на граѓаните во донесувањето одлуки во општините. Методологијата за локална демократија ја усвоија 4 нови општини. 44 државни службеници беа избрани да земат учество во втората фаза од проектот ReLOaD. Конечно, новодизајнираниот модел на финансирање базирано на проекти од буџетите на локалната власт го поттикна дејствувањето на граѓанското општество, младите и жените на локално ниво.

## 4.5 ПОВРАТ НА ИМОТ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Како одговор на главниот приоритет на Владата за борба против корупцијата и обезбедување на поврат на имотот, **УНОДЦ** го поддржа развојот на клучните документи – **Стратегија за поврат на имот и Патоказ за борба против корупцијата и недозволените финансии, кои го покриваат целиот регион на Западен Балкан.**

УНДП продолжи да дава поддршка за прекуграничната соработка и интегрираниот пристап **во борбата против нелегалното поседување и трговија со мало оружје помеѓу Северна Македонија и Косово**. Посебен софтвер и опрема овозможи Министерството за внатрешни работи да ја подобри размената на податоци во врска со инциденти и настани кои вклучуваат огнено оружје, заедно со специјализиран систем за поддршка на обука на кадарот. 60 полицајци ги зголемија своите вештини за тоа како да собираат, анализираат и рационализираат информации и процеси во двете јурисдикции, што доведе до подобрена размена на податоци, ефикасност на заедничките истражни тимови и заплена на мало и лесно оружје. Беше изработено и емитувано промотивно видео за подигнување на свеста на јавноста.

UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

**northmacedonia.un.org**

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK